Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-
Скопје
Филозофски факултет - Скопје

Институт за социјална работа и социјална
политика

**СТУДИСКА ПРОГРАМА:СОЦИЈАЛНА РАБОТА**

**Магистерски труд:**

# Улогата на младинската работа во подобрувањето на пристапот на младите со помалку можности до социјалните права
# The role of youth work in improvement of the access to social rights for young people with fewer opportunities

**МЕНТОР**
**Проф. д-р Наташа Богоевска**

**КАНДИДАТ**
**Билјана Василевска Трајкоска**

**Скопје 2017**

## Содржина

**Вовед** ..... 5

**За истражувањето** ..... 11

**Дефинирање на проблемот на истражување** ..... 12

**Методолошка рамка на истражувањето** ..... 12

Цели на истражувањето ..... 13

Истражувачки прашања ..... 14

Хипотези на истражувањето ..... 14

Методи и техники на истражувањето ..... 15

**I Социјалните права и младите со помалку можности** ..... 16

**1. Социјалните човекови права** ..... 16

**2. Социјалните права и Европа** ..... 19

**3. Социјалните права во Република Македонија** ..... 26

**4. Пристап на младите со помалку можности до социјалните права** ..... 29

4.1. Пристапот до правото на образование ..... 34

4.2. Пристап до правото на здравствена заштита ..... 36

4.3. Пристапувањето кон правото на пристојна и квалитетна работа ..... 37

4.4. Пристапување до правото на домување ..... 38

4.5. Пристапувањето кон правото на социјална заштита ..... 39

4.6. Пристапување кон правото на заштита од сиромаштија и социјална исклученост ..... 40

4.7. Приказ на препреки елаборирани во аналитичкиот извештај Пристап до социјални права во Европа на Мари Дали ..... 40

**II Улогата на младинска работа во подобрување на пристапот на младите со помалку можности до социјалните права** ..... 49

**1. Поимно определување на младинската работа** ..... 49

**2. Основни задачи и принципи на младинската работа** ..... 52

**3. Видови на младинска работа** ..... 57

**4. Основни активности на младинската работа** ..... 61

**5. Историја на младинската работа** ..... 63

**6. Младинската работа во Македонија** ..... 65

**7. Младинската и социјалната работа** ..... 70

**8. Придонесот на младинската работа за подобрување на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности** ..... 73

**9. Предизвици и слабости на младинската работа** ..... 82

**III Приказ на практики од земјите членки на Советот на Европа, преку кои младинската работа го подобрува пристапот на младите кон нивните социјални права** ......... 86

1. **Enter! - проект на Директоратот за млади на Советот на Европа** ......... 86

1.1. Проект: Од социјално исклучување до можности/From social exclusion to opportunities ......... 90

1.2. Проект: Да создадеме можности за социјална инклузија на младите без родители/ Let's Create Social Inclusion Opportunities for Young Orphans ......... 92

1.3. Проект: Јакнење на капацитетите и соработката на лоланите власти и невладините организации за социјална инклузија и зајакнување на младите од средини со помалку можности во Белорусија/Capacity Building for local authorities (LA) and non-state actors (NSA) cooperation on social inclusion and empowerment of disadvantaged young people in Belarus communities ......... 92

1.4. Проект: Социјалните права – работа која ги засега младите/Social Rights – An Issue for YOUth ......... 95

1.5. Проект: Превенција на ХИВ/СИДА помеѓу младите луѓе во Битола – стекнете повеќе знаења и вештини/HIV/AIDS prevention among young people in Bitola - Get more knowledge and skills ......... 96

1.6. Проект: Подобар пристап на младите Роми кон социјалните права/Better access to social rights and social services for the young Roma people ......... 97

1.7. Проект: Мојата иднина – социјално претприемништво за младинските работници/My future, social enterprise for young people in youth work ......... 98

1.8. Проект: Социјални права за сите/ Social Rights for All ......... 99

1.9. Проект: Насмевката на Megafonen ......... 100

1.10. Проект: Подготовка за живот после отслужување на казна затвор/ Preparation courses for the life after prison ......... 100

1.11. Проект: Влези во играта/"Enter the Game Too" ......... 101

2. **Мрежа за социјални права на млади/Youth Social Rights Network** ......... 102

2.1. Проект: Заедно за социјалните права! Младинските работници и локалните власти промовираат и се вмрежуваат за подобар пристап до социјални права за младите луѓе, реализиран во соработка со Европскиот младински центар во Стразбург на Советот на Европа, Директоратот за млади. ......... 103

2.2. Проект: Обединети за вработување /Employability United! состанок меѓу младите луѓе, младинските организации / младинските работници, локалните власти и претставниците на бизнис секторот, организран во соработка со Европскиот младински центар во Стразбург, Совет на Европа, Директорат на млади ......... 106

2.3. Проект: Потребен е подучувач/In NEET of a coach ......... 108

2.4. Проект: Кино за социјални права/Cinema of social rights ......... 109

**IV Препораки до земјите членки на Советот на Европа за подобрување на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности и младинската работа** ......... 110

**1. Препораки CM / Rec (2015) 3 на Комитетот на министри до земјите-членки за пристапот кон социјалните права на младите од средини со помалку можности** ........ 110

1.1. Анекс кон Препораките CM/Rec(2015)3 ........ 115

**2. Препорака CM / Rec (2017) 4 на Комитетот на министри до земјите-членки** за **младинска работа** ........ 132

2.1 Додаток на Препораката CM / Rec (2017) 4 ........ 137

**Заклучок** ........ 142

**Библиографија** ........ 150

## Вовед

*„Социјалните права се еден од столбовите на кои се гради Европа во последнот век. Сепак и покрај значајниот напредок во оваа област, социјалните права се далеку од гарантирани и практикувани од страна на сите европејци.... А впрочем која е вреднота на правото, ако истото не може да биде практикувано? “*

(Battaini-Dragoni Gabriella, Director General of Social Cohesion, 2002)

Социјалните права играа многу важна улога во европскиот развој и во компаративен контекст ја обележаа Европа како различна од другите светски региони. Европскиот модел на социјални права служи за генерирање и во исто време за зачувување на социјалната кохезија и социјалната солидарност. Сепак, економските и другите случувања го ставаат европскиот модел на социјални права под сериозен притисок. Завршувањето на златното доба на економскиот раст во Европа, тешкотиите за земјите од Централна и Источна Европа во трансформирањето кон пазарни економии и интензивирањето на интернационализацијата во глобалната економија, го променија односот меѓу државите, политиката и пазарите. Растечкото фрагментирано општество, со многу млади луѓе кои се или исклучени од целосно учество во политичкиот и општествениот живот, или се потпираат на јавни услуги, претставува еден од досега најголемите предизвици за социјалната кохезија во Европа. Во оваа клима, прашањата за пристапноста, содржината и одржливоста на социјалните права се во центарот на вниманието.

Комисија за социјални работи, здравство и одржлив развој на Парламентарното собрание на Советот на Европа во 2012 година нагласува: *„Економска нестабилност во Европа ги изложи младите луѓе на големи потешкотии. Невработеноста, ниските работни стапки, социо-економските нееднаквости, сиромаштија и социјалната исклученост, имаат огромно влијание врз младите генерации чија самостојност, добросостојба и пристап до права рапидно еродираат. Како резултат на тоа Европа ризикува не само да произведе „изгубена генерација“ од разочарани млади луѓе, туку и да ја загрози својата политичка стабилност и социјална*

*кохезија, правдата и мирот, како и својата долгорочна компетитивност и изгледите за развој во глобален контекст“*

Во една ваква Европа, каде младите луѓе се сметаат за нејзината иднина, се чини дека денешните општества и не се доволно спремни да одговорат на проблемите и предизвиците со кои тие се соочуваат во своето секојдневие, а посебно да одговорат на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите, особено оние кои живеат во средини со помалку можности погодени од сиромаштија, запуштеност, воени конфликти, насилство и сл. а каде секојдневно се соочуваат со недостаток од економски, културни, социјални и/или други ресурси, што го попречува нивното ефективно осамостојување и активно вклучување и придонесување кон заедницата. Во слична ситуација се и младите кои можеби и не живеат во средини со помалку можности, но кои заради одредени свои карактеристики или ситуациите во кои се наоѓаат, живеат на работ на општеството, кое не е подготвено и нема изградено капацитети да ги прифати или во целост да излезе во пресрет на нивните потреби. И овие млади во текот на својот живот се соочуваат со предизвиците кои произлегуваат од недостатокот на можности и отежнат или пак никаков пристап до одредени инструменти кои би го помогнале нивното одржливо осамостојување (млади корисници на дрога, млади со попречености, млади со ретки и/или тешки болести, млади кои биле со статус на деца без родители или родителска грижа, запоставени млади, млади со воспитно – социјални проблеми и нарушено поведение и сл.)

Недостатокот на можности влијае негативно врз развојот и осамостојувањето на младите. Тоа ги одржува нееднаквостите, социјалната исклученост и дискриминацијата, оставајќи голем дел од младите на периферииите на општеството. Заради таквата состојба младите секојдневно се соочуваат со предизвиците: да се запишат на училиште, да бидат успешни и да напредуват во процесот на образование, истиот да не го напуштат ами да го завршат, да најдат достоинствена работа, да се вработат, кариерно да напредуват, да можат да живеат достоинствен живот во свои домови, да се лекуват, да оздрават и/или да останат здрави, да се интегрираат во општеството во кое живеат, да бидат почитувани и заштитени, да ги развијат своите целокупни потенцијали, да се осамостојат.... Од друга страна, заради сето ова кај нив се појавуваат чувства на страв, срам, ниска самодоверба, депресија,

повлекување.... што дополнително ја усложнува нивната ситуација, постанувајќи не само последица на недостаток на можности, ама и причина за истото.

За справување со ваквите предизвици/бариери кои стојат на патот до нивните социјални права, а заради поголемата ранливост која произлегла од недостатокот на можности, младите со помалку можности имаат потреба од посебни мерки за помош и заштита, како би ги имале истите благодети како и нивните врсници кои не се соочуваат со ограниченост на можностите.

Во таа насока, несомнено голема и значајна е улогата на помагателните професии како: социјалната работа, педагогијата, психологијата, специјалната едукација и рахабилитација и сл. кои се во постојана битка со се побројните и покомплексни предизвици и ситуации кои го попречуваат животот на младите и/или го намалуваат неговиот квалитет. Но, во поновата историја, се повеќе се наметнува и прашањето: ***Дали и како младинската работа го олеснува пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права?***

Придобивките од **младинската работа** се формално признаени и од Советот на Европа и од Европската Унија. Според заклучоците на Европската Унија за придонесот на младинската работа за благосостојбата и социјалното вклучување на младите луѓе: младинската работа го помага личниот и социјалниот развој на младите и истата, подразбира широк спектар на активности со социјална, културна, образовна или политички природа, спроведувани од, со или за млади луѓе. Овие активности вклучуваат дури и уметност и спорт, а и различни услуги за млади. Младинската работа припаѓа на образованието кое се одвива „надвор од училиште", а ги вклучува и активностите за организација на слободното време. Водена е од младински работници (професионални или волонтери) и младински лидери. Таа е организирана на различни начини од страна на организации водени од млади, организации за млади, неформални групи, младински сервиси или пак од јавните власти. Помагајќи го личниот и социјалниот развој на млади, младинската работа придонесува за нивното одржливо осамостојување и зајакнување за справување со секојдневните проблеми и ризици на кои се изложени.

Во Македонија, младинската работа официјално е дефинирана во Националната стратегија за млади 2016 – 2025, како локална младинска работа која претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на

автентичниот развој на младите, со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал. Таа е директно поврзана со развој на локалната заедница, преку која младите не само што стануваат активни субјекти во процесот на сопствениот развој, туку и активни чинители во животот во заедницата.

И покрај бројните придобивки, младинската работа во Македонија се уште не е општествено, правно, формално препознаена како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите и нивното активно учество во заедницата, ниту пак како таква е целосно препознаена од самите младински и невладини организации и мрежи од истите, кои во моментот се единствени спроведувачи на младинска работа. Младинската работа не е формално регулирана, стандардизирана и интегрирана како дел од системот на воспитание, образование и заштита на младите. Нејзината примена во воспитно образованиот систем и типот на младински активности кои се достапни за младите (спорт, обуки, работилници, кампови, размени, воншколски активности, волонтерски активности итн.), во голема мера се потпира на она што е обезбедено од страна на граѓанските организации и истата не е подеднакво достапна за младите во различни региони од земјава.

Сето ова повлекува низа прашања од аспект на неискористеност на потенцијалот на младинската работа за поддршка и унапредување на личниот, социјалниот и професионалниот развој на младите, па се до недостиг на контрола и осигурување на квалитет во нејзината моментална примена.

Токму од тука и потребата да се изготви еден ваков труд, кој преку претставување на улогата која младинската работа ја има во подобрување на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности и прикажување на конкретни примери за тоа како младинската работа го прави тоа, ќе даде поддршка за нејзиното признавање и препознавање како помагателна професија, комплементарна на социјалната работа и педагогијата, професија за која е потребно да постои организиран систем на едукација како би се осигурал квалитет во услугите кои ги пружаат нејзините практичари. Поддршка ќе биде упатена и кон завршување на процесот на стандардизација на младинската работа и нејзиното вклучување во Националната рамка на занимања и квалификации, како и кон отварање на неформално и формално

образовни можности и работни места за висококвалификувани професионални и волонтери младински работници.

Првиот дел од трудот е посветен на приказ на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности. Појдовна основа во појаснувањето на социјалните права се податоците до кои доведе теренското истражување и анализата на содржина и податоците од аналитичкиот извештај Пристап до социјални прваа во Европа, кој за потребите на Советот на Европа во 2002 го изработи од Мари Дали, унверзитетски професор од Белфаст, како едно сеопфатно дело кое ги систематизира сите сознанија кои се однесуваат на препреките кои го отежнуваат пристапот кон социјалните права. Нудејќи сеопфатна класификација на пречките кои го отежнуваат пристапот кон социјалните права во Европа, делото на Дали е и инспиративна основа за анализа на улогата на младинската работа во надминување на тие пречки кај младите со помалку можности.

Во овај дел, трудот поаѓа од дефинирање на социјалните права, прикажување на Европскиот социјален модел и ситуацијата со социјалните права во Република Македонија, како и анализа на пречките кои го отежнуваат пристапот до истите во Европа, онака како што се опишани во споменатиот извештај на М. Дали. Во истиот појаснето е и значењето на терминот: млади со помалку можности во европски контекст, заради избегнување на било какво недоразбирање или обид за стигматизација или маргинализација на овие млади и заради нагласување на потребата од специфични системски и систематски заложби во надминување на предизвиците со кои се соочува овај дел од младата популација во текот на својот живот.

Вториот дел од трудот има за задача да придонесе кон разбирање на значењето кое младинската работа го има во подобрување на животите на младите луѓе, со посебен акцент на нејзиниот придонес за подобрување на пристапот кон социјалните права на младите со помалку можности. Истиот дава појаснување на младинската работа, нејзиното значење, видовите и активностите како и историја и состојбата со младинската работа во Европа и во Република Македонија и вклучува податоци кои ја откриваат улогата на младинската работа во подобрување на пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права, предностите и слабостите на младинската работа и предизвиците со кои таа се соочува во сферата на

истражувачкиот интерес. Преку податоците од истражувањата на мрежата на организации: Сојуз за младинска работа, овај дел открива дека поголемиот дел од граѓанските организации во Македонија немаат доволно капацитети и одржливи практики кои помагаат во изнаоѓање на начини за надминување на предизвиците кои на младите со помалку можности им го отежнуваат пристапот до социјалните права, па ја констатира и потребата од постоење на организиран систем на (до)едукација, поддршка, следење, и контрола на праксата на младинската работа со млади со помалку можности во Македонија, заради зголемување на квалитетот во нејзината примена.

Во третиот дел од трудот, читателите ќе имаат можност да се запознаат и со конкретни практики, кои беа и се уште се спроведувани од младински работници како дел од Enter! проектот на Советот на Европа (2009 – 2017), проектите на интернационалната мрежа за социјални права на млади (Youth Social Rigths Network), Европскиот младински форум (European Youth Forum) како најголемо претставничко тело на младите на европско ниво, како и останати интернационални и национални организации. Овие практики конретно го доловуваат начинот на кој младинската работа влијае врз подобрување на прстапот до социјалните права и придонесуваат за надминување на пречките кои ги спречуваат младите со помалку можности да уживаат во истите.

Последниот дел е посветен на прикажување и изразување на поддршка за спроведување на препораките на Советот на Европа за подобрување на пристапот до социјалните права на младите од средини со помалку можности, усвоени од од Комитетот на министри на Светот на Европа, на 1217-тата средба на замениците министри, 21 јануари 2015 година како и Препораката CM / Rec (2017) 4 на Комитетот на министри до земјите-членки за младинска работа усвоена од Комитетот на министри на 31 мај 2017 година, на 1287-тиот состанок на замениците министри) како релевантни и значајни, а воедно и инспиративни за истражувачкиот фокус но и како формален израз на поддршка за препознавање и афирмација на младинската работа.

## За истражувањето

Поаѓајќи од препреките /предизвиците во пристапот до социјалните права, па преку нивно поврзување со ситуацијата во која се наоѓаат младите со помалку можности, мапирање, опишување и анализа на активностите на младинската работа, нејзините предности, слабости но и препреките во работа со млади со помалку можности кон подобрување на пристапот до нивните социјални права како и нејзиниот однос со социјалната работа, трудов кој е пред вас, има за цел даде одговор на прашањаето *Дали и како младинската работа го олеснува пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права?* обидувајќи се во исто време да одговори и на прашањата: кои се предностите, слабостите и препреките со кои се соочува младинската работа во обидите да го подобри пристапот на младите со помалку можности кон нивните социјални права? Каков е односот меѓу младинската и социјалната работа со млади со помалку можности насочена кон подобрување на пристапот на овие млади до нивните социјални права? Дали граѓанските организации во Македонија, кои во моментот се единствени спроведувачи на младинска работа, имаат капацитети (човечки, финансиски, инфраструктура, опрема) за работа со млади со помалку можности, насочена кон подобрување на пристапот на овие млади до нивните социјални права? Како постоење на организиран систем на (до)едукација, поддршка, следење, и контрола на праксата на младинската работа со млади со помалку можности во Македонија ќе го зголеми квалитетот во нејзината примена.

Преку ова, трудот настојува да ги поддржи и олесне националните напори за самопризнавање, општествено, правно и формално признавање на младинската работа, како една од клучните алатки за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите, комплементарна на социјалната работа со млади, педагогијата, специјалната едукација и рехабилитација и останатите помагателни професии, како и да ги поддржи и олесни заложбите за подигнување на нејзиниот квалитет и зголемување на одговорноста на кадрите кои практикуваат и сакаат професионално и/или волонтерски да практикуваат младинска работа. Од друга страна пак, трудот нуди практичен приказ на можни решенија за некои постоечки проблеми околу пристапот до социјалните права на младите со помалку можности.

Истиот, меѓудругото отвора ново и на терторија на Македонија до сега научно недоволно истражено (или неистражено) подрачје па може да послужи како инспирација за младинските работници и сродните професии во изработка на научен капитал кој ќе ја расветлува младинската работа и ќе придонесува за нејзиниа афирмација. Трудот своевремено претставува и добра основа за аргументација на формално препознавање и регулирање на примената и понудата на младинската работа, како интегрален дел на воспитно образованиот систем на земјата, со што ќе се овозможи простор за осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа на територијата на секоја општина како и повисока одговорност на самите младински работници и организации.

## Дефинирање на проблемот на истражување

Истражувачкиот фокус е насочен кон утврдување на улогата на младинската работа во подобрување на пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права, односно одговарање на прашањето: *Дали и како младинската работа го олеснува пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права?*

## Методолошка рамка на истражувањето

Методолошкиот пристап во истражувањето е квалитативен. Заложбите се, да во најголем дел преку примена на анализа на содржина, доведе до клучните сознанија заради кои се спроведува истражувањето. Во таа насока, истражувањето може да се окарактеризира и како базично, бидејќи има за цел да даде одговор на теоретското прашање за улогата на младинската работа во пристапувањето на младите со помалку можности кон социјалните права. Во исто време, заради добивање на релевантни емпириски сознанија, се спроведе и теренско истражување, со што истражувањето доби карактер и на применето, бидејќи преку мапирање на практиките од младинската работа, предностите и слабостите во нивната примена, се обиде да даде практичен приказ на можните решенија за некои постоечки проблеми околу пристапот на младите со помалку можности до социјалните права.

## Цели на истражувањето

Основна цел на истражувањето е да ја утврди улогата на младинската работа во олеснувањето на пристапот на младите со помалку можности кон нивните социјалните права.

Посебни цели на истражувањето се:

- да мапира и да даде приказ на практики од Европа и Македонија, преку кои младинската работа го подобрува пристапот на младите кон нивните социјални права;
- да ги идентификува и дефинира предностите, слабостите, одржливоста и препреките во практиките на младинската работа со млади со помалку можности кон подобрување на пристапот до нивните социјални права;
- да го истражи односот меѓу младинската и социјалната работа со млади со помалку можности насочена кон подобрување на пристапот на овие млади до нивните социјални права;
- да истражи дали граѓанските организации во Македонија, кои во моментот се единствени спроведувачи на младинска работа, имаат капацитети (човечки, финансиски, инфраструктура, опрема) за работа со млади со помалку можности, насочена кон подобрување на нивниот пристап до социјалните права;
- да ја рефлектира потребата од постоење на организиран систем на (до)едукација, поддршка, следење, и контрола на праксата на младинската работа со млади со помалку можности во Македонија, со што ќе се зголемат шансите за осигурување на квалитет во нејзината примена;
- да даде препораки за признавање и унапредување на квалитетот и употребата на младинската работа во Македонија за подобрување на пристапот кон социјалните права на млади со помалку можности;
- да даде поддршка за умножување на позитивните практики на младинската работа со млади со помалку можности за подобрување на пристапот кон нивните социјални права;
- да ја поддржи заложбата на државата за признавање и препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите, како што е наведено и во самата Национална стратегија за млади на Република Македонија 2016 - 2025.

## Истражувачки прашања

Согласно целите, централниот истражувачки фокус е насочен кон одговарање на прашањето:

Дали и како младинската работа го олеснува пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права?

Во исто време, трудот ќе даде одговор и на следните прашања:

- Кои се предностите, слабостите и препреките со кои се соочува младинската работа во обидите да го подобри пристапот на младите со помалку можности кон нивните социјални права?
- Каков е односот меѓу младинската и социјалната работа со млади со помалку можности насочена кон подобрување на пристапот на овие млади до нивните социјални права?
- Дали граѓанските организации во Македонија, кои во моментот се единствени спроведувачи на младинска работа, имаат капацитети (човечки, финансиски, инфраструктура, опрема) за одржлива работа со млади со млади со помалку можности насочена кон подобрување на нивниот пристап до социјалните права?
- Како постоење на организиран систем на (до)едукација, поддршка, следење, и контрола на праксата на младинската работа со млади со помалку можности во Македонија ќе го зголеми квалитетот и зачестеноста на нејзината примена?

## Хипотези на истражувањето

Основна хипотеза на истражувањето: Преку примена на младинската работа се зголемува пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права.

Посебните истражувачки хипотези се:

- преку процесот на континуирана промоција и правна регулатива на младинската работа се зголемуваат напорите за признавање и препознавање на младинската работа како посебна професија;
- квалитетот на младинската работа, во контекст на овозможување на олеснет пристап на младите со помалку можности кон социјалните права,

зависи од капацитетите на сите релевантните чинители активни на полето на младинските прашања.

## Методи и техники на истражувањето

За подготовка на трудот се спроведе деск топ истражување, преку примена на анализа на содржина. Како главен извор на податоци во истражувањето користена е соодветна научна и стручна литература, правни и политички документи, извештаи на меѓународни и домашни организации, извештаи на младински и невладини организации кои спроведуваат активности со и за млади, достапни на средствата за масов ̵а комуникација (интернет).

За остварување на целите на истражувањето и добивање на соодветни сознанија се спроведе и теренско истражување преку следење и набљудување на работата на младинските организации во Европа и Македонија, отворено лице в лице и skype интервју и лице в лице и skype фокус групи со:

- претставници на домашни и странски младински организации кои се директно се вклучени во младинска работа поврзана со социјалните права на млади со помалку можности;
- младински и социјални работници;
- претставници на институциите активни на полето на младински прашања како: Младинскиот оддел на Советот на Европа, Партнерството за млади меѓу советот на Еропа и Европската Унија, Агенција за млади и спорт Македонија;
- професори и студенти од институти за социјална работа и политика и професори и студенти од факултети за младинска работа од Европа;
- млади луѓе со помалку можности корисници на услугите на младинска работа вклучени во проекти на спроведувачи на младинска работа.

Со цел прибирање на податоци, беа подготвени полуструктурирани прашалници врз основа на кои се спроведоа интервјуата, како и чек листи за дискусии во фокус групите.

# I Социјалните права и младите со помалку можности

## 1. Социјалните човекови права

Социјалните права се верува дека се еден од столбовите на кои е изградена Европа. Тие ја даваат вистинската, реална слика за економската и политичката стабилност на една држава и гарантираат почитување на основното достоинство на поединецот. Сепак, во моментов не постои универзална, лесно достапна, прецизна и јасна дефиниција за тоа што и кои се социјалните права иако истите се предмет на заштита на национални и регионални устави и фундаментални закони и интернационални правни документи.

Советот на Европа, како мрежна организација од 47 земји од кои 28 се дел од Европската унија и како водечка организација во сферата на човековите права која: развива стандарди; постојано ја следи состојбата и активно соработува со земјите членки заради подобрување на пристапот до и заштитата на човековите права, демократијата и владеењето на правото, нагласува дека социјалните права се човекови права и ги имаат сите нивни карактеристики. За Советот на Европа тие се морални, законски и општествени правила и разбирања кои ротираат околу прашањето: *„Што е потрабно за луѓето да ги задоволат своите социјални, основни потреби за живот?*" Ваквите права громогласно ја промовираат социјалната инклузија и социјалната солидарност и се засновани на идеите за еднаквост и гарантиран праведен пристап до основните социјални и економски добра, услуги и можности. Согласност но ова, Советот на Европа посочува дека социјалните права се одредби, изразени во законска или друга форма, кои се неопходни за задоволување на социјалните потреби на луѓето и за промоција на социјална кохезија и солидарност.

H.-J. Wipfelder смета дека социјалните права се права на поединечен граѓанин, кои може да се остварат само во неговиот однос со други луѓе. Тие му припаѓаат на човекот како член на одредена група и можат да станат ефективни само ако државата дејствува за заштита на животната средина на поединецот. [1]

Кога зборуваме за човековите права, ќе се согласиме дека постои тенденција да се зборува за две категории на права: граѓански и политички

---

[1] H.-J. Wipfelder, Die verfassungsrechtliche Kodifizierung sozialer Grundrechte, Zeitschrift für Rechtspolitik 1986, p.140.

права од една страна и економски и социјални права од друга. Ваквата разликата се појави во контекст на продлабочувањето на тензиите на студената војна меѓу Истокот и Западот. Пазарните економии на Западот имааа тенденција да стават поголем акцент врз граѓанските и политичките права, додека централно планираните економии на Источниот блок ја истакнаа важноста на економските, социјалните и културните права. Постојат бројни критериуми за оваа диференцијација и истите се смета дека до некаде може да помогнат во разбирањето и дефинирање на социјалните права. Според централниот критериум за диференцијација на правата, а кој се однесува на улогата на државата, како социјални се сметаат оние права кои во својата природа подразбираат активна (дури и интервенционалистичка) држава (позитивни права) за разлика од граѓанските и политичките права кои претспоставуваат слобода од мешање на државата (негативни права). Поаѓајќи од ова може да се каже дека економските, социјалните и културните права се права кои претпоставуваат и бараат високи нивоа на инвестиции, додека граѓанските и политичките права едноставно бараат државата да се воздржи од мешање во индивидуалните слободи. Покрај ова, во обид да се направи разлика меѓу различни категории на права, се нагласува и дека граѓанските и политичките права се „апсолутни" и „непосредни", додека пак социјалните права се програмски и права кои се реализираат постепено (Eide 1995a: 22). Ако го земеме ова како појдовна основа за дефинирање на правата, тогаш за социјалните права може да се рече дека се оние права кои заради својата природа и потребата од сериозни интервенции од државата, бараат програмска и постепена реализација.

Диференцијацијата на правата, покрај тоа што може да го помогне појаснувањето за тоа кои права се социјални, доведе и до преговори и усвојување на два одделни но комплементари меѓународни Пакта на Обединетите нации: еден за граѓански и политички права, а друг за економски, социјални и културни права, како и два паралелни комплементарни инструменти на Советот на Европа кои гарантираат различни категории на права: Европската конвенција за човекови права, која ги гарантира граѓанските и политичките човекови права и Европската социјална повелба (1961) и Ревидираната европска социјална повелба (1966), која претставува суштинско дополнение на Европската конвенција за човекови права, а ги гарантира

економските и социјалните права. Овие се воедно и фундаменталните документи во кои социјалните права се интернационало препознаени, гарантирани и во кои се предвидуваат соодветни механизам за заштита.

Денес, се повеќе се чини дека многу од претпоставените разлики меѓу правата кои произлегуват од улогата на државата или итноста, моменталноста на заложбите кои ги бараат за нивно остварување и задоволување, се преценети и повеќе од очигледно е дека еволуцијата на правата е во насока на поголема интеграција помеѓу граѓанските/политичките права од една страна и економските/социјалните права (Еиде 1995а), како и кон поголемо нагласување на комплементарноста меѓу различните категории на права.

М. Дали во својата анализа „Пристап до социјалните права во Европа", посочува дека иако на прв поглед се чини дека токму заради потребата од активна улога на државата социјалните права може да се разликува од класичните граѓански права и слободи, сепак мора да се истакне дека и тука постои значително преклопување. Дали констатира дека е точно тоа дека многу економски, социјални и културни права понекогаш бараат високо ниво на инвестиции, финансиски и човечки, за да се обезбеди нивно целосно уживање, меѓутоа нагласува и дека економските, социјалните и културните права, исто така бараат од државата да се воздржи од мешање во индивидуалните слободи (на пример, синдикалните слободи или правото на избор на тоа која работа ќе се работи), а од друга страна пак и граѓанските и политичките права иако содржат индивидуални слободи, исто така, бараат инвестиции за нивно целосно остварување (на пример: граѓанските и политичките права бараат инфраструктура како што е функционирањето на судскиот систем, затвори што ги почитуваат минималните услови за живот на затворениците, правна помош, слободни и фер избори и така натаму). Во реалноста, уживањето на сите човекови права е меѓусебно поврзано. На пример, честопати е потешко за поединци кои не можат да читаат и пишуваат да најдат работа, да учествуваат во политичка активност или да ја користат својата слобода на изразување. Слично на тоа, помала е веројатноста да се појави глад таму каде што поединците можат да ги остваруваат своите политички права, како што е на пример правото на глас. Следствено на ова, Дали заклучува дека, кога внимателно се разгледуваат правата, категориите на права како што се „граѓански и политички права" или „економски, социјални и културни права"

немаат смисла. Поради ова, оваа строга поделба на правата се повеќе се напушта и во последниве децении договорите за човекови права, како што се Конвенцијата за правата на детето или Конвенцијата за правата на лицата со попреченост како и неодамнешната Повелба за фундаментални права на Европската унија ги интегрираат сите права. [2]

Имајќи го предвид претходно изложеното, во рамките на овај труд како социјални права ќе се подразбираат правата кои се загарантирани во Европската социјална повелба, во нејзината оргинална и ревидирана верзија и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, како еден од клучните договори на Организацијата на обединетите нации усвоен од ООН во 1966, истовремено согласувајќи се со ставот изразен во Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права дека овие права произлегуваат од достоинството кое е неотуѓиво од човековата личност, како и со констатацијата во Универзалната декларација за правата на човекот дека идеалот на слободното човечко суштество, ослободено од страв и беда, може да се постигне само ако се создадат услови што овозможуваат секој да ги ужива сите свои права кои ги подразбираат не само граѓанските, политичките ами и економските, социјалните и културните права.

## 2. Социјалните права и Европа

Served М. Дали, силното наследство на социјалните права е составен дел на европскиот социјален модел. Како што се развиле европските општества, воведувањето на социјалните права се сметало за тесно поврзано со граѓанството и напредокот. Јавните власти се согласија да обезбедат минимален сет на права на сите граѓани, без оглед на нивната позиција на пазарот. Социјалните програми служеа не само за подобрување на благосостојбата на поединците туку и за градење на политичка заедница и чувство на колективен идентитет. Оттука, постепеното проширување на социјалните права се смета дел од проектот за градење на национална држава во Европа.

М. Дали забележува дека во Европа има два основни столба на социјални права. Првиот е на национално ниво, каде социјалниот развој беше дефиниран

[2] M.Dali, Access to social rights in Europe, 2002

и предизвикан од растот на социјалната држава. Без оглед дали загарантиран во националниот устав или со социјални одредби, основен сет на социјални и економски права беше поставен пред и по Втората светска војна за да влијае врз распределбата на моќта, учеството, приходите и подобрување на животните можности. Иако постојат многу варијации, социјалните права вообичаено се поставени од три различни столба на политика. Во прв степен, социјалните права се отелотворени во збир на програми за социјално осигурување и оданочување, дизајнирани заради безбедноста на приходите, редистрибуцијата на приходите и намалувањето на сиромаштијата. Главни тука се минималните примања, пензиите, бенефициите за невработеност, породилно и семејно обезбедување, кои во различни степени ги финансираат работодавачите, вработените и јавните власти. Вториот типичен столб на националната архитектура на социјалните права се состои од мрежа на социјални услуги. Додека здравјето, образованието и домувањето се фундаментални, повеќето европски земји, исто така, обезбедуваат збир на социјални услуги дизајнирани за подобрување на квалитетот на животот. Овие јавни услуги имаат дополнителна функција да даваат вработување на оние кои работат во нив. Тие, исто така, служеа во минатото за да извршат јавна сопственост и контрола на фундаменталните услуги, но промените во финансирањето и организацијата на услугите во последните децении ја замаглиле разликата помеѓу „јавното" и „приватното". Конечно, регулативата во врска со пазарот на трудот е уште еден важен столб што се однесува на социјалните права, кој дава и заштитува одредени права поврзани со вработувањето. Овде, постои двоен акцент на вршењето контрола врз условите за работа и на мерките за активирање на учеството на поединците во вработувањето.

Вториот камен-темелник на социјалните права Дали го поставува на меѓународно ниво, каде што сет на норми и правни инструменти, како што е отелотворено во резолуциите и препораките на Советот на Европа, Обединетите нации, а подоцна и Европската унија, служат за воспоставување меѓународни стандарди и процедури за социјални права и социјална кохезија. Дали наведува дека Советот на Европа и историски, а и денес, се смета за особено значаен во промовирањето на социјалниот развој и во работата за воспоставување политичка, економска и социјална клима поволна за социјална кохезија во Европа. Со отворањето на Европската социјална повелба за потпишување во 1961

година и нејзиното стапување во сила во 1965 година, Советот на Европа го предводеше патот кон воспоставување на сеопфатен кодекс на економски и социјални права. Повелбата содржи деветнаесет материјални членови, првите десет се однесуваат првенствено на прашања поврзани со вработувањето, пазарот на трудот и индустриските односи, а остатокот се занимаваат со останатите социјални права. Некои од правата наведени во Повелбата се сметаат за „јадро"[3], а договорните страни мора да прифатат одреден број од нив. Секоја земја потписничка секоја година поднесува извештај по однос на имплементирање на ратификуваните членови од Повелбата. Тоа значи дека земјите со ратификување на Повелбата се задолжени да прифатат минимум на членови, но не и сите. Европскиот Комитет за социјални права на Советот на Европа утврдува дали земјите потписнички ги испочитувале и примениле правата од ратификуваните членови од Повелбата. Неговите одлуки, познати како „заклучоци" се објавуваат секоја година. Доколку земјата не превземе активности кон одлуката ˍа Комитетот за да се спроведе, Комитетот на министри упатува препорака до таа држава во која се бара да се промени состојбата во законодавството и/или во праксата. Со воведувањето механизам за колективни жалби, кој стапи во сила во 1998 година, според Фицпатрик (2001), револуционизираа процедурите за спроведување на Европската социјална повелба. Овај менханизам дозволува Европската конфедерација на синдикати, на европско ниво (и ако државите што се ратификуваат се согласуваат на национално ниво), здруженија на граѓани и националните конфедерации на синдикатите да поднесуваат жалби директно до Европскиот комитет за социјални права.

За правото на вработување (право на работа) може да се каже дека е централен дел од Повелбата во која околу половина од правата се однесуваат или произлегуваат од платена работа. Меѓу таквите права се и правото да заработат за живот преку слободно избрана професија, како и правото на праведни, безбедни и здрави услови на работа, за правичен надомест и социјална заштита. На работниците им се доделуваат и политички права, како што се слободата на здружување во потрага по заштита на нивните економски и социјални интереси

[3] Ова се правото на работа, правото на организирање, правото на колективно преговарање, правото на социјална сигурност, правото на социјална и медицинска помош, правото на семејството на социјална, правна и економска одредба, правото на на заштита и помош работниците мигранти и нивните семејства.

и правото на колективно преговарање. Европската социјална повелба, исто така, содржи група на права околу професионалниот развој, вклучувајќи го и правото на стручно оспособување и стручна обука.

Помеѓу поопштите воспоставени права се правото на здравствена заштита, правото на социјална сигурност, правото на социјална и медицинска помош и на услугите за социјална заштита. Покрај работниците, голем број специфични групи се издвоени за заштита. Тие вклучуваат луѓе со посебни потреби, мајки, деца и работници мигранти и нивните семејства.

Заштитата на социјалните права на работниците мигранти и нивните семејства е приоритет на Советот на Европа. Европската конвенција за правен статус на работниците мигранти (1977) го регулира, од една страна, правниот статус на работниците мигранти со цел да се обезбеди дека тие не се третираат полошо од работниците кои се државјани на земјата домаќин во сите аспекти на животните и работните услови, а од друга страна, социјалниот напредок на работниците мигранти и на нивните семејства. Конвенцијата повикува на еднаков третман на работниците мигранти со националните работници, меѓу другото, во следните области: домување, образование, социјална сигурност, социјална и медицинска помош. Другите одредби повикуваат на еднаков третман што се однесува до стручната обука, употребата на службите за вработување и работните услови. Целта на правните инструменти на Советот на Европа во областа на координација на социјалната сигурност, особено Европската конвенција за социјална сигурност (1972), е да го олесни пристапот на работниците мигранти и членовите на нивните семејства кон социјална безбедност. Овие инструменти вклучуваат елиминирање на дискриминаторските одредби врз основа на националноста преку примена на принципот на еднаквост на третманот и неутрализација на ограничувањата врз основа на територијалниот опсег на законодавството. Покрај тоа, Европската конвенција за социјална и медицинска помош (1953) има за цел да обезбеди одреден степен на реципроцитет на права (при што државјаните на договорните страни кои се законски присутни на територијата на друга договорна страна и кои немаат доволно ресурси, имаат право на социјална и медицинска помош на иста основа како и државјаните).

Во 1996 година, ревидираната Европска социјална повелба беше отворена за потпишување и стапи во сила во 1999 година. Ова ги обединува во еден

инструмент правата содржани во оригиналната социјална повелба, како што е изменета, со правата наведени во Дополнителниот протокол од 1988[4], како и серија на нови права. Ревидираната Повелба имаше за цел да го земе предвид и да го одрази менувањето на социјалните услови и вредности. Таа е поткрепена со принципот на неделивост на сите човекови права и ја повторува важноста на недискриминацијата како основен принцип, нагласувајќи дека уживањето на правата треба да се обезбеди без дискриминација по било која основа, како што се расно потекло, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, здравствена состојба, припадност кон национално малцинство, или друг статус.

И во ревидираната Повелба повторно се истакнуваат правата поврзани со вработувањето. Покрај правата содржани во Дополнителниот протокол од 1988 година, тие вклучуваат: право на заштита во случај на престанок на работен однос, право на достоинство при работа. Претставниците на работниците исто така добиваат заштита од дејства што им штетат и право да им се дадат соодветни услови за извршување на нивните функции. Освен овие права засновани на вработување, ревидираната Европска социјална повелба исто така ги потврдува правата на старите лица на социјална заштита и правото на работниците или потенцијалните работници со семејни обврски да се вклучат во вработување без да бидат предмет на дискриминација и колку што е можно без конфликт меѓу нивното вработување и семејните обврски.

Со ревидираната Повелба се додаваат две нови социјални права: правото на заштита од сиромаштија и социјална исклученост и правото на пристојно домување по разумна цена. Одразувајќи го менувањето на природата на ризикот во општеството, тие се значајни во проширувањето на опсегот на Повелбата и во унапредувањето на нејзината улога како меѓународен стандард во однос на социјалните права.

Повелбата, поставува институционална и правна рамка и има за цел да поставува стандарди и да промовира одредени практики и вредности (како што се консултации и во случај на услуги за социјална заштита, учество на поединци

---

[4] Ова го наведува следново: право на еднакви можности и еднаков третман во прашањата за вработување и занимање без дискриминација врз основа на пол, право на информации и консултации, право да учествуваат во утврдувањето и подобрувањето на работните услови и работните услови животната средина и правото на стари лица на социјална заштита.

и доброволни или други организации). Токму тоа е и друг значаен аспект на пристапот на Европската социјална повелба. Истата не е само тоа што ги гарантира фундаменталните социјални права, туку и со текот на времето овозможува подобрување на стандардите. Процесот на ревизија функционира, при што од владите се бара периодично да проверуваат кои нови обврски би можеле да ги прифатат. Затоа, неприфаќањето на одредбите се смета за привремено. Со други зборови, нагласена е динамиката наместо статичната природа на правата. Покрај тоа, Повелбата не се базира на единствен модел, туку на заеднички вредности. Принципот на хармониско движење кон заеднички сет на стандарди преовладува над униформноста.

Социјалните права се развиени и гарантирани и во други документи од кои како најзначаен ќе го наведеме Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права на ОН кој стапи во сила во 1976 година, откако беше усвоен и отворен за потпишување десет години претходно. Некои од правата содржани во овој инструмент се преклопуваат со оние во Европската социјална повелба, особено случајот со правата поврзани со вработувањето. Овој Пакт, содржи и одредби кои се однесуваат на еднакви права на жените и мажите за користење на сите економски, социјални и културни права, праведни и погодни услови за работа, слобода на здружување и синдикални права, социјално осигурување, заштита и помош на семејството, соодветен животен стандард, највисок достапен стандард и здравје, образование, учество во културниот живот, напредокот на науката, права на интелектуална сопственост. Факултативниот протокол на меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права стапи на сила на 5 мај 2013 година, три месеци по депонирањето на десеттиот инструмент за ратификација од страна на Уругвај на 5 февруари 2013 година. Тешко би можело да се оспори дека неговото стапување на сила е голем напредок за меѓународното право за човековите права. На денот на неговото стапување на сила, Високата комесарка за човекови права на Обединетите нации, Нави Пилеј, изјави дека на дневна основа се случуваат сериозни прекршувања на економските, социјалните и културните права кои често поминуваат незабележани, иако такви прекршувања на граѓанските и политичките права би биле веднаш осудени. Овој протокол ќе помогне да се исправи ваквиот дисбаланс. Со овој факултативен протокол, Комитетот за економски, социјални и културни права добива мандат да: прима комуникации

од поедници или од групи и да ги разгледува истите, да разгледува меѓудржавни комуникации, да спроведува истраги и да бара меѓународна помош и соработка. Меѓутоа, за да се користи ова право, потребно е да бидат исцрпени сите домашни правни лекови за да може да се поднесе жалба.

Воведувањето на Повелбата за основните права на Европската унија во 2000 година (Совет на Европската унија 2000) продонесе за значаен развој во областа на социјалните права во Европа. Сите правата и принципите се наоѓаат еден до друг во еден документ кој ги поставува правата и принципите кои мора да ги почитуваат Европската унија и нејзините земји-членки при примената на правото на Заедницата. Унијата ги унапредува шест основни вредности: достоинството, слободата, еднаквоста, солидарноста, правата на граѓаните и правдата. Правата дадени во Повелбата за основните права се тесно поврзани со овие принципи и, според мислењето на Советот на Европската унија (2001а), може да се групираат во четири основни категории:

- права и слободи и процедурални гаранции: во прашање се граѓанските и политичките права, како што се принципите на еднаквост и почитување на приватниот живот и права што произлегуваат од јавните слободи како што се слободата на печатот, слободата на совеста и слободата на собирање и здружување;
- права резервирани за граѓаните на Европската унија: овие права, кои се кодирани во Договорот за основање на Европската заедница, вклучуваат изборни права, заедничка дипломатска заштита, како и правото да се обрати до Европскиот парламент и да се упатуваат случаи до Европскиот омбудсман;
- економски и социјални права: тие вклучуваат одредби за трудовото право, како што се правото да се приклучат на синдикатот, штрајкот и минималната плата. Исто така се опфатени и други права, како што се лицата со попреченост во професионалната интеграција, правата на децата и старите лица и одредбите од социјалното право, како што се социјалната заштита или правото на здравствена заштита;
- модерни права: тие вклучуваат права како заштита на лични податоци или права поврзани со биоетика. Повелбата, исто така, бара поголема транспарентност и непристрасност во институциите на Заедницата со

вклучување на правото на пристап до административните документи и правото на добра администрација.

Може да се каже дека социјалните права веќе десетина години се дел од европскиот поредок. Во ова, Советот на Европа презеде водечка улога. Кога гледаме од компаративна гледна точка, Европа има силен модел на социјални права. Покрај тоа, европскиот поредок на социјалните права е оној во кој националните и меѓународните случувања и стандарди се испреплетени и меѓусебно зависни. Важно е да се потсетиме во денешниот глобален поредок на улогата на европските земји, поединечно и колективно, во залагањето за пристап кон социјалните права.

## 3. Социјалните права во Република Македонија

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Во домашното право, во Уставот на Република Македонија, којшто претставува основен и највисок правен акт во правниот систем на државата, е пропишано дека, покрај другите, како основни темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, претставуваат и основните слободи и права на човекот и граѓанинот кои се признати во меѓународното право и се утврдени со Уставот. Во делот два од Уставот се содржани одредбите кои се однесуваат на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, и тоа поделени на одредби кои ги содржат граѓанските и политичките слободи и права и посебно на одредби во кои се содржани економските, социјалните и културните права. Во Уставот на Република Македонија загарантирани се правата на: вработување и правата кои произлегуваат од работен однос, социјална сигурност и заштита, здравствена заштита, образование. Во рамките на Уставот наведени се и неколку категории на граѓани кои имаат посебна заштита и должности кога станува збор за социјалните права како: децата, децата без родители и родителска грижа, младите, жените, борците, припадниците на националностите и мигрантите. Поставувањето на социјалните права како уставна категорија води кон создавање на бројни внатрешни акти со кои попрецизно и подетално се гарантират истите и со кои се поставува основа за создавање на услови за пристап кон нив и нивна зашта.

Воспоставувајќи правно обврзувачки обврски, Македонија е потписничка на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и ги има ратификувано и следниве таканаречени Основни конвенции на Интернационалната организација на трудот - ИЛО (ILO): Слобода на здружување и колективно преговарање (Freedom of association and collective bargaining), Елиминација на принудна и задолжителна работа (Elimination of forced and compulsory labour), Елиминација на дискриминацијата во однос на вработувањето и на занимањето (Elimination of discrimination in respect of employment and occupation) Укинување на детскиот труд (Abolition of child labour). Во поглед на релевантните конвенции на УНЕСКО, Македонија ги има ратификувано следниве договори: Конвенција против дискриминација во образованието (Convention against Discrimination in Education), Конвенција за стручно и вокациско образование (Convention on Technical and Vocational Education), Конвенција за заштита и промоција на различното културно изразување (Convention on the protection and promotion of the diversity of cultural expressions).

Република Македонија како полноправна членка на Советот на Европа, на 5.5.1998 година ја потпиша Европската социјална повелба од 1961 година, заедно со Дополнителниот протокол од 1988 година и Протоколот со кој се дополнува Повелбата од 1991 година. На 7.12.2004 година Република Македонија ја ратификува Европската социјална повелба заедно со Протоколот со кој се дополнува Европската социјална повелба од 1991 година, а истите стапија во сила на 31.3.2005 година. Република Македонија со ратификувањето на Повелбата, прифати 11 од вкупно 19 члена, односно ратификува 41 од вкупно 61 став. Подолу е прегледот на ратификуваните членови, односно ставови распоредени по четири тематски групи:

- Група 1 Вработување, обука и еднакви можности Член 1 (ставови 1-4), Член 15 (ставови 1-2);
- Група 2 Здравје, социјална сигурност и социјална заштита Член 11 (ставови 1-3), Член 12 (ставови 1-4), Член 13 (ставови 1-4);
- Група 3 Трудово право Член 2 (ставови 1-5) Член 5, Член 6 (ставови 1-4);
- Група 4 Деца, семејство и мигранти Член 7 (ставови 1-4 и 6-10), Член 8 (ставови 1-4) и Член 17

Министерството за труд и социјална политика, како координатор на меѓуресорското тело за изготвување на извештаите за имплементацијата на Европската социјална повелба, секоја година редовно подготвува и доставува извештаи до Советот на Европа, за имплементацијата на ратификуваните членови, односно ставови, од сите тематски групи.

Република Македонија на 27 мај 2009 година ја потпиша Ревидираната Европска социјална повелба, а на 6 јануари 2012 година истата ја ратификува, со што се обврза на проширување на економските и социјалните права на своите граѓани. Подолу е прегледот на ратификуваните членови, односно ставови распоредени по четири тематски групи:

- Група 1 Вработување, обука и еднакви можности: Член 1 (ставови 1-4), Член 15 (ставови 1-2),Член 20 и Член 24;
- Група 2 Здравје, социјална сигурност и социјална заштита: Член 3 (ставови 2 и 4), Член 11, Член 12 и Член 13;
- Група 3 Трудово право: Член 2, Член 4 (ставови 2, 3 и 5),Член 5, Член 6,Член 21, Чле - 26, Член 28, Член 29;
- Група 4 Деца, семејства и мигранти: Член 7 (ставови 1-4 и 6-10), Член 8, Член 16, Член 17, член 19 (ставови 1, 5, 6 и 8), член 27 (став 3)

Според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од домашниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. На тој начин, во хиерархиската поставеност на правните норми меѓународните договори се надредени над домашните закони. Оттука произлегува обврската за хармонизација на правниот поредок и на тековната практика на судовите, на јавната администрација и на другите државни органи со стандардите што произлегуваат од конвенциите и со праксата на нивните органи и тела. На постапката за ратификација на некој меѓународен документ и претходи преиспитувањето на компатибилноста на законската регулатива, при што се констатираат правните импликации.

Меѓународните договори во нашиот правен поредок претставуваат извори на право, така што поединците, субјекти во правото, можат автоматски да се повикуваат на одредбите на меѓународните договори, а судовите и управните органи се должни непосредно да ги применуваат. Договорите за човекови права уживаат повисока правна сила од останатите меѓународни договори. На ваков заклучок недвосмислено упатува и член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на

Република Македонија во кој, како една од највисоките вредности на уставниот поредок на Република Македонија, се предвидени почитувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот.

И покрај напорите да се признаат и гарантираат сите социјални права како и да се обезбедат услови за нивно остварување и заштита, сепак, сè уште постојат недостатоци во транспонирањето на законодавството во оваа земја. Ова е особено очигледно во однос на социјалната политика и гаранциите за социјалните права, вклучувајќи го и правото на недискриминација. Оние што страдаат од последиците се примарно припадниците на ранливите групи, вклучувајќи ги и етничките малцинства (пред сè Ромите), внатрешно раселените лица, лицата со посебни потреби, жените и девојчињата. Членовите на овие групи често немаат доволно познавања за социјалните права, отежнат им е пристапот до социјалните услуги, образованието, здравството или домувањето. Тие често живеат во ужасни услови под националниот праг на сиромаштија и не се во состојба да обезбедат сопствени средства за живот, во зависност од помош од нивните семејства или од државата. Сепак, институциите законски одговорни за ова сè уште не се во позиција да им обезбедат соодветна поддршка на овие луѓе. Дури и денес, клучните актери на локално и национално ниво не се во можност да создадат соодветни услови за обезбедување еднаков пристап до социјалните права и социјалните услуги за сите ранливи групи.

## 4. Пристап на младите со помалку можности до социјалните права

*„Економска нестабилност во Европа ги изложи младите луѓе на големи потешкотии. Невработеноста, ниските работни стапки, социо-економските нееднаквости, сиромаштија и социјалната исклученост имаат огромно влијание врз младите генерации чија самостојност, добросостојба и пристап до права рапидно еродираат. Како резултат на тоа Европа ризикува не само да произведе „изгубена генерација“ од разочарани млади луѓе, туку и да ја загрози својата политичка стабилност и социјална*

*кохезија, правдата и мирот како и својата долгорочна компетитивност и изгледите за развој во глобален контекст“*

Парламентарното собрание на Советот на Европа, Комисија за социјални работи, здравство и одржлив развој, 2012

Младите луѓе претставуваат една многу хетерогена категорија со различни социјални, економски, културни и образовни карактеристики, интереси, предизвици и потреби. Од таму, изнаоѓање на дефиниција за младите која ќе е сеопфатна и прифатлива за сите, е прилично тешка задача. Досега, како појдовен критериум во обидите да се дефинира младоста, преовладува возраста па така според некои, млади се луѓето кои имаат помеѓу 15 и 25 години, а други пак како млади ги сметаат и оние кои имаат до 30 или до 35 години. Иако постојат несогласувања околу возрасниот период на кој се протега младоста, сите се согласни дека младите луѓе се во една специфична социјална позиција, бидејќи тие не се повеќе деца и немаат нити право, а нити пак потреба од иста грижа и заштита како онаа предвидена за децата, но сепак имаат потреба од дополнителна нега и помош, бидејќи се уште не ги уживаат сите можности на возрасните.

Прашани кои се тие и кои се нивните карактеристики, младите опфатени со истражувањето кое ја подржа подготовката на овај труд за себе си велат:

*„Ние сме млади луѓе кои копнеат за љубов, создавање врски и прифаќање од нашите родители, пријатели, партнери, нашите семејства и нашите деца. Ние сме свесни за важноста на социјализација и градење на пријателство со користење на современи технологии и средствата за комуникација, како што се мобилни, i-телефони, интернет, facebook, tweeter и др. Ние сме сериозни во врска со животот и сакаме нашите животи да имаат некоја цел и значење. Ние поседуваме вештини за критичко размислување, сакаме да истражуваме и да го прошируваме нашето знаење, сакаме да ги збогатуваме нашите животни искуства. Се радуваме на чесност, искреност, правда и доследност. Ние сакаме нашите права да се вреднувани и почитувани, а во исто време сакаме да се забавуваме и да имаме возбуда во нашите животи. Ние уживаме во музиката, танцот, забави и песни. Ние сакаме да патуваме низ различни земји и да истражуваме*

*различни реалности и култури. Живееме во општество каде што можеме да видиме многу контрадикторности. И нашиот живот ги одразува овие контрадикторности. Оттука, на моменти сме лути или пак се чувствуваме бескорисни, пасивни, агресивни, насилни или депресивни, но сме и благородни, вредни и позитивни. Сонуваме за добар живот, подобро образование, стручна обука, постојана работа, пристојни услови за работа и приходи, која ни овозможува да ги задоволиме нашите лични и семејни потреби. Сонуваме за автономен живот и за можноста за основање на наше сопствено семејството. Сонуваме за општество во кое нема неправда, исклучување, дискриминација врз основа на пол, возраст, етничка припадност, религиски убедувања или било што друго. Ние сонуваме за општество во кое младите работници и другите се опфатени во рамките на социјалната заштита, закони, политики и програми. Ние веруваме дека нам треба да ни се даде глас во заедницата и можност да допринесеме во креирање на значајните програми и проекти кои не засегаат не само нас ами и сите луѓе кои живеат со нас. Ние сме свесни дека не може да се постигне исполнување на нашите аспирации ако не постои развој, социјалниот напредок и социјалната заштита, а сигурни сме дека сите треба да знаат дека нема да има социјален напредок без социјална заштита, развој и јакнење на младите.“*

Младоста сама по себе е доста интересен и турбулентен период на транзиција на младиот човек од ситуација на детска зависност кон самостојност и независност. Тоа е еден специфичен период кој е полн со различни физички, ментални и емоционални промени и предизвици. Повеќето млади луѓе успеваат да ја поминат транзицијата кон зрелоста, но постојат и млади кои заради низа на дополнителни предизвици и/или недостаток на ресурси со кој се соочуваат, имаат низа на потешкотии целосно да го развијат својот потенцијал. *Кои се тие млади? Кои се младите со помалку можности?* Постојат повеќе обиди да се дефинира што е означено со терминот - млади со помалку можности - и скоро секој од нив поаѓа од еден или група на недостатоци со кои се соочуваат некои млади луѓе во текот на својот живот. Во програмскиот водич за Програмата на Европската Унија „Млади во акција“, која траеше од 2007 до 2013 година, и имаше за цел да инспирира активно граѓанство, солидарност и толеранција и да ги вклучи младите во обликувањето на иднината на Европската унија, а која подоцна се преобликува и стана дел во Еразмус+ програма, стои дека младите

луѓе со помалку можности се млади луѓе кои се во неповолна ситуација во споредба со нивните врсници, бидејќи тие се соочуваат со една или повеќе ситуации и пречки спомнати во неисцрпната листа која следи.

**Социјални пречки:**

- млади кои се соочуваат со дискриминација поради пол, етничка припадност, религија, сексуална ориентација, физичка или ментална попреченост итн.
- млади со ограничени социјални вештини или анти-социјални и/или ризични сексуални однесувања;
- млади луѓе во несигурна/опасна ситуација;
- млади (поранешни) сторители на кривични дела, (пранешни) зависници од дрога или алкохол;
- млади и / или млади самохрани родители;
- млади без родители и родителска грижа

**Економски пречки:**

- млади луѓе со низок животен стандард и низок приход;
- млади корисници на социјална помош;
- млади долгорочно невработени и млади кои живеат во сиромаштија;
- млади луѓе кои се без покрив над главата, млади луѓе во долгови или со финансиски проблеми.

**Попреченост:**

- *млади со ментална попреченост*;
- млади со физички, сензорна попреченост;
- млади со други пречки во развојот

**Образовни тешкотии:**

- млади луѓе со тешкотии во учењето;
- млади кои го напуштаат училиштето;
- пониски квалификувани млади лица;
- млади луѓе со слаб образовен успех

**Културни разлики:**

- млади мигранти или бегалци или потомци од мигрантски или бегалски семејства;
- млади луѓе кои припаѓаат на национално или етничко малцинство;
- млади луѓе со јазична адаптација и проблеми со културното вклучување

**Здравствени проблеми**:

- млади луѓе со хронични здравствени проблеми, тешки и терминални болести или психијатриски состојби;
- млади луѓе со проблеми со менталното здравје

**Географски пречки:**

- млади луѓе кои живеат во потешко пристапни или рурални средини;
- млади луѓе кои живеат на мали острови или периферни региони;
- млади луѓе од проблематични урбани зони;
- млади луѓе од подрачја каде недостигаат сервиси кои им служат на граѓаните (ограничен јавен транспорт, лоши објекти...)

Заради таквата состојба младите секојдневно се соочуваат со предизвиците: да се запишат на училиште, да бидат успешни и да напредуват во процесот на образование, истиот да не го напуштат ами да го завршат, да најдат достоинствена работа, да се вработат, кариерно да напредуват, да можат да живеат достоинствен живот во свои домови, да се лекуват, да оздрават и/или да останат здрави, да се интегрираат во општеството во кое живеат, да бидат почитувани и заштитени, да ги развијат своите целокупни потенцијали, да се осамостојат.... Од друга страна, заради сето ова кај нив се појавуваат чувства на страв, срам, ниска самодоверба, депресија, повлекување.... што дополнително ја усложнува нивната ситуација, постанувајќи не само последица на недостаток на можности, ама и причина за истото.

Анализата на содржина како и учесниците во истражувањето спроведено за подготовка на овај труд, доведе до дефинираање на неколку пречки кои го отежнуваат и/или оневозможуваат пристапот и остварувањето на социјалните права од страна на младите со помалку можности, како и низа на практики кои се применуваат во различни држави со цел надминување на тие пречки.

Постојат серија на взаемно поврзани пречки и истите бараат мултисекторски и мултиактерски комплементари заложби за нивно надминување. Анализирајќи и разговарајќи за пристапот кон социјаланите права: правото на образование, здравствена заштита, вработување, домување, социјална помош и заштита, правото на заштита од сиромаштија и социјално исклучување, може да се извлече следното:

## 4.1. Пристапот до правото на образование

Пристапот до правото на образование го поддржува процесот на транзиција на младиот човек кон автономен и независен граѓанин. Образованието ги оспособува младите и го поддржува развојот на нивните компетенции. Тоа им дава можност да станат добри раководители на својот живот кои се социјално активни и вклучени во општествата со високо ниво на самопочит и само-мотивација. Образованите млади луѓе имаат поголема веројатност да направат информиран избор за различни животни прашања и да ја максимизираат употребата на нивните индивидуални потенцијали. Исто така, се верува дека тие се со поголема веројатност да имаат поголем успех во пристапот и подобрувањето на пазарот на трудот од младите луѓе со пониско ниво на образование или оние без образование. Сепак, денес европските општества се соочуваат со право на образование кое не е специфично и јасно дефинирно и загарантирано со што се остава простор за недоволна ангажираност на државите во обезбедување на услови за остварување на тоа право; недостатокот на средства за квалитетно образование и подобрување на образовните програми, неинклузивно, а некаде и неквалитетно образование; образовен систем кој не одговара на современите трендови и барањата на пазарот на трудот; недостаток на патна инфраструктура и/или пофреквентен и почест, организиран јавен училишен превоз, што го отежнува пристапот до образовните институции за некои од младите луѓе; недостаток на образовни институции, материјали и соодветна комплетна опрема за спроведување на програмите во образовните институции. Универзалната декларација за човекови права јасно покажува дека секое дете има право на бесплатно основно образование, така што сиромаштијата и недостатокот на пари не треба да бидат пречка за школување. Во многу земји во развој, во изминативе децении, владите најавија укинување на школарината и како резултат на тоа, забележано

импресивно зголемување на бројот на деца кои одат на училиште. Но, за многу од најсиромашните семејства, училиштето останува премногу скапо и децата се принудени да останат надвор од образование. Иако образованието е теоретски бесплатно, сепак во пракса родителите се соочуваат со високи „неформални давачки", кои се принудени да ги платат за „задолжителните предмети" како: униформи, книги, пенкала, дополнителни часови, трошоци за испити или средства за поддршка на училишните згради.... На други места, недостатокот на функционални јавни (владини) училишта значи дека родителите немаат друг избор освен да ги испраќаат своите деца во приватни училишта, кои дури и кога технички подразбираат „ниски надоместоци", останувааат недостапни за најсиромашните семејства. Во зависност од капацитетите (финансиски, технички, човечки) на државите, како и нивото на информираност на општеството за потребата од подобрувања во образовните системи со цел да се поддржи младите луѓе да влезат на пазарот на трудот, постојат национални и локални политики кои се обидуваат да ги надминат овие пречки. Некои земји се обидуваат да го надминат ова преку реформирање на образовните системи и законско воведување на универзало примарно (некаде и секунадрно) образование, зголемување на квалитетот на образованието преку воведување на нови подобрени образовни програми и обуки за порфесионална надградба и зајанување на способностите на образовните кадри, изградба на училишта, подобрување на патната инфраструктура и обезбедување на организиран транспорт до образовните институции, други пак имплементираат образовни програми за размена меѓу државите кои им овозможуваат на младите луѓе да ги прошират своите хоризонти и да развијат нови перспективи, воведуваат стипендирање и финансиска помош за образование на млади со помалку можности, подобруваат и стимулираат развоја на стручно образование и сл. Забележителни се и иницијативи за препознавање и вреднување на придобивките од неформалното образование, како и зајакнување на квалитетот на неформалното образованите програми кои го помагаат развојот на младиот човек и обиди за олеснување на пристапот на младите со помалку можности до неформалнообразовни активности преку поддршка и стимулирање на вакви програми во местата каде живеат овие млади, поддршка на програми кои подразбираат неформално образование на овие млади, зголемување на

квалитетот и понудата не неформалнообразовните програми за млади со помалку можности и сл.

## 4.2. Пристап до правото на здравствена заштита

Пристапот до сеопфатни, квалитетни здравствени услуги е важен за промовирање и одржување на здравјето, спречување и управување со болести, намалување на непотребните инвалидитети и предвремена смрт и постигнување на здравствена еднаквост за сите. Пристапот до правото на здравствена заштита придонесува за превенција, рана дијагностика и третман на различни здравствени проблеми кои можат да влијаат врз животот на младите луѓе. Некои здравствени проблеми сериозно влијаат на целокупната благосостојба на младите, вклучувајќи го и нивното прифаќање од другите, вклучување и активно учество во општествениот живот, а други пак влијаат на нивната транзиција кон автономија и вработување и претставуваат основа за стигматизирање на младите луѓе. Од друга страна, постојат млади луѓе кои се соочуваат со тешкотии во пристапот до правото на здравствена заштита поради недостаток или слабо опремени здравствени услуги и квалитетни даватели на здравствени услуги во нивните населби, недостаток на здравствено осигурување, скапи третмани и лекови, несоодветни и лоши медицински услуги и дискриминација од страна на медицинскиот персонал, било заради одредени здравствени состојби поврзани со сексуално или репродуктивно здравје и зависност или заради припадност на одредена категорија на малцинства, потекло од рурални средини и сл Од друга страна пристапот кон правото на здравствена заштита може да е отежнат и од различну културни и психолошки бариери, Очигледно е дека животната средина е високо загадена и секој, вклучувајќи ги и младите, нема пристап до незагаден воздух, почва, вода, храна ... Некои од активностите што ги преземаат различни засегнати страни за надминување на овие предизвици, вклучуваат програми за подобрување на здравствениот систем, институционалниот развој на здравствените установи во сиромашни населби, обезбедување социјални бенефиции за лична здравствена заштита, програми за зголемување на бројот на лица со здравствено осигурување, намалување на трошоците за некои здравствени услуги, третмани и лекови, подигање на свеста за социјално одговорно однесување или превенција и недискриминирачки социјални одговори на некои здравствени проблеми, еколошки социјални политики, како

и ставање на одржлив развој и заштита на животната средина на врвот на идните развојни агенди.

## 4.3. Пристапувањето кон правото на пристојна и квалитетна работа

Пристапувањето кон правото на пристојна и квалитетна работа. која обезбедува финансиска независност, е една од клучните потреби за успешна транзиција кон автономија. Пристапот до работа не е единственото нешто кое може да го поддржи вклучувањето на младите во општествата и нивната целосна благосостојба, туку важен е и пристапот до правата во работата: еднаква плата за мажи/жени, породилно отсуство за двајцатаа родители, платено отсуство, здрава работна средина, заштита од опасности при работа, заштита од принудна работа, да се има работа која е слободно избрана од страна на поединецот итн. Сето ова им дава можност на младите да живеат пристоен квалитет на живот, каде што можат да уживаат во нивната работна средина и да напредуваат во нивната професионална кариера во согласност со нивниот потенцијал. Пристапот до посакуваните, пристојни, заштитени, обезбедени работни места води кон социјална кохезија, среќа на младите луѓе, го намалува криминалот и девијантно однесување како и износот на пари потрошени за поддршка на програми за невработени млади луѓе. Тоа доведува до помалку фрустрации и помалку „одлив на мозоци". Од друга страна, пак, младите се повеќе ентузијасти и можат да бидат попродуктивни од постарите лица, па оттука нивното вработување влијае на севкупната продуктивност и економски раст на земјата. Сепак, младите луѓе беа многу погодени од економската криза што е во тек во земјите во Европа и се соочуваат со различни пречки во пристапот и престојувањето на пазарот на трудот што ги прави финансиски нестабилни. Некои од проблемите се недостаток на соодветни безбедни работни места кои се во согласност со образованието на младите или неусогласеноста помеѓу образованието и пазарот на трудот, ниските плати, лошите услови за работа, нееднаквата плата, дискриминацијата на младите заради нивната здравствена состојба или минати проблеми со кои се соочувале, дискриминација кон младите жени кои сакаат да имаат семејство или за време на нивната бременост, недостаток на развиеникомпетенции и вештини барани на пазарот на труд (IT) изглед, недостаток на искуство, итн. Она што е ценето во областа на пристапот до вработување се услугите за стручно оспособување и професионална

ориентација, професионалното насочување во кариерата и сл. За надминување на предизвиците поврзани со вработување на младите вклучително и оние со помалку можности, земјите развиваат програми за тренинг, менторство и подучување, програми за школување, активни политики на пазарот на трудот наменети за специфични категории на млади луѓе, како и претприемачко образование и поддршка за отворање на бизниси на млади луѓе, истовремено обезбедувајќи социјална заштита за невработените млади луѓе.

### 4.4. Пристапување до правото на домување

Да се има куќа е еден чекор поблизу до автономија и независност. Често младите луѓе (оние кои го имаат) не можат да си дозволат да го напуштат својот семеен дом по дипломирањето, заради финансиска нестабилност, сиромаштија и исклучување од пазарот на трудот како и заради одредини културни и/или социјални карактеристики, здравствени состојби. Ова ги остава младите луѓе со помалку можности во бездомништво, во ризик од бездомништво или пак во ситуации да се чувствуваат „заглавени" во куќата на нивните родители, без приватност и со чувство дека немаат или ја губат контролата над својот живот. Од друга страна пак постои недостаток на адекватни, кадрвоски и технички опремени центри за згрижување на млади бездомници или млади во ризик од бездомништво, општествено стигматизирање и дискриминација. Бездомништвото од една страна е резултат на недостаток на можности, но од друа страна истото може да биде и причина за намалување на можностите и отежнување на пристапот кон правата на младиот човек. Во областа на домувањето може да се откријат различни добри практики кои работат и го поддржуваат пристапот на младите до прифатливи и пристојни мерки за куќи, како што се подобри каматни стапки за хипотеки за младите луѓе, државни програми за социјално домување кои обезбедуваат поевтина алтернатива за сместување на млади луѓе, бенефиции за младите луѓе кои ќе ги реновираат и потоа ќе ги населат напуштените куќи кои во моментот не се користат итн. Сепак, очигледно е дека сè уште ни требаат повеќе напори да ги спречиме младите да станат бездомници или пак целиот свој живот да бидат принудени да живеат со своите родители.

## 4.5. Пристапувањето кон правото на социјална заштита

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик, во смисла на Законот за социјална заштита, се подразбира: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност); ризици на старост и стареење; ризици на еднородителско семејство; ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично; ризици од сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.[5] Пристапувањето кон правото на социјална заштита го поддржува преминот кон автономија за младите луѓе. Пречките во пристапот кон ова право во една земја вклучуваат централизирани тромави и бирократски комплексни програми за социјална заштита и помош, тешко достапни социјални услуги и сервиси, недостаток висококвалитетен, недискриминаторски и одговорен кадар и модерна, современа, технички исправна и пристапна орема за обезбедување на некои од правата на младите корисници на правата од социјална заштита, недостаток на програми за превенција и вонинституционална заштита, централизирани сервиси. Од друга страна младите кои се корисници на правата од социјалната заштита имаат изразен недостаток на самодоверба и способности за застапување за своите социјални права или пак соработка со младинските организации кои би се застапувале за нив или кои би им помогнале во нивниот личен и социјален развој и активно вклучување во општеството. За овие млади, ситуацијата во која се наоѓаат е и причина и последица од недостаток на можности и со тоа и отежнат пристап кон нивните права. Видлив е и недостатокот на мониторинг на работата на чинителите на системот на социјална заштита и програми за нивно постојано усовршување и унапредување на квалитетот на нивната работа. Во земјите се прават напори да се олесне пристапот до овие права од социјална заштита преку кадровско и материјално екипирање и осовремување на институциите, олеснување на процедурите за остварување на овие права, намалување на дискриминаторскиот однос од чинителите во системот на социјална заштита, зголемување на контролата во нивната работа како и

[5] Закон за социјална заштита на Република Македонија, консолидиран текст, септември 2015

воведување на новини кои значат полесно и поефикасна заштита на популацијата вклучително и младите со помалку можности но темпото со кое се случуваат овие промени не е соодветно на предизвиците и карактеристиките на времето во кое се живее.

## 4.6. Пристапување кон правото на заштита од сиромаштија и социјална исклученост

Младоста е време на животни транзиции и многу несигурности. Младите се една од најранливите групи во општеството и се соочуваат со ризик од сиромаштија значително повисока од онаа со која се соочуваат повеќето други возрасни групи. Најважниот индикатор за сиромашен млад човек е дали тие сè уште спротивно на своја волја, живеат со родителите при што оние што го напуштиле домот се во многу поголем ризик од сиромаштија. Овој ризик е особено висок во првата година по напуштањето на домот. Сиромаштијата и социјалната исклученост ги поттикнуваат младите да ја изгубат автономијата и да влијаат на секој аспект од нивниот живот. Доколку треба да се обезбеди финансиска помош со цел да се намали сиромаштијата на младите, ова најмногу би можело да биде насочено кон оние кои се во првата или две години живеат далеку од родителскиот дом. Голема потреба е дизајнирање на програми и интервенции во заедницата за заштита од сиромаштија и исклученост. Вработувањето ги штити младите од сиромаштија, но вработувањето не е доволно само по себе. Младите мора да добијат и задржат работни места за да ја избегнат сиромаштијата. Шеми за поттикнување на младите луѓе во работата треба да бидат дизајнирани имајќи го ова на ум, а истите треба и да се оценуваат врз основа на нивниот успех во задржувањето на младите луѓе во вработување најмалку една година.

## 4.7. Приказ на препреки елаборирани во аналитичкиот извештај Пристап до социјални права во Европа на Мари Дали

Покрај претходноизнесените податоци, во обид да се дефинираат пречките кои го попречуваат пристапот на младите до социјалните права на младите, посебно на младите со помалку можности, пред да разговараме за улогата која младинската работа ја има во надминување на тие пречки, во продолжение ќе се навратиме и на анализата на М. Дали за пристапот до социјалните права во Европа. Во својата анализа Дали посочува дел од

промените кои се случуваат во Европските општества и кои носат ризик по притапот до економските, социјалните и културните права, нагласувајќи дека изминатите две децении веројатно беа децении исполнети со најголемите предизвици за социјалната политика и социјалните права. Меѓу таквите промени како највлијателните се споменуваат: глобализацијата; изменетото разбирање на функцијата на социјалната заштита и менувањето на верувањата во однос на соодветната улога на државата и односот меѓу државата, поединецот и општеството.

Во пресрет на педесеттата годишнина од Универзалната декларација за човекови права Комитетот за економски, социјални и културни права, во мај 1998 година, изјави дека е неопходно да се размисли за влијанието на глобализацијата врз економските, социјалните и културните права признати во Универзалната декларација за човекови права и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Комисијата тоа го забележува нагласувајќи дека иако постојат различни ставови за тоа што вклучува феноменот на глобализацијата, истиот има направено фундаментални промени во секое општество.

Во својата суштина глобализацијата е процес кој доведува до зголемена економска конкурентност во свет каде што технолошкиот развој е брз и каде што границите повеќе не функционираат на начин на кој некогаш функционирале во обид да се оневозможат несакани промени и влијанија. Ако се размислува посуштински тоа би значело еден вид еродирање на националниот суверенитет на државата за сметка на нејзиното интегрирање во глобалниот свет. Глобализацијата како процес ги интензивира социјалните врски помеѓу луѓето, создавајќи мрежа од врски кои се до тој степен поврзани што иако се оддалечени илјадници километри влијаат едни на други. Глобализацијата обично се поврзува со развојот на технологијата, комуникациите, обработката на информациите и сл. кои го направија светот помал и повеќе меѓусебно зависен на многу начини, но истата се доведе во тесна поврзаност со различни специфични трендови и политики, вклучувајќи зголемување на зависноста од слободниот пазар, значителен пораст на влијанието на меѓународните финансиски пазари и институции во утврдувањето на одржливоста на приоритетите на националната политика, намалувањето на улогата на државата и големината на нејзиниот буџет, приватизацијата на разни функции што

претходно се сметаа за ексклузивен домен на државата, дерегулација на низа активности со цел да се олесни инвестирањето и соодветно зголемување на улогата, па дури и одговорностите кои им се припишуваат на приватните актери, како во корпоративниот сектор, така и во граѓанското општество. Сите случувања поврзани со глобализацијата бараат голема флексибилност не само од националните економии, туку и на локално ниво, па дури и од поединци и семејства. Во вид на идеолошка клима што ја придружуваше глобализацијата, економските проблеми добиваат предност, така што потребите на економијата имаат тенденција да имаат предност пред оние на општеството. Мислењата за глобализацијата се многу различни, но во сите нив глобализацијата вклучува ризици, можности и предизвици. И покрај економските придобивки од глобализацијата и начинот на кој таа беше мотор за економски раст и вработување, постои причина да сме загрижени за последиците од глобализацијата кон пристапот до социјалните права најмногу заради тоа што глобализацијата ги става во центарот на вниманието трошоците за финансирање на социјалната сигурност и истото може да биде поврзано со притисок за ослабување на правото на социјална заштита. Во Изјавата на Комитетот за економски, социјални и културни права, мај 1998 г. стои дека глобализацијата ризикува да го намали централното место на човековите права, особено на економските, социјалните и културните права, чие почитување, може да биде прикажано со негативно светло и премногу скапо. Комитетот ги поздравува сите напори за обезбедување на пристапот и почитувањето на ове права и ги повикува Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка во своите активности да посветат поголемо внимание на почитувањето на економските, социјалните и културните права, вклучително и преку поттикнување на експлицитно признавање на овие права. Комитетот смета дека мрежите за социјална сигурност треба да се дефинираат со повикување на овие права и треба да им се посвети поголемо внимание на методите за заштита на сиромашните и ранливите.

Од друга страна, додека глобализацијата овозможува поголема флексибилност, таа исто така може да оди рака под рака со нови форми на исклучување. Оние кои се веќе добро поставени, најверојатно ќе можат да ги искористат можностите што ги нуди глобализацијата на сметка на оние кои немаат соодветни животни можности.

Со Дали се согласуваме дека и покрај глобализацијата, сепак се соочуваме со зголемување на индивидуализмот, кој наметнува потребата од препознавање на разликите меѓу групите (врз основа на пол, етничка припадност, расно потекло, јазик и култура), а од друга страна и препознавање на разликите меѓу поединци припадинци на различни групи. Во овој контекст, значењето на политичката еднаквост меѓу поединците и групите станува проблем. Поврзан предизвик е растот на национализмот кој, во своите најексклузивни и агресивни верзии, може да се спротивстави на принципот на универзалност на правата.

Како и економските и политичките трансформации, така и промените во вредностите влијаат врз социјалните права. Традиционалниот етос за обезбедување јавни услуги се соочува со предизвици, особено со дерегулација. Ова е развој кој повторно ги содржи и ризиците и можностите. Изборот доаѓа да се смета за важен јавен интерес, со што се создава побарувачка за услуги кои се поотпорни на потребите на корисниците. Исто така, може да се отвори можност за поголема улога за невладини организации и други актери на граѓанското општество. Сепак, еден од главните ризици во изборот е тоа што пристапот на ранливите групи кон услугите и придобивките може да биде попречен. Исто така, постои ризик од промена на јавното мислење и јавна поддршка за социјалните права, при што, од личен интерес или од други причини, некои делови од заедницата веќе не се подготвени да платат даноци потребни за сеопфатен сет на социјални бенефиции и права.

Дали, заклучува дека глобализацијата, соборувањето на централизираните командни држави во централна и источна Европа и менувањето на политиката и вредностите, ги принудија европските земји да размислат за постоечките основи на солидарност и социјална соработка. Не постои сомневање дека контекстот во Европа се менува, меѓутоа, ова не треба да значи дека посветеноста на социјалните права во Европа е нарушена. Навистина, спроведените реформи покажуваат дека повеќето европски земји не го напуштаат своето приврзаност кон социјалните права и се направени потези кон поголемо насочување на бенефициите и услугите, поголема индивидуална одговорност и трансфер на ризици од јавноста во приватниот и пазарниот сектор. Иако не постои сомневање дека земјите од Централна и Источна Европа забележале фундаментални промени, тие се движат во општа насока на пристап

базиран на социјални права, наместо далеку од него, а социјалните права се повторно потврдени како суштествени компоненти на пазарната економија.

Некои услови треба да преовладуваат со цел да се оствари или да се пристапи до социјалното право. Од работата на Советот на Европа во доменот на подобрување на пристапот до социјални права, постојат докази дека формалното гарантирање на социјално право е далеку од гаранција дека тоа право ќе се оствари или ќе може да се реализира во пракса. Резултатите од истражувањата спроведени од страна на различните комитети укажуваат на тоа дека пречките во пристапот кон социјални права се протегаат од формата или декларацијата на правото, преку процесите, процедурите и ресурсите кои се достапни за да се остварат социјалните права, кон ситуацијата на корисникот или потенцијалниот корисник при обидот да се реализираат. Пречките се од разни видови. Во извештајот, Дали сугерира дека пречките кои го попречуваат пристапот до социјалните права можат да се организираат во седум категории кои се третираат индивидуално само заради анализа и дискусија, а кои пракса се меѓусебно зависни и се преклопуваат.

Првиот сет на пречки произлегуваат од формулацијата на правото и адекватноста на законските и други одредби. Прецизната формулација на правото е важна заради улогата на државата во обезбедување услови за нивна заштита и остварување од едноставно почитување на правата и обезбедување на нивна заштита, но секако не значи дека во земјите каде некои социјални права не се уставни или законски одредби, не се вложуваат напори во правец на нивна заштита и остварување нити пак значи дека земјите кои уставно ги гарантираат социјалните права прават најголеми напори за обезбедување услови за нивна заштита и остварување. Сепак, непостоењето на јасна формулација претставува ризик кој ја ослободува државата од обврска да се грижи за создавање на услови за пристап до тоа право. Овај сет на пречки вклучува: недостаток на прецизна формулација на правото и/или одредбата. ограничување на правото само на одредена категорија на луѓе; недостатоци во мрежата за социјална сигурност; недостаток на спецификација на основен праг или минимален стандард што повлекува и отсуство на обврски на државите да го обезбедат тој минимален стандард; петтата можна пречка се однесува на дизајнот на правото или подобноста, особено во однос на тоа како ова може да послужи за да се исклучат луѓето и последната тешкотија во овој сет се јавува кога постои несогласување

помеѓу структурата на обезбедувањето и природата на побарувачката или потребата.

Вториот вид на бариера за социјалните права произлегува од неадекватно следење и спроведување. Не е доволно да се имаат добри закони и да се обезбедат; тие исто така мора да се набљудуваат и да се спроведуваат. Тука се појавуваат голем број поврзани пречки, вклучувајќи го и недостатокот на мониторинг, несоодветна заштита од неизвршување на правата, распространетоста на дискриминацијата и различниот третман и несоодветната одговорност на давателите на услуги.

Несоодветните ресурси претставуваат трета бариера за остварување на социјалните права, бидејќи адекватните ресурси се суштинско значење за социјалните права. Средствата неопходни за давателите на услуги за остварување на социјалните права вклучуваат финансиски ресурси, како и човечки ресурси и лични капацитети. Ресурсни пречки може да влијаат на примателите (или потенцијалните приматели) преку слабо развиени образовни и други капацитети и вештини.

Четвртиот општ сет на пречки е предизвикан од лошото управување и несоодветните постапки од страна на давателите на услуги и придобивки. Проблемите тука се исто така од голем број видови и вклучуваат прашања како што се фрагментација на одговорноста помеѓу нивоата на администрација и меѓу службите, недоволна консултација и заедничко работење со невладините организации и корисниците, сложеноста во процедурите и пречките кои произлегуваат од начинот на обезбедување и испорака на услуги.

Петто, препреките на социјалните права се предизвикани, со недостаток на информација и лоша комуникација. Постојат докази дека луѓето продолжуваат да бидат недоволно информирани за нивните права, дека недостатокот на информации може да доведе до губење или одложување на бенефициите и дека ставовите на имателите на права не ги информираат доволно за обезбедување услуги. Беа идентификувани три општи типови на комуникациски или информациски проблеми: недоволно залихи и проток на квалитетни информации; несоодветна форма и природа на дадените информации; недоволно користење на „нови" или алтернативни канали на информации и на ставовите на корисниците и / или потенцијалните корисници.

Следниот сет на пречки кој го идентификува Дали се однесува на психолошките и социо-културните пречки за социјалните права. Тие постојат и за обезбедувачите на услуги и за корисниците. Меѓу давателите на услуги, тие се предизвикани од фактори како што се негативни ставови или стигматизација на корисниците и неуспехот од страна на службените лица и други, да го ценат тоа што апликантите или потенцијалните кандидати можат да се претплатат на одредена субкултура која е различна од мејнстрим култура. Од страна на корисниците, недостатокот на самодоверба и непознавање на официјалните процедури може да го блокира пристапот, како што може да стравот и несигурноста предизвикана од официјални услови или лоши објекти. Оваа и други информации сугерираат дека некои луѓе треба да бидат овластени да ги бараат своите социјални права. Корисниците или потенцијалните корисници на услуги, исто така, може да се чувствуваат заплашени од моќта на службениците и фактот дека тие се овластени да носат одлуки кои можат да имаат огромно влијание врз нивниот живот.

Последнито сет на пречки, според истражувањето на Дали, произлегува од несоодветното или недоволно внимание кон населението со помалку можности или населени кое живее во региони кои се дерпивирани од некои од основните потреби за живот заради природни или друг тип на случувања и настани. Вакво население постои во секое општество. Овие луѓе кои се соочуваат со недостаток на можности во животот на сметка на другите категории луѓе вклучуваат бегалци, постари, етнички и расните малцинства, лицата со посебни потреби, лицата ослободени од институции или затвори, болните или оние со лесно нарушливо здравје, бездомниците и луѓето во сиромашни услови за домување, барателите на азил, семејствата со самохрани родители, жени со одговорност за семејството и грижата долгорочно невработени, постари работници, економски ранливи жени, млади луѓе и деца. Се нагласува и постоењето на региони и локалитети кои се обесправени. Таквите области постојат во секоја земја-членка. Во многу случаи инфраструктурните фактори - како што се слабото обезбедување на услуги, комунални услуги и други објекти, како и недостатокот на работни места - го влошуваат неповолниот став. Климатските услови (како што се долгите и тешките зими) и растојанието / периферијата (често заедно со лошите транспортни капацитети) опфаќаат уште еден сет на фактори за тоа зошто регионите може да бидат ранливи. Втората

форма на просторна неповолна положба се однесува на постоењето на мултипли-лишени заедници каде што проблемите и несоодветностите се вклопуваат еден врз друг.

Врз основа на сите овие информации, Дали констатира дека постојат седум основни предизвици во олеснувањето на подобар пристап до социјалните права во денешната Европа:

- да се зајакне правото на социјални права и да се подобри релевантната одреба;
- да се зајакне следењето и спроведувањето во однос на социјалните права;
- да се зголемат ресурсите што се на располагање за остварување на социјалните права;
- да се модифицираат и подобрат процедурите и управувањето со услугите и придобивките кои се наменети да ги остварат социјалните права;
- да се подобри информирањето и комуникацијата за социјалните права и поврзаните бенефиции и услуги;
- да се зголемат напорите за надминување на психолошките и социо-културните пречки кои го попречуваат пристапот до социјалните права и влијаат врз давателите на услуги и корисниците;
- да се зголеми вниманието кон групите и регионите со помалку можности, со цел подобрување на пристапот до социјалните права.

Во духот на препорачување на активности и мерки кои треба да се превземат заради подобрување на пристапот кон социјалните права, вредно е да се спомене дека на 21 јаунари 2015, Советот на министри на Советот на Европа, ги усвои препораките за подобрување на пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права. Препораките се фокусираат на областите: образование и обуки, вработување, здравје, домување, информирање и советување, спорт и организација на сободно време и култура и се залагаат за прекинување на сеграгацијата и изолацијата кои негативно влијаат на младите со помалку можности каде и да се. Препораките, кои првично се обраќаат кон владите на земјите членки на Советот на Европа, нагласуваат дека политиките треба да промовираат и да бидат креирани со дирекно учесто на младите со помалку можности во сите фази од нивното планирање и спроведување и ја нагласуваат улогата на неформалното образование и младинската работа,

младинските работници и младинските организации во превенција на дискриминација, насилство и социјална искученост и промоција на активно граѓанство. Истите се значајна алатка за застапување и лобирање која може да биде искористена од страна на младинските и останатите здруженија/организации во застапувањето за социјалните права на млади со помалку можности. Во текстот на Препораките и локалните и регионалните власти можат да најдат и конкретни активности и програми чие спроведување ќе придонесе за подобрување на пристапот на овие млади до нивните социјалните права.

Заради важноста за трудот и за подобрување на пристапот до социјалните права на млади со помалку можности, неофицијален превод на текстот на препораките е претставен понатаму во трудот.

За справување со ваквите предизвици кои стојат на патот до нивните социјални права, а заради поголемата ранливост која произлегла од недостатокот на можности, младите со помалку можности имаат потреба од посебни мерки за помош и заштита, како би ги имале истите благодети како и нивните врсници кои не се соочуваат со ограниченост на можностите.

Во таа насока, несомнено голема и значајна е улогата на помагателните професии како: социјалната работа, педагогијата, психологијата, специјалната едукација и рахабилитација и сл. кои се во постојана битка со се побројните и покомплексни предизвици и ситуации кои го попречуваат животот на младите и/или го намалуваат неговиот квалитет. Но, во поновата историја, се повеќе се наметнува и прашањето: ***Дали и како младинската работа го олеснува пристапот на младите со помалку можности до нивните социјални права?***

## II Улогата на младинска работа во подобрување на пристапот на младите со помалку можности до социјалните права

### 1. Поимно определување на младинската работа

Не сите земји имаат дефиниција за тоа што е точно **младинската работа.** Дури и дефинициите кои постојат, се разл -куваат во зависност од контекстот каде младинската работа се дефинира и од преференциите на онај кој дефинира. Во дефинициите се нагласуваат различни димензии на младинската работа, различни улоги и/или целни групи, но секоја остава простор за согласување со заклучоците на Европската Унија околу придонесот на младинската работа за благосостојбата и социјалното вклучување на младите луѓе и констатацијата дека младинската работа го помага личниот и социјалниот развој на младите преку широк спектар на активности со социјална, културна, образовна, или политички природа, спроведувани од, со и/или за млади луѓе. Младинската работа припаѓа на образованието кое се одвива „надвор од училиште", а ги вклучува и активностите за организација и пополнување на слободното време водени од младински работници (професионални или волонтери). Таа е организирана на различни начини од страна на организации водени од млади, организации за млади, неформални групи, младински сервиси или јавни власти. Помагајќи им го личниот и социјалниот развој на младите, младинската работа придонесува за нивното одржливо осамостојување и зајакнување заради успешно справување со секојдневните проблеми и ризици на кои се изложени.

Резолуцијата на Советот на ЕУ за младинска работа од 2010 година ја дава следната дефиниција: *Младинската работа се одвива во воннаставното подрачје, како и во подрачјето на органзиацијa на слободно време и истата се заснова на процеси на неформално и/или информално учење и доброволно учество. Овие активности и процеси се самоуправувани, ко-управувани или управувани под образовни или педагошки насоки од страна на професионалци или волонтери: младински работници и младински лидери.*

Во Македонија, младинската работа официјално е дефинирана во Националната стратегија за млади 2016 – 2025 како: *Локална младинска работа која претставува организиран и систематски процес на едукација и*

*поддршка на автентичниот развој на младите, со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал. Таа е директно поврзана со развој на локалната заедница преу која младите не само што стануваат активни субјекти во процесот на сопствениот развој туку и активни чинители во животот во заедницата.*

Од друга страна ќе ја спомнеме и дефиницијата на Сојузот за младинска работа, како мрежа од млади организаци и организации кои работат со или за млади, а кои моментално се единствените спроведувачи на младинска работа во Реублика Македонија. Дефиницијата е изработена како дел од иницијативата за креирање закон за младинска работа, спроведена од Сојузот заедно со Агенција за млади и спорт во 2014 година. Истата ја определува младинска работа како *термин кој се користи за да ги опише сите активности, пристапи и процеси за градење на капацитетите на младите преку неформално и спонтано (информално) учење со цел личен и социјален развој како и активно вклучување на младите во општеството.*

Во македонската литературата се среќава и една друга дефиниција за младинската работа која доаѓа од програмата Лидерство и младинска работа во заедницата спроведувана од Центарот за неформално образование Триаголник и Универз .тетот на југоисточна Европа. Според оваа дефиниција: *Целта на младинската работа е да ги развие капацитетите на младите луѓе, да креира услови и да изгради позитивни релации со младите луѓе за да можат да одговорат на потребите на заедницата. Младинската работа е во насока на зајакнување на младите луѓе за да можат активно да ги реализираат нивните права, а во исто време и активно да учествуваат во донесувањето на одлуки кои директно ги засегаат младите.* Според оваа дефиниција активностите кои спаѓаат под младинска работа опфаќаат: работилници, обуки, волонтерски настани (хуманитарни акции, спортски турнири, еколошки акции, фестивали за млади, жива библиотека, денови на заедницата и слично) со цел покорисно да го пополнат слободното време на младите и ги развијат нивните животни вештини.

Врз основа на прегледот на националните дефиниции и ставовите на експертите можеме да забележиме како често се наведува дека младинската работа на младите луѓе им нуди активности кои се засновни на нивните потреби и интереси, притоа користејќи ги методите на неформално образование,

партиципативно, искуствено учење, информирање и советување, менторство и врсничка (peer) поддршка кои може да се одвиваат во и вон институции/организации, а со цел помагање на личниот и социјалниот развој на младиот човек. Истата помага во развој на самопочита, самодовербата и во социјализацијата на младиот човек. Личниот и социјалниот развој треба да доведат до зајакнување на младиот човек, негова еманципација, развој на неговата теолеранција и зајакнување на младешката одговорност, што пак од своја страна треба да придонесе кон активно учество на младите луѓе во општеството; превенција на однесување кое е ризично по здравјето и безбедноста на младиот човек и целокупното оштество; социјално вклучување и социјална кохезија.




Извор: Allison Dunne, Daniela Ulicna, Ilona Murphy, Maria Golubeva Checked by Daniela Ulicna, Margaret James, edited by European Commission, (2014),Working with young people: the value of youth work in the European Union (2014)

Младинската работа е комплементарна на формалното образование и се спроведува со примена на: неформално и информално/спонтано учење; интеркулурно учење; со примена на спорт, интернет, уметност, организација на слободно време, култура и сл. како алатки за остварување на учењето; менторство и подучување; врсничко советување и информирање; застапување и лобирање. Младинскиот работник ги спроведува услугите на младинската работа на отворено, во рамките на институција и/или органзиација и/или на интернет. Согласно дефинициите за младинска работа, младински работник е лице кое спроведува услуги од младинската работа односно помага во градење на капацитетите на младите, преку неформално образование и информално учење, а со цел личен и социјален развој како и активно вклучување и учество на младите во општеството.

## 2. Основни задачи и принципи на младинската работа

Во 2017 година, во процесот на подготовка на стандардот на занимање младински работник практичар, заради вметнување на ова занимање во Националната рамка на квалификации на Република Македонија и отворање на можност за неформално образование и препознавање и вреднување на младинските работници практичари, како едни од мноштвото профили на младинкиот работник, Сојузот за младинска работа се обиде да ги дефинира основните задачи на младинската работа и како такви во своите работни документи ги наведе:

- планирање, организација, спроведување, координирање, управување со и проценување на успехот на услугите на младинската работа кои се соодветни на поединечните нивоа и видови на младинска работа и кои се во согласност со правилата и насоките кои произлегуваат од конкретните работни задачи кои младинскиот работник може да ги спроведува, воден од потребите на индивидуите, групите или заедниците со/за кои работи;
- пронаоѓање, подготвка, одржување, управување со местата и опремата за работа соодветни за спроведување на активности од поединечните нивоа и видови на младинска работа, а кои се во согласност со правилата и насоките кои произлегуваат од конкретните работни задачи кои

младинскиот работник може да ги спроведува воден од потребите на индивидуите, групите или заедниците со/за кои работи;

- поддржување на личниот и социјалниот развој на младите; превенција на појава на проблем кој би го загрозил целокупното функционирање и благосостојбата на младиот човек; намалување на штети од одредени проблеми и состојби кои негативно влијаат на личниот и социјален развој на младите и целокупното функционирање и благосостојбата на младиот човек како и создавање и унапредување на услови потребни за остварување на ваквата поддршка преку неформално образование, интеркултурно учење, организација на слободно време и информално учење, менторство, подучување, застапување и лобирање;
- помагање и зајакнување на способностите на младите за активно учество во заедницата и создавање на услови за социјална инклузија и младинско учество;
- осигурување на транспарентност во младинската работа, промоција на придобивките и потребата од истата;
- известување и водење на евиденција за активностите и корисниците на услугите на младинската работа;
- поставување, работење според и унапредување на стандардите за квалитет на младинската работа;
- рационално, одговорно и еколошки оправдано употребување и одржување на опремата и материјалите потребни за спроведување на младинската работа;
- соработка и вмрежување со млади, со колеги, и останати професионалци од истиот и другите сектори, како и со пошироката јавност заради остварување на задачите на младинска работа;
- одговорно, еколошко и рационално спроведување на младинската работа и осигурување на безбедност при спроведување на истата.

Во рамките на истиот процес СМР ги посочува следниве принципи на младинската работа: доброволност, доверливост, достапност, транспарентност, инклузивност, недискриминација, партиципативност, еднаквост, рамноправност и зајакнување.

Во интерните работни докумети на СМР, опишани се различните нивоа на младинска работа, онака како ги гледаат организациите членки. Според истите,

младинската работа има четири нивоа кои се разликуваат според делокругот на работа, правата, обврските и степенот на автономија во работата, а согласно на тоа и според компетенциите кои се потребни да ги поседува младинскиот работник заради успешно извршување на задачите соодветни за секое ниво.

**Младински работник почетник** е лице со развиено основно ниво на познавање на концептот, правилата и процесите на младинската работа, има развиени систематични и стручни способности за младинската работа и помалку од 2 годишно искуство во практикување на истата. Младинскиот работник од ова ниво може да биде активен во некои од областите од делокругот на работа на младинскиот работник и да има спроведува задачи со помала комплексност. Истиот не е автономен во својата работа односно работи со постојана поддршка од младински работник од повисоко ниво. Младински работник почетник може да биде лице кое:

- завршило средно образование и следело обуки за младинска работа во рамки на неформално учење, стручно образование или образование за возрасни со што ги развило способностите за младинска работа од ова ниво.

**Младински работник практичар** е лице со напредно ниво на познавање на младинската работа, широко развиени способности за спроведување на истата и повеќе од 2 годишно искуство како младински работник почетник. Младинскиот работник од ова ниво може да биде активен во повеќето од областите од делокругот на работа на младинскиот работник и да има активна улога во покомплексни задачи. Истиот има поголема автономија во својата работа и работи со повремена поддршка од младински работник дипломец или експерт. Младински работник практичар, може да биде лице кое:

- завршило средно образование за младинска работа со избалансирани теоретско – практични содржини и има искуство како младинскиот работник почетник во времетраење од најмалку 2 години или
- завршило друг вид на средно образование но следело обуки за младинска работа во рамки на неформално учење, стручно образование или образование за возрасни и има искуство како младинскиот работник почетник во времетраење од најмалку 2 години; со што ги развило способностите за младинска работа од ова ниво.

**Младински работник дипломец**, е лице со високи познавање и способности за младинската работа и долгорочно искуство во практикување на истата. Младинскиот работник дипломец може да биде активен во сите области од делокругот на работа на младинскиот работник и да е активно влучен во најкомплексни задачи. Истиот е автономен во својата работа и повремено се советува со младински работник експерт.Младински работник дипломец може да биде лице кое:

- завршило високо образование: додипломски студии за младинска работа и има искуство како младински работник практичар во времетраење од најмалку 2 години, или 4 годишно искусво како младински работник имајќи ги предвид сите нивоа или
- завршило додипломски студии, во некоја од сродните професии, но следело обуки за младинска работа во рамки на неформално учење, стручно образование или образование за возрасни и има искуство како младински работник практичар во времетраење од најмалку 2 години, или 4 годишно искусво како младински работник имајќи ги предвид сите нивоа, со што ги развило способностите за младинска работа од ова ниво.

**Младински работник експерт**, е младински работник со највисоки познавање и способности за младинската работа и долгорочно искуство во практикување на истата. Младинскиот работник од ова ниво може да биде активен во сите области од делокругот на работа на младинскиот работник и да е активно влучен во најкомплексни задачи. Истиот е целосно автономен во својата работа. Младински работник експерт може да биде лице кое:

- завршило високо образование: специјалистички, магистерски или докторски студии за младинска работа, и има искуство како младински работник дипломец во времетраење од најмалку 2 години или 6 годишно искуство како младински работник имајќи ги предвид сите нивоа или
- завршило специјалистички, магистерски или докторски студии, во некоја од сродните професии, но следело обуки за младинска работа во рамки на неформално учење, стручно образование или образование за возрасни и има искуство како младински работник од трето ниво, во времетраење од најмалку 2 години или 6 годишно искуство како младински работник,

имајќи ги предвид сите нивоа, со што ги развило способностите за младинска работа од ова ниво.

Тука е важно да се споменат и заложбите на Европскиот младински форум, како најголемо претставничко тело на младите на Европско ниво, за обезбедување на квалитетна младинска работа дефинирајќи некои водечки принципи кои би послужиле како критериуми за осигурување на квалитетна младинска работа:

- спроведувана со целосен фокус на младите и врз основа на правата, способностите, интересите и потребите на младите луѓе;
- практика заснована на градење на позитивни врски;
- фокус на интеракција и активности планирани со други;
- стремеж и придонес кон зајакнување на младите луѓе и вклучување како партнери;
- позитивно лично и социјално влијание;
- доброволно и значајно учество;
- неформално образовен процес на учење;
- ангажирање и забава во својот пристап и методологија.

Разновидноста на младинската работа, особено во смисла на секторски, организациски и тематски пристапи, им овозможува на секој млад човек да го најде патот кон истата. Нејзината природа дозволува да младите луѓе можат да бидат истовремено и нејзини спроведувачи/практичари но и корисници.

Младите отсекогаш се наоѓаат во одредена улога во тоа што не се возрасни, ниту пак се деца. Младинската работа ги става младите луѓе во центарот на активностите, што несомнено води до саморазвој. Исто така, младите луѓе се одговорни за развој на активност во која тие се одговорни за планирање, извршување и следење на активностите, со што се гради самодоверба, доверба и зајакнување на младите луѓе. Младинската работа ги охрабрува младите луѓе да преземат одговорности кои често се сметаат за дел од возрасниот живот а во исто време и да ги користат и начините на интеракција и учење засновани на рекреација; ефикасно градење на мост помеѓу возрасниот живот и детството. Додека учествуваат во младинска работа, младите луѓе ја зголемуваат нивната способност да се ангажираат и да бидат слушнати во општеството.

ЕМФ истакнува дека младинската работа е забавна и треба да се одвива од доброволни мотивации и слободна волја. Различни интерактивни методологии, на пример, игри, кои обезбедуваат учење преку забава и радост, се одличен медиум за младите да се едуцираат за вредностите, да преземат акција, да ја откријат и чуваат животната средина, да научат да знаат и да се почитуваат едни со други итн. Таа започнува таму каде што се наоѓаат младите, обезбедува простор за градење на интеракции, пријателства, врснички учења, развивање компетенции на младите луѓе, откривање на сопствените капацитети и дава можности младите силно да придонесат кон одржување на општествената благосостојба стимулирање на солидарност и активен придонес кон заедницата и развивање на чувстовот за заедничка своина и одговорност, како резултати кои често се заборааат и/или потценуваат.

## 3. Видови на младинска работа

Постојат повеќе обиди да се направат сеопфатни класификации на видовите на младинската работа. Во своето дело Типови на младинска работа, Вања Калаба вели дека во меѓународен контекст младинска работа е обликувана од историски, политички, социјални и економски фактои и дека постојат значителни разлики во однос на природата, структурата и фокус на младинската работа во различни земји [6]. Калаба, во нејзиниот Прирачник за младинска работа, ја наведува класификацијата на Banks (Banks; 199), во која се разликуваат четири видови на младинската работа:

- младинската работа за помагање на личниот и социјалниот развој наменета за различни целни групи на млади луѓе, која користи активности во сферата на организација на слободното време, а со цел да се спроведе некое неформално образование и информално учење;
- превентивна младинската работа која може да биде тесно поврзано со одредена целна група, заради спречување на појава на одредени ризици во однесувањето на младиот човек;
- младинска социјална работа (анг. Youth Social Work) каде што се работи на советување и помагање на млади луѓе кои се веќе изложени или

[6] Kalaba, V. (2007); Tipovi omladinskog rada- esej dodiplomske studije Omladinski rad u zajednici

погодени од некои од социјалните ризици заради поддршка на нивниот личен и социјален развој и нивно активно учество во заедницата;

- младинската работа базирана на активности за организција на слободното време кои немаат за цел да поттикнат или промовираат учење. на пр. селски фудбалски тим. В. Калаба истакнува дека иако Banks и ова го сместува во кругот на младинската работа, сепак можеме да видиме дека овој вид нема намерно образовен карактер и како таков Калаба смета дека не може да се класифицираат како младинската работа, ами повеќе како работа со млади. Истата додава еден нов тип на младинска работа:
- младинска работа базирана на активности кои не вклучуват учење но кои имаат за цел да привлечат млади кон активности кои се или промовираат неформално образование и информално учење, во правец на личен и социјален развој и активно учество во заедницата, а кои воедно се активности во кои младите сепак, поттикнати од младинскиот работник, усвојуват некои вредности и ставови по пат на негова имитација.

Според методот на работа, Калаба ја класифицира младинска работа на младинска работа со поединец, со група и со локална заедница. Индивидуална работа се состои од работа со поединците со цел постигнување на нивниот личен и социјлен развој и нивна подготовка за активно учество во општествениот живот. Вообичаените облици на индивидуалната работа се состаноци „еден на еден", сесии за советување или менторство каде што фокусот се става на личноста и нејзините потреби. Групна младинска работа претставува метод каде неколку млади лица работат и учат заедно во група, а самите членови или лидери им ги обезбедуваат условите за учење. Групната работа се применува најчесто во форма на работилници, семинари, кампови, обуки и сл. Развој на заедницата претставува метод кој ги поврзува, зајакнува и едуцира поединците, групите и институциите во рамките на заедницата. Според Марк Тејлор, за да се разбере младинската работа во заедницата, сите засегнати страни мора да работат заедно врз основа на заедничката цел и потреба, за да се постигне поголема ефективност и подобри резултати. Развојот на заедницата е колективна акција која се занимава со различни прашања кои имаат влијание врз животот на поединците, групите и заедниците. Ваквата класификација според методот на работа е нешто што им е добро познато на социјалните

работници бидејќи и тие поаѓајќи од методот како критериум за класификација, ја класифицираат својата професија на: социјална работа со поединец, со група или со локална заедница. Ова уште повеќе ја замаглува границата меѓу овие две помагателни професии и сведочи за нивната нераскинлива поврзаност и комплементарност за која ќе стане збор понатаму.

Сето ова што го споменавме до сега, наведува кон заклчок дека организациите и оние кои работат во областа на младинската работа треба да ја пронајдат вистинската рамнотежа помеѓу осигурување на поддршка на младите од една страна и поттикнување и почитување на нивата самостојност, од друга страна, а при тоа водејќи сметка сето тоа да овозможува креирање на средина која го промовира нивниот личен и социјланиот развој.

Маневски, во својот необјавен магистерски труд, Младинска работа во Република Македонија ја наведува и типологија на младинската работа која како критерим за разликување ја има локацијата каде се спроведуваа активностите на младинската работа. Имено, водејќи се од верувањето дека младинската работа треба да биде присутна таму каде што се младите и притоа од фактот дека истата треба да одговари на нивните потреби, Маневски посочува дека самото спроведување на младинската работа може да се одвива на различни локации: младински клубови, училишта, граѓански организации, институции, или на отворено. Тоа доведува до следната класификација:

- Младинска работа на отворено. Младинската работа на отворено претставува спроведување на активноститие од младинската работа надвор од младинските клубови и организации. Ваквиот вид на работа е прифатлив за срединитe каде што младите не сакаат да бидат директно вклучени во одредени активности во младински центри или организации. Исто така, овој тип на младинска работа е соодветен за оние млади со помалку можности, млади кои живеат во средини со помалку можности и/или се дел од маргинализирани и тешко достапни групи што од различни причини не се чувствуваат пријатно во поголеми групи или во одредена институција. Младинска работа на отворено се применува и во случај кога не постои младински центар или пак, истиот е оддалечен од целната група. Преку младинска работа на отворено се потврдува дека затворениот простор не е секогаш услов за спроведување на активностите, услугите на младинската работа. Ова е од посебна важност ако имаме во

предвид дека моментно во Република Македонија поголемиот дел од младинските организации кои се занимаваат со младинските прашања имаат проблем со простории за работа, па со самото тоа ваквиот вид на работа може да биде многу прифатлив за нас. Сепак, од резултатите на истражувањето на Маневски, се гледа дека ваквиот вид на младинска работа сеуште не е популарен кај нас, па доколку давателите на младинска работа немаат свои простории, тогаш би користеле простории од јавна или приватна институција или училишта. Младинската работа на отворено може да се разграничи на два под-типови на младинска работа:

- Независна младинска работа – младинскиот работник работи на места каде што се собираат младите, на пр. автобуски станици, паркови итн. На тој начин полесно им се пристапува на оние млади што не сакаат да бидат дел од активностите во младинските организации или не се чувствуваат пријатно. Младинскиот работник во овој процес им дава поддршка и ги зајакнува младите преку менторство и социјално образование.
- Информативна младинска работа која е краткорочна активност на младинската работа со цел воспоставување врска помеѓу давателите на младинска работа и младите во заедницата. Овој тип на младинска работа тежнее кон тоа да ги запознае младите со можните услуги кои се нудат и можните вклучувања на младите во различни активности и проекти. Токму во ова се состои разликата помеѓу информативната и независната младинска работа бидејќи главната цел на независната младинска работа не е вклучување и членување во младинските организации туку директна поддршка на младите таму кај што се.

- Младинска работа во младински центри. Младинските центри можат да се наоѓаат и во градски или во селски средини, како и во рамките на граѓански организации, религиски институции, месни заедници, училишта и слично. Престојувајќи во центрите, младите присуствуваат на одредени специјализирани работилници каде што се фокусираат на личниот и социјалниот развој низ неформално образование и информално учење. Најчесто целта на ваквите активности се подобрување на одредени вештини кај младите како што се комуникација, организирање на некој

настан или пак разбирање на одредена тема која е од суштинско значење за нив и за општеството во кое живеат со што им се помага во донесување на информирани одлуки и информирани избори за своето однесување и се зајакнуваат нивните капацитети и можности да бидат активни членови во заедницата каде живеат и да придонесуваат кон нејзин понатамошен развој и опстојување. Воедно, младите го поминуваат своето слободно време во клубот дружејќи се и играјќи различни забавни друштвени игри: фудбал, монопол, карти и слично, гледаат филмови и дискутираат за нивните содржини, готват и учат здрави животни стилови и сл.

Следна типлологија на младинската работа, која ќе ја разгледаме во продолжение, поаѓа од профилот на младинските работници . Според профилот на младинските работници младиснката работа може да биде:

- Интуитивна младинска работа која што е иницирана и спроведувана од страна на луѓе кои немаат професионално образование и притоа користат методи врз основа на принципот на разумно работење и искуство.
- Младинска работа во рамки на општествените движења која има силна и експлицитна поврзаност со општествените движења како што се извиднички, религиски или политички движења.
- Професионална младинска работа - водена од страна на луѓе со соодветно образование и професионално занимање кое е поврзано со младинската работа. При оваа класификација професионалната младинска работа вклучува и професионален однос помеѓу младинските работници и младите, кој е заснован на почитувањето на основните принципи, методологија, етички и морални вредности на младинската работа и применување на рефлективна практика. Со професионалната младинска работа можат да се занимаваат оние што ги стекнале потребните компетенции и квалификации за младинска работа низ формално или неформално образование. Најчесто кога зборуваме за младинска работа се подразбира токму професионалната воннаставна младинска работа.

## 4. Основни активности на младинската работа

Обидите за презентирање и сумирање на основните активности на младинската работа според нивните заеднички карактеристики не секогаш

завршуваат со едноставен финален производ. Според многу модели на младинската работа видливо е дека активностите зависат од целите и посакуваните резултати и дека младинската работа е честопати флуидна (променлива) помеѓу големиот број на фактори кои и влијаат. И покрај некои клучни заеднички карактеристики помеѓу многу примери на младинската работа има и доста големи разлики во однос на видовите на активности кои се понудени и нивниот фокус. Поради ова се поставува прашањето, ако не може да ги организираме активностите по типови и видови во облик на табела, на кој начин би можело практиките на младинската работа да се направат разбирливи, а притоа да се почитува нивната разновидност. Повеќе европски студии имаа за цел да развијат класификација на младинската работа. Класификацијата предложена од Европската Комисија и ГХК- ТВС Медиа, предлага наизглед едноставна типологија изградена врз основа на две главни оски каде секоја оска е континиум наместо листа на опции. Двете главни оски се:

- **Целна група**: меѓузависноста на младинската работа и целната група е многу јасна па затоа со цел да се направи разлика и класификација се користи токму оваа категорија. Главната разлика е помеѓу оние активности на младинската работа кои се наменети за сите млади луѓе и оние активности кои се фокусираат на одредени групи, пред се млади со помалку можности. Првата група на активности се очекува да биде соодветна за сите млади, без разлика на нивното претходно искуство. Втората група на активности имаат пристап кон младинската работа кој е посебно развиен за одредени групи на млади луѓе кои се наоѓаат во специфични ситуации. Поради ова, активностите се конкретни со цел да ги адресираат потребите на младите од посебната група, и притоа ги земаат во предвид сите карактеристики на групата и на контекстот во кој таа група работи и живее.
- **Целите на младинската работа**: некои активности од младинската работа имаат главната цел поддршка на личниот и социјалниот развој на младите и нивно само-остварување. Друга група на активности имаат за цел решавање на конкретни прашања за младите. Во овој случај, активностите не се задолжително фокусирани кон една наведена група (иако тие можат да бидат), туку фокусот е на специфични општествени прашања без разлика на која група или групи на млади се однесуваат.

Треба да се напомене дека фокусот на личен развој на младите, најверојатно, е присутен во сите активности на младинската работа без разлика на методите или темите на активностите, но во првиот случај тука спаѓаат активности на младинската работа каде личниот развој на младите е главната цел.




## 5. Историја на младинската работа

Се смета дека младинската работа како и социјалната, своите корени ги има во активностите за млади на црковните и христијанските здруженија. Овие активности почнаа како волонтерска помош за младите од страна на возрасните, а со текот на времето, securityполека со нивнито развој се повеќе се фокусираа на активности за исполување на слободното време на младите и обезбедување на простор за нивна социјализација. Како што еволуираше младинската работа, така почаа да се појавуваат и други актери кои почнаа да ја спроведуваат и поддржуваат истата.

Повоениот период се карактеризира како фаза каде може да се препознае почетокот на државна поддршка за младинска работа и перод кога во се разви концептот „млади", како различен од детството и зрелоста. Младинската работа со своите активности полека стануваше комплементарна на активностите кои се одвиваа во образованието, социјалната работа и семејството. Структурите за

млади, вклучувајќи ги и младинските центри, младинските совети и младинските организации, станаа типични места за младински активности кои честопати беа финансирани од државите. Но, појавата на државата како најголем обезбедувач на поддршка за развојот и опстојувањето на младинската работа придонесе за промена на нејзиниот фокус.. Еден видлив тренд беше оддалечувањето од овие „формални" структури на младинска работа (т.е. младинскиот клуб, младинскиот центар итн.) кон нови форми на младинска работа, вклучувајќи теренска, улична младинска работа на отворено.

Традицијата на младинската работа во постосоцијалистичките земји се разликува во земји-членки на Советот на Европа. Младинските движења, кои биле основани пред социјалистичкиот режим, како што се извидништвото, биле забранети за време на социјалистичкиот период. Сепак, младинската работа продолжи под поинаков облик. Првенствено, младинската работа заземала форма дополнителни пост –училишни активности за млади луѓе кои им давале значајно и конструктивно организаирање на слободно време, вклучувајќи и неформално образование во области како што се култура, спорт и хоби, истовремено индоктринирајќи ги младите луѓе со комунистичката идеологија на тоа време. Заедничко за социјалистичките држави беше тоа дека младинската работа беше организирана и во образовните институции и заедно со нив, како што на пример летни кампови. Зградата на училиштето или зградите лоцирани близу до училиштето беа места каде се спроведуваа овие младински активности. Исто така, доброволната природа на младинската работа не беше клучен аспект и наместо тоа се очекуваше дека повеќето млади луѓе опфатени со вакив активносит ќе бидат членови на владините организации за млади.

По пропаѓањето на социјалистичкиот систем, повторното започна појавување на традиционалните младински движења збогатени со некои нови форми на младинска работа. Во некои случаи, како што е Источна Германија, младинскта работа беше водена од истите оние луѓе кои биле вклучени во младинска рбаота пред социјалистичката, што резултираше со силен протест од младите луѓе што ги обезбедуваше. Затоа се појавија нови пристапи врз основа на револуционерни пристапи, еманципаторни теории и пристапи ориентирани кон потреби.

Споредбено, низ цела ЕУ, каде што некогаш младинската работа беше водена од општествените вредностите и се базираше на спроведување

активности за поминување на слободното време, денес се зголемува акцентот на пристапи кои имаат специфични цели и кои опфаќаат „тешко дофатна младина“ или младина со помлкау можности. Младинската работа веќе не е првенствено карактеризирана обезбедување на услуги од возрасните за младите, како што беше во првите денови, туку младинска работа еволуираше кон работа на возрасните и младите заедно и во партнерства која е насочена кој помагање на развојот на младиот човек и неговиот живот во заедницата каде живее. Младинската работа продолжува да се развива за да го одразува менувањето на општеството, а истата во важност за политичките агенди на огромното мнозинство земји во ЕУ. Ова растечко значење на младинската работа во повеќето земји-членки може да се припише на голем број фактори кои се поврзани со сложените транзиции со кои се соочуваат младите луѓе во Европа. Невработеноста и неактивноста на младите е една од најважните причини, како и желбата за подобрување на животните можности за младите, вклучувајќи ја и нивната благосостојба и социјална вклученост. Младинската работа игра значајна улога во опремувањето на младите луѓе со вештини кои се потребни и на пазарот на трудот или во сферата на образованието и за нивниот личен развој и благосостојба.

## 6. Младинската работа во Македонија

Во приказ на историјата на младинската работа во Македонија, ќе се послужиме со податоците од споменатиот маистерски труд на Маневски, и работните документи на Сојузот за младинска работа. Маневски нагласува дека иако преовладува мислењето дека младинската работа е новост на нашето подрачје, историско гледано, младинската работа била присутна на подрачјето на поранешната СФР Југославија. Зачетокот на младинската работа е вклучен и воведен од претходниот систем во обликот на системско - сеопфатен модел кој е воден од идеологијата на социјализмот. Во практиката ова било спроведувано преку неколку столбови и тоа пионерите и мрежите на центри наречени Пионерски домови од една страна, и Сојузот на комунистичка младина на Југославија (СКОЈ) и Сојузот на социјалистичка младина, (ССО) од друга страна како формални организации на младите што биле консултирани во одлучувачкиот процес. Како активности или мерки кои се спроведувале

вклучувале и програми за вработувања на младите, стипендирање, доделување станови и слично. Формалното образование, генерално, било задолжено за стекнување на академското знаење, а со учеството во работата на пионерите, СКОЈ и ССО како први облици на младинска работа, се стекнувале вредности кои биле потребни за активен ангажман во општеството. Овој системско - сеопфатен модел на младинската работа бил воден од идеологијата на самоуправниот социјализам. Тој бил иницирaн, признат и поддржан од страна на државните структури и гледан како комплементарен дел на образованието на младите, покрај формалното образование, при што одредени активности биле инкорпорирани во самиот формален систем на образование. Како важни елементи или вредности на тој модел биле издвоени следните: примена на образование со претходно утврдена цел, промовирање на патриотски вредности, волонтерство, нерелигиозност/атеизам, колективизам, братство и единство, еднаквост и униформираност. Овие вредности преку младинската работа биле директно споделувани со младите како основ за нивното учество во јавниот и општествен живот.

По независноста на Македонија, голем дел од структурите од претходната држава продолжиле активно да работат се до крајот на 90тите години од минатиот век. Тогаш преку процеси на трансформација и приватизација се затвора Националниот младински совет на Македонија (поранешен Сојуз на социјалистичка младина на Македонија), додека Пионерските домови стануваат предмет на општествен експеримент со цел нивна приватизација. Во тој процес се појвил голем ризик, центрите да се затворат поради неможноста да бидат финансирани од локалните самоуправи и незаинтересираноста од приватни фирми да ги откупат и организираат како центри за млади. За среќа во тој период се појавува иницијатива за создавање на т.н. Вавилон центри во потојните Пионерски домови. Вавилон центрите се идеја на италијанска невладина организација финасирана од Ецхо (Европска конфедерација на организации кои нудат грижа и негување) , и со поддршка од УНИЦЕФ (детскиот фонд на Организацијата на обединетите нации). Целите на проектот биле во центрите да се развијат програми кои ќе бидат соодветни на потребите на децата и младите за исполнување на слободното време. Центрите Вавилон посветувале посебно внимание на иницијативите и активностите на родителите и волонтерите за да се подигне нивото на самоодржување на проектот. Идејата

била да се постигне оддржливост на локалната младинска работа преку волонтерство, поддршка од родителите и од локалната самоуправа. Активностите на центрите биле поделени во активности за деца, како што се спорт, компјутерски вештини, англиски јазик, социјални вештини и креативност; и активности за тинејџери, во кои покрај споменатите, се вбројуваат новинарство, дебата и право. Со центрите раководеле координатори и едукатори, а се формирало и здружение на родителите на „Вавилон" и здружение на волонтери на „Вавилон". Центрите соработувале и со училиштата за деца со посебни потреби и со здруженија на самохрани мајки. Во 2001 проектот го набљудувала и Светската банка која понатаму продолжила да го финансира.

Како значаен основ за развој на младинската работа во Македонија е и обуката наречена „Основи на младинската работа во заедницата" која со своите 6 модули се спроведувала во Куманово, Кавадарци, Теарце и Скопје. Обуката ја спроведувал Центарот за неформално образование Триаголник од 2008ма година до 2011та година во соработка со Универзитетот Јонкопинг од Шведска. Како дел од обуката се работело на следните теми: вовед во младинска работа во заедницата и личен развој; период на адолесценција; работа со индивидуи; работа со групи; работа со конфликт и различности; менаџмент во младинска работа во заедницата. Од 2008 година, оваа програма континуирано се имплементирала секоја година со приближно 25 учесници во 3 групи. Програмата се имплементирала во Куманово, Кавадарци и Теарце (Тетовско) како и неколку групи во Скопје. Од 2011 програмата е дел од Универзитетот на југоисточна Европа како додипломски студии за „Лидерство и младинска работа во заедницата" Како резултат на програмата се воспоставиле сет на младински центри наречени Проактив центри. Преку центрите се направил обид се изгради одржлив модел на младинска работа, на локално и национално ниво, кој го олеснува развојот на вештини, знаење и ставови кај различните млади луѓе, ги поддржува во барањето на нивните права и ги поттикнува да земат активно учество во нивната заедница. Програмска цел на центрите била да се овозможи на различни млади луѓе во целните области да се здобијат со вештини, знаење и ставови за да ги бараат нивните права и практикуваат проактивен пристап во нивниот живот и во заедницата. Карактеристичен пристап на програмата е вклучувањето на професорите, младинските работници, младинските

организации и организациите кои работат со млади, родителите, образовните институции и носителите на одлуки на локално/национално ниво. Ова се правело со цел истите да се запознаат со бенефитот од младинската работа и така да ја препознаваат и поддржуваат младинската работа како значајна алатка која им овозможува на младите да постигнат автентичен интер и интра персонален развој. За жал, овој отворен пристап не ги дал ефектите што биле посакувани, односно денеска од сите Проактив центри функционира само еден во Теарце како дел од граѓанската организација Центар за едукација и развој.

Од 2006та година, Европските образовни програми стануваат основен извор на финансирање за многу младински организации. Младинската работа во Република Македонија почнува да се развива под директно влијание од овие програми па така се појавуваат организации даватели на младинска работа чии цели се директно поврзани со програмата Млади во акција која траеше од 2007ма до 2013та година. Општите цели на оваа програма беа следниве:

- Промовирање на активното граѓанство на младите луѓе воопшто и особено на нивното европско граѓанство;
- Развивање на солидарност и промовирање на толерантност помеѓу младите луѓе, особено за да се поттикне социјалната кохезија на Европската Унија;
- Да се поттикне взаемно разбирање помеѓу младите луѓе во различни земји;
- Да се придонесе кон развивање на квалитетот на системите за поддршка на младински активности и способностите на организациите од граѓанското општество во областа на младите луѓе;
- Промовирање на европска соработка во областа на младите луѓе.

Преку можноста за обука и вмрежување во областа на младинската работа и младинските организации оваа програма ја поддржуваше обуката за сите оние кои се активни во областа на младинската работа и младинските организации. Преку ваквите проекти се градеа капацитети особено на лидери на проекти, младински работници и активни волонтери во младинските организации. Исто така, се поддржуваше размена на искуства, експертиза и добри практики помеѓу лицата кои се активни во младинската работа и младинските организации.

**Иницијативата на Сојуз за младинска работа**

Сојузот за младинска работа, како мрежа од младински и други невладини организации спроведувачи на младинска работа, е иницирaн од Центарот за меѓукултурен дијалог и програмата на Национален демократски институт со цел спроведувачите на младинска работа да ги застапуваат своите интереси на национално ниво и да придонесат за афирмација, унапредување и препознавање на младинската работа. Сојузот е составен од 15 организации членки од Македонија кои се здружени заедно да работат на вмрежување на младинските организации и организациите кои не се по статут младински (водени од млади) но кои работат со/за млади и спроведуваат младинска работа, размена на искуства, стандардизација на квалитетот на младинската работа и препознавање на младинската работа и младинските работници. Според Сојузот за младинска работа во Република Македонија активности опфатени со младинската работа се следниве: младинска работа со млади од ризични групи, младински едукативни активности надвор од формалното образование, младински информативни активности, младинско советување, обука за млади со цел личен и социјален развој, рекреативни активности за млади (слободни активности и кампови), обуки за работни вештини кои целат кон намалување на невработеноста кај младите, меѓународна младинска работа и посебни типови на младинска работа зависно од конкретниот контекст.

Во 2013та година, Сојузот за младинска работа започна процес за препознавање на младинската работа и младинските работници во Македонија. Во 2014, поради концепциски разлики со Агенцијата за млади и спорт и неможноста да се осигура финансирање за младинската работа од јавните финансии на Република Македонија, Сојузот отпочнал трансформација во саморегулирачко тело, кое од своето основање до денес работи на само-признавање на младинската работа и поддршка за вмрежување помеѓу давателите на младинска работа. Денес во 2017 година во рамките на проектот Обединети младински работници, спроведуван од членки на СМР во соработка со Агенцијата за млади и спорт, Центарот за стручно образовнаие и обука, Центарот за образование на возрасни, Сојузот за младинска работа, работи на поставување на стандард на занимање: младински работник практичар како едно од нивоата на младинска работа и интезивно се залага за афирмација на

професијата младински работник како комплементарна на другите помагателни професии затапувајќи се притоа за отварање на соодветни образовни можности за едукација на професионални младински работници заради препознавање на потребата од осигурување на квалитет на истата.

### 7. Младинската и социјалната работа




Добросостојбата на младите е заедничка задача и цел на повеќе помагателни професии. Полето на работа со млади со помалку можности и нивниот пристап кон социјалните права е можеби едно од подрачјата каде младинската работа се испреплетува со социјална работа.

Извор Allison Dunne, Daniela Ulicna, Ilona Murphy, Maria Golubeva Checked by Daniela Ulicna, Margaret James, edited by European Commission, (2014),Working with young people: the value of youth work in the European Union

Социјалната работа е професија која помага на индивидуалците, групите и заедниците да ги зајакнат своите способности за користење на сопствените потенцијали во надминување на проблемите. Според краткото известување за средбата The History of Youth Work in Europe and its relevance for today's youth (work) policy, која се одржа во Малта септември 2016, во организација на партнерството за млади меѓу Советот на Европа и Европската унија и со поддршка на агенцијата за млади на Малта, подготвено од Filip Coussee и Howard Williamson, младинската работа еволуира од социјалната работа и младинското движење во Европските земји и истата оперира во средина на „тензите меѓу од една страна младите луѓе како активна движечка сила на општеството а од друга, потребата да се зачува социјалниот систем. Младинската работа постојано се докажува себе си како социјална практика која воспоставува врски меѓу

приватните аспирации на младите луѓе и јавните очекувања од постоечките општества. И младинската и социјалната работа се на некој начин и педагошки практики во кои луѓето преку информално и неформално учење и дијалог наоѓаат начини за справување со проблемите и нивно надминување. Младинската работа, како и да е, повеќе е присутна во таканареченото трето образовно милје, во организација на слободното време на младите, и е насочена кон учење низ забава, додека социјалната работа поверојатно е дека е поприсутна во милјето на семејниот живот. И обете имаат поврзаности со процесот на формално образование. Младинската работа (теоретски) е отворена кон сите млади луѓе со секакво потекло и животни приказни додека социјалната работа повеќе се фокусира на најранливите категории на млади. Некои од практичарите на младинска работа сметаат дека младите се постојано во фокусот на младинската работа, додека пак кај социјалната, младите се појавуваат во фокусот само во ситуации на сериозни проблеми.

Младинската работа и социјалната работа се области кои, исто како и кај образованието, тешко можат да се разграничат. Според моделите и целите на младинската работа јасно може да се види дека превенцијата и социјална инклузија често се наведуваат како суштински теми на младинската работа. Од друга страна ова се исто така и дел од целите на социјалната работа. Во некои европски земји како на пример Холандија, постои дефинирана јасна линија помеѓу младинската работа и социјална работа, односно се препознава придонесот што социјалната работа го има за младите луѓе, но во рамки на младинската работа се дефинирани посебна листа на активности од отворена природа, без притоа да мора младинските работници да се специјалисти од социјална работа. Во други држави како Германија или Данска социјалната работа има дефинирано сет на услуги за младите, а слично е и во системот на социјална помош. Во Данска е опишан моделот наречен SSP-соработка (S = училиште, S = социјални услуги, P = полиција), преку кој се работи заедно за превенција на девијации кај младите, вклучувајќи и превентивни мерки чија цел е сите млади луѓе да се држат подалеку од престапи или криминални активности, дури и оние кои никогаш не се вклучиле во такви девијантни активности. Во Германија, во рамките на службите за социјална работа, постојат посебни оддели за активности со младите, наречени младински служби (кои се законски тела кои се потребни за да обезбеди широк спектар на услуги за

младите луѓе). Овие тела нудат поддршка на младите луѓе, на пример во нивната транзиција од образование кон работа. Оваа функција во повеќето земји законски е регулирана да се врши од страна на јавните служби за вработување.

Со цел да се направи генерална разлика помеѓу младинската работа и социјалната работа, според моделите и теориите на младинска работа, аналитичарите на нивната поврзаност советуваат да се анализира дали активноста или услугата која се нуди е на доброволна основа за младите, односно дали младите може да изберат дали да учествуваат во неа или не. Некои услуги и активности од социјалната работа не се доброволни, односно одредени целни групи мора да присуствуваат (на пример младите престапници или одредена група невработени). Од друга страна доброволната природа на младинската работа се смета како клучна за нејзиниот успех да ги придобие и вклучи социјално загрозените категории млади и младите со помалку можности. Но, во практиката, оваа разлика не е секогаш така лесно да се одреди. На пример, млад корисник на услуги може да се бара некои насоки и советување од социјален работник, при што методологијата и пристапот на социјалниот работник кон личниот развој на младиот корисник, може да бидат многу слични со доброволната советодавна младинска работа. Во секој случај, овие интеракции потребно е да се набљудуваат од аспект на меѓу-секторска соработка, при што ваквите примери докажуваат дека е потребно уште повеќе структуриран и планиран пристап за да се зајакне ваквото споделување на добри практики.

Преголемото нагласување на разликите помеѓу младинската и социјалната работа, лесно може да доведе до лажна дихотомија. Меѓу обете постојат многу повеќе работи кои ги поврзуваат и прават комплементарни отколку оние кои ги разликуваат. Во тој правец можеби поголема е потребата од нивно повторно поврзување како две страни на иста паричка. На крајот на денот, иако различно пристапуваат сепак и младинската и социјалната работа имаат иста задача кога работат со млади, а тоа е да ја помогнат и осигураат нивната благосостојба.

## 8. Придонесот на младинската работа за подобрување на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности

Младите луѓе, како столбови на социјалните, економските и политичките случувања во општеството, се соочуваат со многу различни бариери и проблеми кои ги тестираат нивните капацитети, способности и нивниот интегритет, особено оние со помалку можности.

Истражувањата на основните проблеми со кои се соочува денешната младина, најчесто ги потенцираат следниве како дел од главните предизвици со кои се соочуваат младите во нивниот период на транзиција кон автономија оставајќи огромен број млади луѓе во сиромаштија и/или на маргините на современите општества, со песимистички чувства за нивната иднина: отежнат пристап до: образование, вработување, домување, здравство, правна и социјална заштита, дискриминација, отежната мобилност, неможноста да се интегрираат во образовните системи, „застарени" неревидирани образовни наставни програми, неусогасеност помеѓу наставните програми и барањата и потребите на пазарот на труд, недостаток или недоволно застапена практична настава во образовните програми, ограничени и не секому достапни мерки за поддршка на образованието, неможност да се најде одржлива и соодветна работа, несигурност на работните места, ниски финнсиски надоместоци, работа без социјално и здравствено осигурување, недостаток на достапен адекватен и третман по мерка на различни млади со здравствени проблеми, недостаток на здравствени информации кои би го помогнале заштитата и унапредувањето на металното, физикото и духовното здравје на младиот човек и неговата благосостојба, дискриминаторски третман на млади кои се во специфични здравствени ситуации и кои соочуваат со различни предизвици по здравјето, неадекватен однос и табуизирање на младински здравствени прашања, недостаток или недоволна опфатност на можности за домување и политики за поддршка на младите луѓе во обезбедување на станбеното прашање, недостаток на де факто признавање на капацитетите на младите луѓе, стигматизација, маргинализација, предрасуди, исклучување, дискриминација (на основа на пол, возраст, позадина, националност, сексуална ориентација, родов индентитет, здравствени состојби) и сл.. Од друга страна пак, транзицијата на младиот човек кон автономија се соочува со целосно отсуство на или пак постоење на низа на

несоодветни системски, организирани одговори на тие предизвици од страна на сите системи за поддршка: семејството, пријателите, владите и општествените заедници воопшто. Младите се соочат со предизвикот да ги задоволат стандардите и очекувањата кои за нив ги поставиле нивните родители, пријатели, општества во кои живеат. Тие се соочат со предизвикот да се справат со традиционалното наспроти модерно современо однесување и верување, да се справат со неизвесноста на животните околности, социоекономските предизвици во земјата во која живеат, агресивните пазарни и општествени натпревари со кои се соочуваме денес и сл.

Навигацијата преку разни општествени, когнитивни, и емоционални предизвици наметнува потреба од постоење на кадри од кои младите ќе можат да бараат насоки, помош и поддршка во моделирање на различните животни улоги; советување и оспособување за ефикасно справување со животните предизвици согласно на индивидуалните желби, можности и потреби како и целосно и непречено поддржување во развојот на нивниот сопствен идентитет, создавање на социјална мрежа (вклучувајќи ги и семејството и пријателите) и во нивните обиди да се вклучат и да бидат почитувани во општеството.

Младинската работа е една од помагателните професии која се обидува да им помогне на младите во надминување на сите претходноспомнати предизвици на сеопфатен, системски и интегриран начин, обрнувајќи внимание на различните аспекти на животот и на младите луѓе како целина. Таа се темели врз развојот на меѓусебното почитување и доверба меѓу младинскиот работник и младата личнос и се стреми да создаде безбедна, поддржувачка и флексибилна средина за личен и социјален развој и развој на способности за активно вклучување во општествениот живот, нудејќи неформални и информални можности за учење, лични совети, насоки и поддршка. Младинската работа се стреми да создаде удобни и пријатни средини за живеење на младите луѓе, средини кои го овозможуваат растот и развојот на нивната креативност и нивното самоизразување. Една од главните предности на младинската работа е акцентот на партнерството и нејзината улога како врска и посредник меѓу младите луѓе и различни области, сектори и услуги, како што се локалната заедница, училиштето, социјалните служби, медиумите и полицијата. Ова подразбира дека младинската работа се базира на множество вредности, вклучувајќи го и пристапот кој на младите гледа позитивно, а не како проблем

кој што треба да се реши, дефинирајќи ги како личности со талент, вештини и способности, од кои некои допрва треба да се реализираат и како општествен потенцијал кој може да помогне во надминувањето на современите животни предизвици. Младинската работа има за цел да ги зајакне индивидуалните социјални способности, да верува во способностите на младите луѓе и да им даде шанса да преземат одговорности за себе, своите одлуки и однесување, истовремено помагајќи го во градење на самодоверба, доверба во другите и карактер. Процесот се случува со ангажирање на самите млади луѓе, гради односи и доверба и ги овластува да ги искористат своите предности и да ги адресираат нивните слабости. Како што веќе споменавме, младинската работа, покрај помагање во личниот и социјален развој, ги поддржува младите луѓе да станат активни граѓани и да се вклучат во одлуки и дејства кои влијаат врз нив и нивната заедница. Како резултат, младинската работа им овозможува на младите луѓе подобро да ги разберат ставовите и грижите на другите и оние на поширокото општество, што, пак, придонесува за поголема хармонија и социјална вклученост. Во овој контекст, младинската работа, исто така, има превентивен ефект врз поларизацијата и радикализацијата што потенцијално може да резултира со насилно однесување.

Принципите на младинската работа ги поддржуваат еднаквоста на младите и се стремат да ги унапредат своите социјални, економски и културни права. Младинската работа има за цел да ги поддржи младите луѓе да се справат со препреките и предизвиците со кои се соочуваат а од друга страна вклучува работа за влијание и промена на јавните политики и активности кои влијаат врз младите луѓе. Во оваа ситуација, младинските работници и организациите за младинска работа во партнерство со младите, можат да дејствуваат како застапници и да работат на влијание врз политиките и одлуките кои влијаат врз квалитетот на нивните животи.

Освен резултатите на индивидуалното ниво, младинската работа е важна компонента на нашето општествено живеење која нуди простор за контакт, размена и ангажираност меѓу младите, но и помеѓу различните возрасни генерации. Повеќето активности за младинска работа се дизајнирани да понудат искуства за учење кои можат да се збогатуваат и да се забавуваат и да нудат активности кои се споделуваат со другите. Тие имаат општествена вредност и треба да се препознаат како такви.

Активистите за признавање на вредноста на младинската работа, нагласуваат дека младинската работа вложува во животот на младите - преку личен развој и неформално образование, има способност да ја подобри и социјалната благосостојба и можностите за живот. Преку младинска работа може да се развијат трансверзалните вештини кои се повеќе се потребни за лични, граѓански и професионални транзиции на младите кон нивната зрелост. Младинската работа може да биде непроценлив партнер за другите што работат со млади луѓе, се додека другите партнери ги разбираат основните принципи на младинската работа. Во тој контекст, другите партнери треба да препознаат дека младинската работа е приод поткрепен со принципи наменети за поддршка на социјалниот и личниот развој на младите луѓе и зајакнување на општествениот капитал заснован на вредностите на човештвото. Младинската работа може да ги поддржи младите луѓе да го достигнат својот целосен потенцијал во сите сфери на животот, кои доколку се постигнат, значително ќе придонесат кон социјалната и економската благосостојба не само на младите, туку и на општеството како целина низ цела Европа.

European Commission | Youth

**Education and training**

- Improves non-cognitive skills and better academic outcomes
- Provides alternative pathways for dropouts
- Provides educational/career guidance
- Better opportunities for further development

**Employment and entrepreneurship**

- Develops transversal skills demanded on labour market
- Opportunity to practice skills in real settings
- Supports orientation of young people
- Can help matching young people and jobs

**Health and well-being**

- Access to information and trusted advice
- Changes in attitudes and behaviours
- Raises self-awareness
- Improved well-being

**Participation**

- Greater participation and involvement in democratic processes
- Raises awareness
- Develops critical thinking
- Empowers young people
- Provides opportunity for self-expression

**Volunteering**

- Youth work is frequently volunteer led
- Fosters solidarity
- Engagement in earlier years is correlated with voluntary engagement later on

**Social inclusion**

- Offers socialisation and a safe environment
- Prevents exclusion
- Targets specific at risk groups
- Combats negative perception of specific groups among general public

**Youth and the World**

- Develops a skill set and attitudes such as self-reliance, global awareness, cross-cultural communication
- Raises awareness of human rights, development, global themes
- Provides education for sustainable development

**Culture**

- Increase cultural participation
- Provides space for expression and creativity
- Promotes intercultural understanding, health, well-being etc.
- Broad personal development impact

Извор: Allison Dunne, Daniela Ulicna, Ilona Murphy, Maria Golubeva Checked by Daniela Ulicna, Margaret James, edited by European Commission, (2014),Working with young people: the value of youth work in the European Union

Да се потсетиме повторно на пречките во пристапот кон социјалните права на млади, детектирани од М. Дали и да разгледаме како младинската работа помага во нивно надминување.

Првиот сет на пречки, како што споменав, произлегува од формулацијата на правото и адекватноста на законските и други одредби. Овај сет на пречки вклучува: недостаток на прецизна формулација на правото и/или одредбата. ограничување на правото само на одредена категорија на луѓе; недостатоци во мрежата за социјална сигурност; недостаток на спецификација на основен праг или минимален стандард што повлекува и отсуство на обврски на државите да го обезбедат тој минимален стандард; петтата можна пречка се однесува на дизајнот на правото или подобноста, особено во однос на тоа како ова може да послужи за да се исклучат луѓето и последната тешкотија во овој сет се јавува кога постои несогласување помеѓу структурата на обезбедувањето и природата на побарувачката или потребата.

За надминување на овај сет на пречки, практикувачите на младинската работа лобираат и се застапуваат за промени кон прецизна форумулција и осигурување на универзалност на социјалните права како и за надминување на недостатоците и последиците кои произлегуваат од овај сет на пречки. Од друга страна, младинските работници ги мотивираат и помагаат младите луѓе со помалку можности во зајакнување на способностите за нивно самостојно застапување за себе си и за промени кои би го олесниле нивниот пристап до јасно и прецизно загарантирани права со балансирано обезбедување кое е складно со фактичните потреби. Истите истражуваат, даваат приказ, посочуваат, анализираат, мотивираат и предлагаат можни решенија и примери од добри практики за надминување на овај сет на пречки, развивајќи и можности за вмрежување на донесувачите на одлуки и младите со помалку можности и осигурување на учество во процесот на донесување на одлуки кои се однесуваат на ваквите препреки.

Вториот вид на бариера за социјалните права произлегува од неадекватно следење и спроведување. Бидејќи не е доволно да се имаат добри закони и да се обезбедат; тие исто така мора да се набљудуваат и да се спроведуваат. Токму тука и придонесува мадинската работа. Младинските работници во најголем дел ги следат однесувањата на донесувачите на одлуки и сите релевантни чинители во полето на социјалните права и обезбедуваат информации на основа на кои може

да се процени успешноста на нивната работа и истата најефективно да се унапреди. Тоа се случува и во полето на социјалните права на млади со помалку можности. Покрај следење на работата на влијателните чинители, младинските работници следат што се случува во поширок контекст и се застапуваат за спроведување на сите реформи на кои се обврзуваат влијателните чинители прифаќајќи интернационални, европски, препораки или насоки за унапредување на нивната работа во ова поле. Покрај ова, младинските работници во голема мера придонесуваат за развој на способности кај младите луѓе со помалку можности како тие сами би биле во можност да ја следат и да влијаат врз унапредување на спровдувањето на законските и моралните обврски на државите во полето на подобрување на нивниот пристап до социјалните права.

Несоодветните ресурси претставуваат трета бариера за остварување на социјалните права, бидејќи адекватните ресурси се суштинско значење за социјалните права. Средствата неопходни за давателите на услуги за остварување на социјалните права вклучуваат финансиски ресурси, како и човечки ресурси и лични капацитети. Ресурсни пречки може да влијаат на примателите (или потенцијалните приматели) преку слабо развиени образовни и други капацитети и вештини.

За таа цел младинските работници или сами или обучувајќи ги младите луѓе со помалку можности, придонесуваат за изнаоѓање на финансиски средства кои би го помогнале спроведувањето и олеснување на нивниот пристапот кон социјалните права. Преку странски донации и фондови, во соработка со надлежните чинители, младите со помалку можности, преку младинските организации или како неформални групи, придонесуваат за развој на капацитетите потребни за надминување на овај сет на пречки. Од друга страна пак многу младински работници се висококвалификувани и помагаат во развој на човечкте и личните капацитети на релевантните чинители, но и самите стануваат дел од нив и директно влијаат на развој на системските капацитети и вештини.

Во однос на четвртиот општ сет на пречки кој е предизвикан од лошото управување и несоодветните постапки од страна на давателите на услуги и придобивки, младинската работа води кон создавање на услови за вмрежување на различни чинители и пренос на добри практики од слични ситуации како и

застапување и пренос на добри практики за намалување на сложеноста во процедурите и пречките кои произлегуваат од начинот на обезбедување и испорака на услуги за младите сопомалку можности.

Петто, препреките на социјалните права се предизвикани, со недостаток на информација и лоша комуникација. Можеби ова е полето каде младинските работници се посебно активни, постојано изнаоѓајќи различни начини за информирање и обучување на пошироката јавност и конкретно младите со помалку можности токму за нивние права, начините на нивно осигурување и заштита, креирање на услови за уживање на правата и пред се креирање на youth friendly и алтернативни канали на информирање во согласност со современите општествени текови и специфичните ситуации во кои се наоѓаат младите со помалку можности.

Следниот сет на пречки исто покрива едно подрачје каде младинската работа има значителен придонес, за што ќе потврдат и примерите кои следат подолу во трудов. Се однесува на сетот на психолошките и социо-културните пречки за социјалните права кои постојат и за обезбедувачите на услуги и за корисниците. Тука, младинските работници од една страна оспособуваат млади со помалку можности но и обезбедувачите на услуги да се справуваат и да надминуваат и избегнуваат негативни ставови или стигматизација, а од друга помагаат во развој на вештини и средина погодна за интеркултурен дијалог и разбирање. Младинската работа води и кон надминување на меѓугенерациски јаз и разлики, развој на вештини за прифаќање и почитување на различности, јакнење на лични и социјални вештини, развој на самодоверба, помагање во разбирање на официјалните процедури, асистирање при бирократски предизвици, зајакнување на вештини за надминување на стравот и несигурноста предизвикана од официјални услови или лоши објекти или пак поврзување на младите со помалку можности со професионалци кои би ги помогнале во надминување или справување со овие предизвици.

Последнито сет на пречки произлегува од несоодветното или недоволно внимание кон населението со помалку можности или населени кое живее во региони кои се дерпивирани од некои од основните потреби за живот заради природни или друг тип на случувања и настани. Преку своите активности на индивидуално, групно или општествено ниво, младинскта работа го привлекува вниманието кон овие млади луѓе. јакне способности и помага во обезбедување

на услови за нивно уживање на социјалните права, привлекува инвестиции за надминување на различните инфраструктурни промени и предизвици.

Младинската работа ги ангажира младите за време на значаен развојен период од нивниот живот, и затоа е идеално позиционирано да го засили развојот (лично, социјално, образовно, стручно и професионално), благосостојба и социјално вклучување на младите луѓе. Младинската работа нуди искуства и можности за сите млади луѓе и функционира како отворена активност и како насочена поддршка која може да ги зајакне компетенциите на младите, додека истовремено се справува и со препреките со кои се соочуваат и може да имаат посебна улога за младите луѓе со помалку можности.

И покрај јасната агенда за политики која се фокусира на младите луѓе и доказите од некои индивидуални студии во рамките на одреден национален или контекст на младинска работа,сепак не се знае доволно за пејзажот на младинска работа и што е најважно, каква е вредноста на секторот во ЕУ во однос на неговите резултати и влијанија. Додека се работи на различни аспекти на младинската политика и младинската работа за истражување на теми како што се историјата на м ладинската работа и влијанието на кризата, постои недостаток на сеопфатни, споредливи докази за младинската работа низ ЕУ како целина. Од друга страна постои сериозно непризнавање на младинската работа и заложби за нејзино препознавање, стандардизација, вклучување во образовниот систем и во групата на помагателни професии.

Потребата за младинска работа е насекаде. Токму сега младите луѓе, особено оние со помалку можности, имаат потреба од возрасни кои се на нивна страна. Со повеќе семејства живеат во сиромаштија, младите се дел од образовани кое е неверојатен извор на стрес а истите имаат сериозни препреки за вработување и осамостојување. Организации кои работат со нив можат да видат дека имаат потреба од зголемена поддршка. Младинската работа им овозможува на младите луѓе со помалку можности да ги максимизираат своите потенцијали и да го променат својот живот.

## 9. Предизвици и слабости на младинската работа

И покрај значајниот придонес на младинската работа во ова област, сепак важно е да се нагласи дека истата се соочува со сериозни предизвици и слабости за кои во продолжение ќе стане збор.

Првиот сет на пречки произлегуваат од недостаток на финансиска и проектна одржливост. Овие препреки ги доведуваат младинските организации во положба да се во постојана неизвесност и зависни од различни донатори, што го отежнува нивното фокусирање на долгорочни и тематски програми за младинска работа. Заради својата финансиска зависност од донатори, младинските работници честопати се одлучуваат да работат согласно на приоритетите поставени од самите донатори, наместо во согласност со потребите на младите луѓе со помалку можности, кои неретко и остануваат недоволно истражени и/или разбрани. Од друга страна пак, повторно заради истите причини, се случува организациите да работат со оние категории на млади за кои во моментот се доделуваат грантови, со што одредени категории на млади во различни временски периоди, заради својата „непопуларност“ нема да имаа пристап до услуги од младинска работа, кои би им помогнале да надминат дел од препреките кои го оневозможуваат нивниот пристап кон социјалните права. Дел од организациите кои беа дел од истражувањето спроведено за подготовка на трудот, сметаат дека постојат одредени картели на поединци и невладини организации кои ги контролираат пристап до донаторски фондови додека останати, вообичаено помали локални организации или организации од средини со помалку можности, или организации кои работат со „непопуларни“ групи на млади со помалку можности имаат ограничен пристап до ресурси како и ограничени вештини за мобилизирање на ресурси.

Вториот сет на пречки се однесува на капацитети на младинските работници и младинските организации. Недостатокот или недоволната компетентност на младинските работници да работат во оваа област, преставува повеќедиманзионална слабост која го доведува во прашање квалитетот на услуги кои ги нудат младинските организации и работници. Неретко се случува самите младински работници да преземат активности кои ги надминуваат не само нивните капацитети, ами и делокругот на младинската работа и да навлезат во сферата на социјалната работа, педагогијата, специјалната едукација и

рехабилитација, психологијата и сл. токму поради блискоста и комплементарноста на помагателните професии. Од друга срана, младинските организации признаваат дека мал дел од нив се способни или спремни да платат за системско и континуирано градење на капацитети. Слабиот капацитет е идентификуван како особено изразен во сферата на прибирање финансиски средства, управување, технички области на развој и раководство и менаџмент. Некои невладини организации сметаа дека постоењето на стандарди за квалитет може да им помогне да ги развијат потребните капацитети.

Третиот сет на пречки се однесува на лошата вмреженост на младинските организации, како и меѓусебна така и со останати чинители релевантни за мисијата на младинската работа. Тоа е причина за дуплирање на напорите, конфликтни стратегии на ниво на заедницата, недостаток на учење од искуство и неспособност на младинските организации да придонесат за креирање на системски одговори за подобрување на пристапот кон социјалните права на млади со помалку можности. Младинските органиазции, во духот на пазарната логика, а заради нивната зависност од донаторите, неретко наместо партнери се перцепираат како конкуренти и недоволно се вмрежуваат во заеднички комплементарни напори за надминување на препреките со кои се соочуваат младите, вклучително и оние со помаку можности. Самите младински организации сметаат дека негативната конкуренција за ресурсите ја поткопува репутацијата на секторот и на ефективноста на активностите на младинските организации на ниво на заедницата. Како резултат на тоа постои голема сомнеж меѓу невладините организации, тајноста и недостатокот на транспарентност. Многу младински организации, големи и мали, интервенираат на ниво на заедницата без мапирање на заедницата и имплементираат проекти без соодветно внимание за тековните постоечки иницијативи во заедницата. Од друга страна, младинските организации се многу се уште се или воопшто неподдржани или малку поддржани од останатите општествени чинители како локалните и националните власти јавните организаиции и/или бизнис секторот.

Четвртиот сет на пречки произлегува од недоволната препознаеност на младинската работа, како од самите младински организации, така и на општестевно и политичко ниво. Иднината на младинската работа е тесно поврзана со нејзиното признавање како професија и соодветен третман преку политиките и програмите на секоја држава. На Европско ниво, овој процес е

координиран преку заеднички акциски документ донесен во рамки на симпозиум на Советот на Европа во Стразбур и прифатен од страна на Советот на Европа и Европската унија како соодветна насока за признавање на младинската работа. Според овој акциски план, признавањето на младинската работа се одвива преку најразлични активности, процеси и одлуки кои се групирани во 4 димензии: • Политичко признавање • Формално признавање на младинската работа • Самопризнавање во младинската работа • Признавање на младинската работа во јавноста. Процесите на препознавање осигуруваат дека само оние организации кои што ги сметаат за способни може да поднесат квалификации, а само квалификации кои се вклопуваат во постојната рамка за квалификации се национално акредитирани

Ова повлекува и недоверба и несигурност кај младите луѓе што ја намалува нивната мотивација да се вклучат во програми и проекти за младинска работа, а од друга страна придонесува кон отежнување на процесот на препозанвање на младинската работа како потербна и ефикасна помагателна професија.

Во текот на изработката на трудот се покажа дека адекватните финансиски ресурси, како и човечки ресурси и лични капацитети се суштинско значење за подобрување на пристапот на младите со помалу можности кон социјалните права. Од тука може да се потврди и истражувачката хипотеза дека квалитетот на младинската работа, во контекст на овозможување на олеснет на пристап на младите со помалку можности кон социјалните права, зависи од капацитетите на сите релевантните актери активни на полето на младинските прашања. Во согласност со сето ова и Европскиот младински форум, како најголемо претставничко тело на млади на ниво на Европа кое е активно во сферата на младинските политики, во нивниот документ Младинската работа во Европскиот младински форум и останатите младински организации посочува дека младинските организации треба да продолжат да градат капацитети и заедничко разбирање за тоа како младинскиот сектор може да стане посилен преку стратешки пристап кон организацискиот развој и колективно да изврши младинска агенда на локално, регионално, национално и европско ниво.

Младинските работници се предмет на голем притисок од надвор и од професијата, во врска со нивниот професионален идентитет. Нивното образование е клучно за објаснување на нивната работа и за себе и за другите.

Согласно со дефинираните слабости на младинската работа, можеме да да кажеме дека дека постои и потребата од организиран систем на (до)едукација, поддршка, следење, и контрола на праксата на младинската работа со млади со помалку можности во Македонија со што ќе се зголеми квалитетот во нејзината примена. Според Маневски, формалното признавање на младинската работа опфаќа вреднување на младинските работници и даватели на младинската работа и нивно сертифицирање со цел формално прифаќање на достигнувањата од младинската работа. Формалното признавање на младинската работа подразбира и создавање на систем на формален развој во рамки на професијата и признавање на компетенциите добиени од младинската работа и во останатите области на образование. Токму поради овој опсег, формалното признавање на младинската работа се гледа како столб за осигурување на квалитет но и вистинско признавање на компетенциите добиени од младинската работа и во други области. Понудените одговори во оваа област даваат опции од една страна поврзани со сертифицирањето и акредитацијата со цел да се осигура одредено ниво на квалитет, а од друга страна поврзани со признавањето на компетенции кои се добиваат од учество во програми на младинска работа. Младинските работници можеа да одберат од листа следниве опции кои се споменуваат како можни чекори напред во формалното признавање на младинската работа во акциск .от план од документот „Насоки за признавање на младинската работа":

- Доделување на сертификати (акредитација) на младински работници
- Утврдување на стандарди за квалитет за даватели на младинска работа (организации)
- Акредитација на организации даватели на младинска работа
- Универзитетски програми за дообука на младински работници
- Дообука на младински работници преку стручно образование и обука
- Промоција на неформални алатки за признавање како на пример листа на препораки
- Некои пристапи од младинската работа не можат формално да се валидираат поради нивните специфики
- Признавање на стекнатите компетенции преку младинска работа и во други сектори

## III Приказ на практики од земјите членки на Советот на Европа, преку кои младинската работа го подобрува пристапот на младите кон нивните социјални права

Во продолжение на трудот се претставени неколку конкретни практики спроведвани во земјите членки на Советот на Европа, преку кои младинската работа го подобрува пристапот на младите кон нивните социјални права, кои ќе придонесат кон разјаснување на прашањето: *„На кој начин младинскта работа влије врз надминување на пречките кои стојат меѓу младите со помалку можносит и нивните социјални права?“* Истите ќе послужат како инспирација за секој кој би сакал да се вклучи во заложбите за подобрување на животите и можностите на овие млади луѓе.

### 1. Enter! - проект на Директоратот за млади на Советот на Европа

Enter! проектот за подобрување на пристапот на младите луѓе до социјални права претставува важен чекор во поставувањето на прашањето за социјалните права во фокусот на младинската политика на Советот на Европа. Во обид да го запознаеме подобро Enter!проектот, ќе се послужиме со претставувањето кое го дава самиот Директорат за млади на Советот на Европа на веб страната на пеорктот. Таму се вели дека Enter! има за цел да развие младинската политика која одговори на социјално исклучување, дискриминација и насилство кои влијаат врз младите, во обид да се обезбеди полесен пристап до социјални права за сите млади луѓе. Проектот ја започна својата прва фаза во периодот 2009 – 2012 година, фокусирајќи се првенствено на подобрување на пристапот до социјални прва на младите од средини со помалку можности.

Главните грижи кои го инспирираа проектот беа мултидимензионалните социјални и економски нерамнотежи поврзани со младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности и кои ги ставаат во неповолна положба во пристапот кон социјалните човекови права во споредба со своите врсници. Во втората фаза Enter! го прошири својот фокус, имајќи ги како целна група сите млади и залагајќи се да создаде услови за подбруање на пристапот на сите млади до нивните социјални права. Тој фокус го задржува и во својата трета фаза која е

во тек и која е планирано да заврши во 2018. Овој проект е своедвиден резултат на зголемената загриженост и внимание на сите чинители од ко- менаџмент моделот на Советот на Европа: Европскиот управувачки комитет за млади и Советодавното тело за млади, владините и невладините партнери на младинскиот сектор на Советот на Европа, околу прашања поврзани со социјална кохезија и инклузија на млади луѓе.

Проектот ги зема предвид:

- улогата на неформалното учење и младинската работа во поддршката на младите во нивната транзиција кон автономија
- социјалната инклузија и социјалната кохезија како важни димензии на одржливи демократски општества;
- активно граѓанство, учество во процесите на донесување на одлуки и застапување на младите луѓе за прашања што се однесуваат на нив;
- интеркултурно учење за разновидност заснована на разбирање на универзалните човекови права.

Преку методологијата и пристапите на Enter! се истражуваат алтернативни начини на размислување и практикување на младинска работа и вклучување на самите млади луѓе во процесите на донесување на одлуки, потпирајќи се на компетентно дејствување на младинските работници и младинските организации и се бара осигурување на среднорочно и долгорочно влијание на младински политики на локално и национално ниво. Со фокусирање на социјалните човекови права и пристапот на младите луѓе кон нив, Enter! го прифаќа пристапот базиран на човекови права во однос на социјалната исклученост, дискриминација и насилство. Проектот го промовира пристапот до социјални права за младите луѓе, особено оние кои се изложени на социјална исклученост, дискриминација и насилство, преку различни локални, национални и европски интервенции кои ги вклучуваат креаторите на политики, актери за младинската работа и младите луѓе.

Од аспект на Советот на Европа, социјалната кохезија цврсто се базира на човековите права (кодифицирани во Европската конвенција за човекови права и Ревидираната европска социјална повелба), како и прифаќање на заедничка одговорност за благосостојбата на сите членови на општеството, особено оние кои се изложени на ризик од сиромаштија или исклучување. Соодветно на тоа, младинската политика на Советот на Европа има за цел „да им обезбеди на

младите луѓе еднакви можности и искуства кои им овозможуваат да развијат знаења, вештини и компетенции за целосно да придонесуваат во сите аспекти на општеството".

Задачите на Enter! се:

- да се изнајдат одговори на ситуации на социјална исклученост, дискриминација и насилство кои влијаат на младите луѓе, преку неформално образование и младинска работа;
- да се развијат способностите на младинските работници за иницирање, поддршка и евалуација на проекти за и со младите луѓе, како алатка за зајакнување на младите и нивното активно учество во подобрување на нивниот пристап до социјални права;
- да се развијат концептуал‗и, едукативни и практични алатки за младинската работа и креирањето на младински политики за подобрување на пристапот до социјалните права за младите во реалностите;
- да се застапува за подобрување на пристапот на младите луѓе кон социјалните права, особено преку развивање на партнерства помеѓу актерите од граѓанското општество, младите луѓе и креаторите на политиката, на локално, национално и европско ниво;
- да се препознае улогата на улогата на младинската политика, неформалното образование и младинската работа во решавањето на социјалната исклученост, дискриминацијата и насилството што ги засега младите.

Проектот вклучува неколку типови на интервенции:

- Поддршка за спроведување на Препораките на Советот на Европа за подобрување на пристапот на младите од средини со помалку можности до социјални права како и активности за градење капацитети во таа насока;
- Enter! долгорочни курсеви за обука за младинските работници кои придонсуваат за јакнење на нивните способности за промовирање и подобрување на пристапот до социјалните права за сите млади луѓе.
- производство и дисеминација на Enter Dignityland !, едукативна игра за социјални права што може да се игра со младите луѓе за да се подигне нивната свест и информираност за социјалните права и процесот на

донесување на одлуки и креирање на политики и на тој начин надминување на бариетите кои го онезовможуваат пристапот до социјланите права за млади;

- средби на млади луѓе од големи размери, со цел да се слушнат гласовите на младите луѓе и да се вклучат во насоките на младинската политика на младинскиот сектор во Советот на Европа;
- тематски семинари за теми поврзани со социјалните права, како што се младинската политика, родовата еднаквост во младинската работа, информациите и советувањето, учеството на младите итн.;
- студиските сесии, меѓународните младински активности организирани во Европските младински центри Будимпешта и Стразбур во соработка со меѓународни младински организации;
- семинари на национално ниво за поддршка на вмрежување и промоција на иновативни и координирани начини на работа на пристапот до социјални права;
- истражување на младинската работа и аспектите на младинската политика поврзани со пристапот до социјалните права на младите луѓе

Како дел од долгорочните курсеви за обука на младинските работници за заканување на нивните способности за промовирање и подобрување на пристапот до социјални права за младите, секој учесник разви локален младински проект за дирекно надминување на некои од препреките кои на младит им го отежнуваат или оневозможуваат пристапот до нивните социјални права. Овие локални проекти имаа двојна улога во Enter! проект: од една страна, тие обезбедија содржина за практично учење и зајакнување на прфилот на младинските работници, а од друга страна, формираа широка основа за интервенции за младинска работа за подобрување на пристапот до социјалните права. Дел од локалните проекти спроведени како дел од долгорочните курсеви за обука се вклучени подолу. Тие можат да послужат како инспирација за младинските работници и младинските организации во нивните обиде да придонесат кон подобар пристап и уживање на социјалните права на сите млади луѓе.

## 1.1. Проект: Од социјално исклучување до можности/From social exclusion to opportunities

**Организација:** „Млади во слободна иницијатива"/'Youth in Free Initiative' Албанија.

**Лице за контакт**: Рифат Џемалија, младински работник, учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Проектот се спроведе во регионот Кукеш, северно и североисточно од Албанија, и ги опфати трите области; Кукеш, Хас и Тропоја со население од 116.000 жители. Регионот Кукеш е еден од регионите со помалку можности односно еден од најсиромашните во Албанија, каде се потребни не само интервенции за подобрување на економијата и надминување на сиромаштијата, туку и интервеницја за зголемување на информираноста и едуцирање на луѓето, конкретно младите, за човековите и со тоа и социјалните права. Обуката која беше спороведувана во рамките на проектот се залагаше за зајакнување на кохезијата во регионот и справување со социјалното исклучување на младите погодени од сиромаштија, како млади со помалку можности и подобрување на нивниот пристап до социјалните права, промовирајќи ја комплементарната поврзнаост на формалното и неформалното образование.

Главната цел на проектот беше да се зголемат знаењата и вештините на младите луѓе од средини со помалку можности за нивна социјалната инклузија, со примена на методот на неформалното образование.

Специфични цели кои ги дефинра проектниот тим вклучуваа:

- зголемување на знаењето на учесниците за социјалните права и истите да прераснат во мултипликатори кои ќе ги користат и ќе информираат за нив;
- едуцирање на младите за социјалните права, особено за борбата против социјално исклучување и спречување на феномени кои конкретно ги засегаат младите
- олеснување на пристапот на младите со помалку можности до квантитативни и квалитативни информации за социјалната исклученост
- обезбедување услови за младите со помалку можности подобро да ги разберат принципите на акција против социјалната исклученост и да ги зајакнат способностите и можностите за нивно активно вклучување во

иницијативите на локалната самоуправа за справување со социјална исклученост.

Во рамките на проектот се организираше тридневна обука за социјални права за 30 млади луѓе кои живеат во средини со помалку можности во регионот Кукеш; и се спроведоа низа на информативни теренски активности кои ја нагласуваа ограничениот пристап до социјалните прва и социјалната исклученост на младите со помалку можости и нејзиното влијание на животот во заедницата и пошироко влијание .

Проектот го адресираше ниското ниво на информираност како пречка за пристап кон социјалните права на млади и сетот на психолошките и социо-културните пречки и прикажа како преку употреба на неформалното образование, младинската работа помага во надминување на овие бариери на тој начин зголемувајќи ги можностите за уживање на социјалните права. Истиот во текот на својата имплементација ги вклучи/опфати не само младите, ами и останатото месно население и донесувачите на одлуки, односно локалните власти, кои беа вклучени како активни партнери и обезбедија техничка поддршка за спроведување на проектните активности, со што ја нагласи потребата од заеднички партнерски и комплементарни напори за справување со локалните младински предизвици. Како резултат на проектот, се зголеми информираноста на младите со помалку можности, но и пошироко население за социјалните права, а истовремено се воспоставија контакти меѓу младите со помалку можности и претставниците на донесувачите на одлуки на локално ниво, како почетна основа за понатамошно креирање на локални младински политики со активно вклучување на овие млади во целиот процес.

За обезбедување на одржливост на проектот, младите кои беа вклучени како учесници во обуката, станаа дел од младинскта организација како волонтери за информирање на јавноста за социјалните права на млади и соработка со локалната власт за креирање на младински политики. Преку ова, проектот создаде појдовна основа и можности за работа на надминување на другиот тип на преперки кои го отежнуваат пристапот до социјалните права на младите од Кукеш кои живеат во сиромаштија.

## 1.2. Проект: Да создадеме можности за социјална инклузија на младите без родители/ Let's Create Social Inclusion Opportunities for Young Orphans

**Организација:** Човековите права во 21 век/Human Rights in the XXI Century Азербејџан

**Лице за контакт:** Агшин Асгаров, младински работник, учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Проектот: „Да креираме можности за социјално вклучување на младите без родители" беше спроведен со цел младите од домовите за деца без родители и родителска гружа да се обезбедат со потребните алатки за интегрирање во општеството и да им се помогне да бидат одговорни и независни граѓани.

Во рамките на проектот беа реализирани обуки за подигнување на нивото на информираност и знаење на младите од домовите за деца без родители и родителска грижа, за социјалните права како дел од човековите права, адресирајќи теми како што се домување, здравство, образование, вработување, правна и социјална заштита, движење на лица, недискриминација. Преку ова се настојуваше да се обезбедат услови за понатамошни заложби кон подобрување на пристапот до социјалните права на овие млади луѓе во Азербејџан.

И овај проект, како и претходниот спроведуван во Албанија, ги адресираше: нивото на информираноста и психолошките и социо-културните пречки како пречки кои го отежнуваат пристапот кон социјалните права на младите од домовите за деца без родители и родителска грижа, применувајќи ја младинска работа и методот на неформално образование во надминување на истите.

## 1.3. Проект: Јакнење на капацитетите и соработката на лоланите власти и невладините организации за социјална инклузија и зајакнување на младите од средини со помалку можности во Белорусија/Capacity Building for local authorities (LA) and non-state actors (NSA) cooperation on social inclusion and empowerment of disadvantaged young people in Belarus communities

**Организација**: SCAF Youth Center, Белорусија

**Лице за контакт:** Игор Загуменов, младински работник, учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Главната цел на проектот е да се изградат капацитетите на и да се интензивира соработката меѓу локалните власти и невладините организации за задоволување на потребите на ранливите групи на млади луѓе и нивно социјално вклучување во 2 рурални и 9 урбани белоруски заедници. Проектот ги имаше следните задачи:

- да го олесни еднаквото учество на недржавните актери и локалните власти во политичкиот дијалог и партнерството во процесите на креирање на политики;
- градење на капацитети на недржавни актери за да ги застапуваат своите целни групи;
- градење на капацитетите на локалните власти за меѓусекторска соработка и социјално вклучување на обесправените групи на млади луѓе;
- менување на ставовите на граѓаните кон ранливите младински групи.

Како партнери во спроведување на проектот беа вклучени и Градскиот институт за развој на образованието од Минск, Градскиот Извршен совет на Минск, локалните власти во 9 урбани и 2 рурални области на Белорусија.

Како дел од проектот беа спроведени:

- обуки за 12 белоруски експерти спроведени од фински колеги за пристапите на ЕУ и најдобрите практики за градење на капацитетите за локалните власти и зајакнување на соработката со невладините организации за задоволување на потребите на ранливите групи и нивната социјална вклученост;
- подготовка на публикација: Насоки за соработка меѓу невладините организации и локалните власти а во Белорусија;
- подготовка на програма за обука и обучување на 110 претставници на локалните власти и претставници на навладини организации од 11 урбани и рурални заедници за меѓусекторска соработка, социјално вклучување на обесправените групи, раководство на граѓански организации, управување, спроведување на кампања, лобирање, прибирање на финансиски средства;

- обуки за вработување, одржлив развој и за застапување за своите интереси преку учество во организациите на граѓанското општество и иницијативи за 55 претставници на групи на млади со помалку можности;
- развивој на веб-ресурси и бази на податоци за поддршка на локалните власти и соработката со невладините организации за социјално вклучување на младите со помалку можности;
- развој на ресурси за застапување (видео, аудио, печатени и електронски материјали)
- јавната кампања водена преку средствата за јавно информирање заради промоција на инклузивната агенда во белоруското општество;
- Развој на инструментот за следење и мониторингот на јавното мислење во врска со социјалната вклученост и зајакнувањето на обесправените групи на население;
- Развој на агенда за соработка меѓу локалните власти и советите на невладините организации за задоволување на потребите на младите со помалку можности во 11 рурални и урбани заедници;
- развој, објавување и дисеминација на стратегијата и модел на градење на капацитетите за локалните власти и невладините организации во Брест, Гомел, Гродно, Минск, Могилев и Витебски;
- развој на еднакво, транспарентно и долгорочно партнерство меѓу белоруски и фински локални власти и партнерски организации од невладиниот сектор

Преку овај комплексен и обемен проект адресирани се неколку сетови на пречки кои го отежнуваат пристапот до социјалните права на младите со помалку можности вклучувајќи ги: пречките кои произлегуваат од неадекватното следење и недостатокот на мониторинг, недостаток на висококвалификуван кадар за олеснување на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности, недостаток на информација и лоша комуникација меѓу различните релевантни чинители како и психолошките и социо-културните пречки.

Овај проект, прикажува една нова димензија на младинскта работа во споредба со претходните примери и покажува како истата подразбира и работа со останатите чинители кои се релевантни за олеснување на личниот и

социјалниот развој на младите луѓе и нивното активно вкучување во општеството.

### 1.4. Проект: Социјалните права – работа која ги засега младите/Social Rights – An Issue for YOUth

**Организација:** Canal Communities Regional Youth Service, Ирска

**Лице за контакт:** Фиона Џојс, младинска работничка, учесничка во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Проектот имаше за цел да ги зајакне разбирањето на младинските работници за специфичните ситуации во кои се наоѓаат младите со помалку можности и способностите за подигање на свеста и способностите на нивните врсници од средини со помалку можности, потребни за олеснување на пристапот до нивните социјални права. Овој проект вклучуваше волонтерско патување и искуствено учење во Мвика, Танзанија. Група на младински работници на возраст од 17 до 21 година, од регионот 8 во Даблин познат како регион со помалку можности, отидоа во Танзанија за да поминат две недели работејќи и живеејќи со своите врсници од мала рурална заедница на Мвика, во регионот Килиманџаро. Нивната програма за работа вклучуваше 4 часновно сликање на ѕидовите од училниците во едно локално училиште, попладневна 3 часовна учење на англиски јазик за младите од Мвика и часови за запознавање со нивните социјални права. После нивното враќање, младинските работници подготвија и спроведоа структурирана програма за врсничка едукација за социјални права за младите во регионот 8 во Даблин и создадоа публикација која ја дистрибуираа на локално и национално ниво заради споделување на нивното искуство со пријателите, семејството и заедницата.

Патувањето им овозможи на младите младински работници да ги зајакнуваат своите способности за примена на различните методи на младинска работа (врсничка едукација, уметност и спорт како метод за младинска работа) за подобрување на информираноста и надминување на информативните, психолошките и социо-културните пречки кои го отежнуваат пристапот на младите од руралните средини кон нивните социјали права.

Овај проект од една страна примени информално искуствено учење, уметност и спорт за зајакнување на способностите на младинските работници, а

од друга страна поструктурирана врсничка едкација за зголемување на знаењата на младите од руралните средини во Мвика и регионот 8 од Даблин. Ова ги покажува разноликите методи и активности кои може да се приеменат во младинската работа и кои преку нивнито креативен, забавен крактер можат да придонесат за пренос на знаења и поттикнување на развој на вештини кај младите потребни за подобрување на квалитетот на нивниот живот.

### 1.5. Проект: Превенција на ХИВ/СИДА помеѓу младите луѓе во Битола – стекнете повеќе знаења и вештини/HIV/AIDS prevention among young people in Bitola - Get more knowledge and skills

**Организација:** Центар за човекови права АМОС, Битола, Македонија

**Лице за контакт:** Билјана Василевска, социјална работничка, учесничка во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Идејата беше да се спречи ХИВ инфекцијата кај младите во Битола преку зголемување на знаењата и вештините на 300 млади лица од 15 до 25 години кои живеат во Битола, за ризиците поврзани со ХИВ, начини на пренесување и начини на заштита преку:

- воспоставување мрежа на млади врснички едукатори кои ќе обезбедат информации и едукација поврзани со ХИВ инфекција;
- едукација на 300 млади луѓе во средните училишта во Битола и во други невладини организации, за ХИВ / СИДА преку врснички едукативни сесии;
- подигнување на јавната свест за специфичните начини за заштита на младите луѓе во врска со ХИВ инфекцијата и промовирање на развојот на чувство за индивидуална одговорност за своето однесување

Во рамките на проектот беа спреведени следните активности;

- Петдневна обука за 15 врснички едукатори;
- 15 сесии за врсничка едукација спроведени од врсничките едукатори (секоја за минимум од 20 лица);
- подготовка, печатење и дистрибуција на едукативни материјали;

- медиумски гостувања за сензитивирање на пошироката јавност за потребата од превенција и справување со ХИВ инфекцијата и правото на посебна заштита за младите луѓе во врска со инфекцијата;
- улични активности со медиумска покриеност за информирање на пошироката јавност и дистрибуција на едукативните и информтивните материјали и кондоми за младите лица во Битола
- Кондом забава на крајот на проектот

Проектот се фокусира на подобрување на пристапот кон следните социјални права:

- Сексуални и репродктивни права на младите
- Право на здравје
- Право на информирање и образование

Проектот ги зајакна способностите на 300 млади луѓе од Битола, на возраст од 15 – 25 години, формира одржлива мрежа на младински работници врснички едукатори за превенција на ХИВ/СИДА и ја поттикна пошироката јавност да разговара за потребата од полесен пристап до сексуалните и репродуктивни права на младите, правата за здравје, информирање и образование на тој начин спротивставувајќи се на пречките кои произлегуваат од недостатокот на информации но и оние со психолошките и социо-културна природа. Со вклучување на Советот на Општина Битола како партнер во пректот, истиот создаде можонсти за надминување на пречките од лоша или недостаток на комуникација меѓу релевантните чинители на локално ниво.

### 1.6. Проект: Подобар пристап на младите Роми кон социјалните права/Better access to social rights and social services for the young Roma people

**Организација:** Новинари за права на деца и жени и заштита на животната средина, Скопје, Македонија

**Лице за контакт:** Елеонора Поповска, младинска работничка, учесничка во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Овај проект се спроведе во општина Сарај на периферијатан а Скопје, каде живеат млади луѓе од Ромска популација во многу сиромашни и лоши животни

услови соочувајќи се со комплексни повеќебројни и меѓусебно поврзани пробелеми.

Целта на проектот беше да се подигне свеста за социјалните права и да се подобри пристапот до социјални услуги за младите Роми на возраст од 13 – 20 години, кои живеат во во општина Сарај преку нивно вклучување во процес на неформално образование за зајакнување на способностите за подобрување ни нивниот пристап до социјалните права и справување со социјалнат аисклученост и дискриминацијата со која се соочуваат овие млади луѓе. Како секундарната целна група во проектот се појавија семејствата на овие млади луѓе, како и пошироката заедница додека како партнери беа вклучени локални власти преку анцеларијата на градоначалникот на општина Сарај.

И овај проект се спротивстави на пречките кои го отежнуваат пристапот на младите роми, а кои произлегуваат од недостатокот на информации и оние со психолошките и социо-културна природа и со вклучување локалните власти како партнер во пректот, истиот создаде можонсти за надминување на пречките од лоша или недостаток на комуникација меѓу релевантните чинители на локално ниво во општина Сарај.

### 1.7. Проект: **Мојата иднина – социјално претприемништво за младинските работници/My future, social enterprise for young people in youth work**

**Организација:** Muirhouse Youth Development Group Шкотска

**Лице за контакт:** Алекс Колоп, младински работник, учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Целта на проектот беше да се подигне свеста кај младите и пошироката популација за олеснување на пристапот до правото за образование и вработување на младите со помалку можности во Muirhouse и околните области. Проектот вклчи 17 млади луѓе кои се откажале од училиште и 35 млади, млади престапници и мигранти, во проектна рограма составена од две компоненти: МИ-мојата иднина (компонента за обука и развој) и МА-мојата авантура (компонента за социјално претпријатие) Во рамките на проектот се спроведоа различни активности дизајнирани да развијат подобро разбирање и да придонесат за полесен пристап до социјалните права, особено правата за образованието, вработувањето и пристапот до спорт, активности на отворено и

рекреација. Како резултат на тоа младите вклучени во проектот и пошироката популација од Muirhouse го продлабочија своето знаење за социјалните права и потребата од полесен пристап кон истите а истиот преку тоа придонесе за надминување на препреките кои произлегуваат од недостаток на информации и оние од психолошките и социо-културна природа. Од друга страа проектот преки компонентата МА-моја авантура, отвори и можност за вработување на младите луѓе кои учествуваа во програмските компоненти. Имено, како резултат на истиот, првата генерација на луѓе вклучени во проектот основа самостојна младинска организација – Моја авантура и истатат веќе вработува млади кои биле дел од МИ програмата.

### 1.8. Проект: Социјални права за сите/ Social Rights for All

**Организација:** Public Achievement. Северна Ирска

**Лице за контакт:** Шон Петис, социјален работник, учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Целта на проектот е да поддржи 18 млади луѓе од 3 средини со помалку можности во Белфаст, во идентификување на важните предизвици поврзани со социјалните права и во спроведување на четири акциони проекти кои се обидуваат да ги решат идентификуваните предизвици а преку тоа да придонесе кон зголемување на активното учество на младите луѓе, нивната свеста за човековите права како и нивното разбирањето на политичките процеси и структури.

Проектот се спроведи во 3 различни фази:

- Развивање на 3 посебни групи во Белфаст од приближно 18 млади луѓе од протестантско, католичко и етничко малцинство на возраст од 14 – 16 години
- Идентификација на предизвици со кои се соочуваат овие млади (на пример, дроги, здравје при домување итн.). Подготовка и промоција на младински проект за справување со некои аспекти од идентификуваниот предизвик, а потоа го прават овој проект јавно достапен за пошироката заедница.
- Спроведување на младинските проекти и споделување на искуства.

Главниот фокус на овај проет беа пречките од психолошките и социо-културна природа и истиот помогна во зајакнување на способностите на младите

да иденфитикуваат, да се спротивстават и да се застапуваат за надминување на предизвиците со кои се соочуваат и активно да се вклучат во подобрување на животот во заедницата.

### 1.9. Проект: Насмевката на Megafonen

**Организација:** Megafonen, Шведска

**Лице за контакт:** Рами Ал-камиши, социјален работник учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2009 – 2012

Главната цел на овој проект беше да се подигне свеста кај младите од малцинските групи, за нивните социјални права и да се зголемат нинвните способни за надминување на препреките кои прозилегуваат од недостаток на информации како и оние од психолошките и социо-културна природа. Rinkeby-Kista, областа во Стокхолм, каде што проектот беше имплементиран, има население од 60 000 жители. Проектот главно се однесуваше на младите луѓе во заедницата Киста каде живеат околу 25 000 луѓе. Rinkeby - Киста има највисока стапка на невработеност кај младите луѓе во Шведска, а многу млади луѓе кои живеат таму немаат успех на училиште ниту имаат социјална мрежа или пак мотивација која за да го овозможат својот пристап до социјалните права и да се застапуваат за системски одговори кон надминување на нивната дискриминацијата и исклучувањето.

Младите луѓе вклучени во проектот беа дел од обука преку која ги зајакнаа своите новинарски способности за да известуваат за предизвиците со кои се соочуваат во средината каде живеат, а кои го отежнуваат пристапот кон нивните социјални права. Проектот создаде информативен магазин преку кој овие млади луѓе ја зголемува свесноста на речиси 3000 своите врсници но и на пошироката јавност за подобрување на пристпот кон социјалните права и создадваа услови за дискусија за прашања како што се расизмот, насилството и дискриминацијата.

### 1.10. Проект: Подготовка за живот после отслужување на казна затвор/ Preparation courses for the life after prison

**Организација:** Prison Watch Public Association, Азербејџан

**Лице за контакт:** Туркај Гасимова, младинска работничка, учесничка во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2013- 2014

Проектот одговари на недостатокот на информации за социјалните права на младите затвореници. Истиот вклучи:

- дводневни обуки за социјални птава и зајакнување на вештини за барање на работа, пријавување на огласи и подготовка за интервју за вработување заради реинтегрирање во општеството на повеќе од 300 млади затвореници во машки и женски затвори, кои се при крајот на отслужување на казна затвор и кои требаше да бидат ослободени во период од три месеци после обуката
- подготовка на едукативни и информативни брошури за правата на затворениците
- состаноци со релевантни оптествени чинители за анализа дефинирањето на социјалните права во националните легислативи и подготовка на препораки за подобрување пристапот на младите затвореници кон нивните социјални права.

Проектот, како и главнинната претхонопретставени проекти создаде можности за надминување на препреките од психолошка и социо-културна природа, и од недостаток на инвормации за правата но истиот направи заложби за адресирање на препреките кои произлегуваат од неадекватно и непрецизно дефинирање на правата во националното законодавство и преку подготовка на препораки за подобрување на пристапот на младите затвореници кон социјалните права, се обиде да влијае на националните младинските политики и практики.

### 1.11. Проект: Влези во играта/"Enter the Game Too"

**Организација:** Associacão Nacional de Futebol de Rua (Street Soccer National Association) Португалија

**Лице за контакт: Мигел Ламас,** младински работник, учесник во долгорочната обука за младински работници во рамките на Enter! проектот 2013- 2014

Проектот се спроведе во регионот Падре Круз во Лисабон, и ја адресираше потребата за намалување на неуспехот и откажувањето/напуштањето на училиштата, невработеноста; воспитно – социјални проблеми, родителско запоставување и потребата за стекнување и засилување на психосоцијалните вештини неопходни за животот на децата и нивно вклучување во општеството.

Истиот употреби спортски и медиумски активности за промоција на пристапот кон социјалните права на младте засегнати од споменатите предизвици и за нивно вмрежување на овие млади со нивните врсници кои не се изложени на вакви предизвици.

## 2. Мрежа за социјални права на млади/Youth Social Rights Network

Мрежата за социјални прва на млади е меѓународна мрежна организација која работи на подобрување на пристапот до социјални права за сите млади луѓе (особено млади луѓе од средини со помалку можности, лишени од некои од основните потреби и / или млади луѓе кои се соочуваат со различни недостатоци). Мисија на YSRN е да го подобри пристапот до социјалните права, социјалната вклученост и учеството на младите луѓе; (особено млади луѓе од средини со помалку можности, лишени од некои од основните потреби и / или млади луѓе кои се соочуваат со различни недостатоци), додека придонесува за заштитата на младите од сите форми на дискриминација и насилство. Нивната визија е да обезбедуваат професионални, плуралистички, квалитетни, инклузивни, транспарентни и ефективни услуги со цел да ја поддржат трансформацијата на Европа во структура која ги почитува и ги штити социјалните права на автономните млади луѓе и им обезбедува можности за нивно активно учество во модерните општества.

Мрежата за социјални права на млади беше оформена како неформална група во 2013 година, од страна на некои од учесниците во долгорочниот курс за во рмаките на  споменатиот ENTER! проект за подобрување на пристапот до социјални права за млади луѓе средини со помалку, имплементиран од страна на Секторот за млади на Советот на Европа.  Истата ја претставува важноста на мултисекторскиот пристап во подобрувањето на пристапот до социјалните права

за младите луѓе низ цела Европа. Истата прерасна во формална меѓународна организација во 2015 година со свое седиште во Данска .

Приоритети на кои работи мрежата опфаќаат:

- Создавање на услови и механизам за подобрување на пристапот до социјални права на младите за нивната заштита и почит, социјална вклученост и младинско учество;
- Обезбедување подоби животни стандарди и еднакви можности за сите млади луѓе;
- Мониторинг и поддршка на подобрувањето на младинската политика во европските земји;
- Иницирање, поддршка и поттикнување на воспоставување на долгорочни локални партнерства и мрежи на различни засегнати страни (млади луѓе, младински организации, локални власти, деловни организации и други јавни и / или приватни ентитети: училишта, здравствени организации, медиуми итн.) кои ќе се спротивстават на препреките и ќе работат кон подобрување на пристапот до социјалните права на младите и нивната успешна транзиција кон автономија!

Мрежата е активна во следните тематски области: социјални права, автономија, социјално вклучување, младинска работа, учество на младите во општествениот и политичкиот живот, младинска политика, истражување и неформално образование.

Во прилог неколку од нивните активности кои ќе послужат за практичен приказ на практики на младинска работа, преку кои се вршат обиди за надминување на препреките кои го отежнуваат пристапот кон социјалните права на млади со помалку можности.

2.1. **Проект: <u>Заедно за социјалните права!</u> Младинските работници и локалните власти промовираат и се вмрежуваат за подобар пристап до социјални права за младите луѓе,** реализиран во соработка со Европскиот младински центар во Стразбург на Советот на Европа, Директоратот за млади.

Проектот опфати 6 дневен состанок помеѓу претставници на младинските организации, младински работници и претставници на локланите власти кои

учествуваа како парови, откриваа, споделуваа, учеа и вежбаа кои се вештини потребни за подобрување на пристапот до социјалните права за млади луѓе и се запознава со постоечките европски стандарди за социјални права, политики и механизми и како истите можат да се применуваат на локално ниво за да го промовираат пристапот до социјалните права (особено во обесправените соседства).

Цел на средбата беше да се промовира пристапот до социјални права за младите луѓе на локално ниво (особено млади луѓе од средини со помалку можности и младите со помалку можности) преку обука и вмрежување меѓу младинските организации, младинските работници и локалните власти. Во врска со целта дефинирани бес следните задачи:

- запознавање на учесниците со постојните европски стандарди за социјални права, политики и механизми и како тие можат да се применуваат на локално ниво за да се промовира пристапот до социјалните права (особено во средини со помалку можности);
- споделување на искуствата, добри практики, недостатоците и предизвиците во средини спо помалку можности, во однос на пристапот до социјалните права за младите луѓе;
- продлабочување на надлежностите и капацитетот на учесниците да се залагаат за подобрување на пристапот до социјалните права;
- создавање на простор за заедничка соработка помеѓу младинските работници и локалните власти во подобрувањето на пристапот на социјалните права;
- креирање на конкретни локални идеи за следење на пристапот до социјални права во врска со мерките за работа и поддршка на Советот на Европа во социјалната вклученост;
- дискутирање за иднината и развојот на мрежата.

Накратко, овој состанок придонесе за:

- подигнување на свеста за постоечките европски стандарди за социјални права, политики и механизми и како тие можат да се применуваат на локално ниво за да се промовира пристапот до социјалните права (особено во средини со помалку можности);
- продлабочување на надлежностите и капацитетот на учесниците да се залагаат за подобрување на пристапот до социјалните права;

- запознавње на локалните власти со механизмите и бенефитите од учеството на младите во локалниот живот и креирањето на локалните политики;
- предизвикување, инспирираање и мотивирање на учесниците (младински работници и локални власти) да комуницираат и да соработуваат (да воспостават партнерства) за подобрување на пристапот на социјалните права во локалните реалности (особено во обесправените соседства);
- дефиниравње на начини за надминување на некои пречки во соработката на локално ниво, кои практично може да се користат како алатка за нивната работа за подобрување на социјалните права на младите луѓе во локалните реалности;
- дефиниравње на недостатоците, потребите и предизвиците во средини со помалку можности во однос на пристапот до социјални права за младите луѓе кои ќе се користат при утврдувањето на приоритетите во нашата работа како мрежа за подобрување на пристапот до социјални права за младите луѓе;
- зајакнаување на мотивацијата на членовите на мрежата да работат на подобрување на пристапот до социјалните права за младите преку обезбедување на взаемна поддршка за овој процес
- развој на основата / основата на мрежата: нејзината цел и цели, комуникација, правила за членство и бенефиции, структура, методи и принципи на работа;
- развој на капацитетите на мрежата преку интегрирање на нови луѓе и организации во него;
- дефинирање на идните чекори што ќе ги преземеме како мрежа;
- создадавање на конкретни локални идеи за следење на пристапот до социјалните права и дефинирани начини на поддршка во нивната реализација;

  - создавање на конкретни предлози за тоа како да се поврзете со тековните и идните активности во Enter! проект.

Од овој состанок Y -SRN имаше значајни резултати по нејзниото идно фунционирање. Таа ја постави својата основа, ги дефинираше своите теми на работа и активности, неговата структура, го зајакна својот капацитет преку

интегрирање на нови луѓе и организации во неа, создаде партнерства, стана се повеќе видливи и достапни, создаде листа на алатки кои ќе се користат во идна работна комуникација со млади луѓе и други поединци и организации и направи многу важни одлуки за нејзиниот раст и функционирање.

**2.2. Проект: <u>Обединети за вработување</u> /Employability United! состанок меѓу младите луѓе, младинските организации / младинските работници, локалните власти и претставниците на бизнис секторот**, организран во соработка со Европскиот младински центар во Стразбург, Совет на Европа, Директорат на млади.

Целта на состанокот беше да се промовира и да се поддржи пристапот до вработување и автономија за младите преку обука и вмрежување меѓу младите луѓе, младинските организации / младинските работници, локалните власти и претставниците на бизнис секторот. Специфичните цели на состанокот беа:

- запознавање на учесниците со специфичните аспекти на стекнување автономија за младите;
- дискутирање и да споделување на ставови, знаења и искуства поврзани со трендовите за вработување и вработување во Европа кои влијаат на младите луѓе;
- запознавање на учесниците со практики, политики и системи кои го поддржуваат пристапот до вработување за младите луѓе во различни локални реалности;
- дискутираање за знаењата, вештините и мерките за поддршка што младите работници, локалните власти, претставниците на бизнис секторот треба да бидат способни да ги поддржат младите луѓе во стекнување на автономија и пристап до вработување;
- креирање можност за соработка и вмрежување меѓу младите, младинските работници, локалните власти, претставниците на бизнис секторот со цел да се поддржат младите луѓе во стекнување на автономија и пристап до вработување;
- создадавање на конкретни активности за следење на локално и меѓународно ниво за поддршка на младите луѓе за стекнување автономија и пристап до вработување.

Како резултат на средбата учесниците ги продлабочија своите знаења за:

- специфични аспекти на стекнување на автономија за младите луѓе:
- автономијата и преминување кон автономија;
- клучните елементи во транзициониот период;
- предизвиците со кои се соочуваат младите во нивната транзиција кон автономија;
- врската помеѓу автономијата и социјалните права и важноста на пристапот до социјалните права за успешна транзиција кон автономија;
- различни одговори на националната политика за предизвиците со кои се соочуваат младите во нивната транзиција кон автономија во различни реалности;
- приоритетните области на младински политики во различни места во Европа;
- начини и средства што ги користи младинската политика за поддршка на транзицијата;
- правото и пристапот до вработување како една од клучните точки во транзицијата кон автономија о моменталната состојба со трендовите за вработување и вработување во Европа кои влијаат врз младите луѓе и различни практики, политики и системи кои го поддржуваат пристапот до вработување за младите луѓе во различни локални реалностите;
- пречките со кои се соочуваат младите денес во пристапот до вработување;
- начините на кои властите, младинските организации и бизнис секторот се обврзуваат да им помогнат на младите луѓе во пристапот до вработување;
- добри практики во борбата против невработеноста во европските земји.
- концептот и добрите практики на социјалните претпријатија, социјалната соработка како модели на намалување на сиромаштијата во европски контекст.

Учесниците се осврнаа на: знаењата, вештините и мерките за поддршка што треба да ги развијат младинските работници, локалните власти, претставниците на бизнис секторот, со цел да се поддржат младите луѓе во стекнување на автономија и пристап до вработување. Истите изготвија препораки за тоа што може да стори секој чинител за поддршка на младите луѓе во пристапот до вработување и транзит кон автономија но и за тоа што може да стори Советот на Европа во иднина во врска со Препораките за пристап до социјални права на

младите луѓе од средините со помалку можности. Учесниците соработуваа и создадоа партнерства со цел да ги поддржат младите луѓе да добијат автономија и пристап до вработување и создадоа конкретни активности за следење на локално и меѓународно ниво за поддршка на младите луѓе во стекнување автономија и пристап до вработување.

## 2.3. Проект: Потребен е подучувач/In NEET of a coach

Студиската сесија собра 42 учесници, вклучително млади, социјални работници, семејни терапевти, тренери/водачи, психолози и други професионалци кои работат со млади луѓе кои се изложени на ризик да станат NEET, (млади надвор од образование, обука и вработување/NEET (not in employment, education or training) како и студенти кои следат степени во релевантни области, кои доаѓаат од 18 земји-членки на CoE. Истата претставуваше чекор напред кон намалување на нееднаквостите меѓу младите и обезбедување на успех на младите од образование до вработување и избегнување на социјално исклучување на пазарот на трудот. Имаше мрежна димензија и беше дизајнирана да придонесе за промовирање на пристапот на младите до правата преку поддршка на младинската работа и олеснување на транзицијата на младите луѓе кон автономија и социјална вклученост. Таа обезбеди можности за истражување и размислување за компетенциите кои професионалци кои работат со младите треба да ги имаат за да можат да ги поддржат оние кои се најмногу изложени на ризик да станат NEET во нивната транзиција од образование до вработување и спречување на социјално исклучување на пазарот на трудот.

Придржувајќи се кон принципите на неформално и неформално учење и врз основа на партиципативните методи, програмата на студиската сесија беше дизајнирана да придонесе кон развјот на компетенции на учесниците за обезбедување еден-на-еден водење за младите луѓе кои се најмногу изложени на ризик да станат NEET со цел да се намалат нееднаквостите меѓу младите и да се обезбеди успешен премин од образование кон вработување, на тој начин избегнувајќи социјално исклучување и исклучување на пазарот на трудот. Работата беше фокусирана кон развој на компетентноста на учесниците за тоа како да се пријде и да се работи со младите луѓе во ризик да станат NEET и да создавање на мрежа на поддршка за младите луѓе кои се изложени на ризик да

станат NEET која ќе работи на поддршка на овие млади луѓе за истите да направат успешен премин од образование во вработување.

### 2.4. Проект: <u>Кино за социјални права</u>/Cinema of social rights

„Кино на социјалните права" е една од 4-те долгорочни програми фокусирани на специфични компатибилни приоритети на нашиот стратешки план. Таа е директно поврзана со креирање на услови за поддршка на имплементацијата на Препораката CM / Rec (2015) 3 на Комитетот на министри до земјите-членки за пристапот на младите луѓе од средини со помалку можности кон нивните социјални права. Во рамките на програмата бе спроведени

- тренинг на младински работници за зајакнување на вештинтите за застапување;
- локални активности и кампањи за застапување за имплементација на Препораките во различни земју членки на Советот на Европа;
- студиска посета и поддршка на локалното застапување на дел од локалните активности и кампањи за застапување

Разгледувајќи ги практиките на Мрежата за социјални права, може да се увиде дека истата преку зајакнување на капитетите на различни чинители придонесува за надминување на дел од дефинираните бариери кои го оневозможуваат пристапот за социјални права на младите со помалку можности посебно оние од информациска, култура и психолошка природа, но преку оспособување за застапување на различни чинители придонесува за надминување и на останатите препреки и овозможување на создавање на услови за полесен пристап на младите со помалку можности кон нивните социјални права.

## IV Препораки до земјите членки на Советот на Европа за подобрување на пристапот до социјалните права на младите со помалку можности и младинската работа

Како релевантни и значајни, а воедно и инсиративни за истражувачкиот фокус и како формален израз на поддршка за препознавање и афирмација на младинската работа и вреднување на нејзината улога во подобрување на пристапот на младите со помалку можности кон социјалните права, во продолжение се претставени Препораките на Комитетот на министри до земјите членки, за пристапот кон социјалните права на младите од средини со помалку можности и Препораките на Комитетот на министри до земјите-членки за младинска работа

### 1. Препораки CM / Rec (2015) 3 на Комитетот на министри до земјите-членки за пристапот кон социјалните права на младите од средини со помалку можности

(Усвоени од Комитетот на министри на 21 јануари 2015 година на 1217-тата средба на замениците министри)

Комитетот на министри, во согласност со член 15.б од Статутот на Советот на Европа, имајќи предвид дека целта на Советот на Европа е да се постигне поголемо единство меѓу нејзините членови, особено со промовирање на младинска политика базирана на заеднички принципи;

Имајќи ја предвид Европската социјална повелба, отворена за потпишување во 1961 година (ЕТС бр. 35) и ревидирана во 1996 година (ЕТС бр. 163), (во натамошниот текст: Европската социјална повелба), особено членот 1 (Правото на работа ), Член 7 (право на заштита на децата и младите), член 9 (право на стручно оспособување), член 10 (право на стручна подготовка), член 11 (право на заштита на здравјето), член 15 (Правата на лицата со инвалидност до независност, социјална интеграција и учество во животот на заедницата), Член 17 (Право на деца и млади лица на социјална, правна и економска заштита), Член 19 (Правата на работниците мигранти и нивните семејството на заштита и помош), член 21 (право на информации и консултации), член 30 (право на заштита од сиромаштија и социјална исклученост) и член 31 (право на

домување), како и релевантните заклучоци и одлуки на Европскиот комитет на социјални правата и извештаите на Владиниот комитет;

Повикувајќи се на Резолуција CM / Res (2008) 23 на Комитетот на министри за младинска политика на Советот на Европа;

Повикувајќи се на следните препораки на Комитетот на министри до земјите-членки:

- Препорака Rec (2003) 8 за промоција и признавање на неформалното образование / учење на младите луѓе;
- Препорака Rec (2003) 19 за подобрување на пристапот до социјалните права;
- Препорака Rec (2004) 13 за учество на младите луѓе во локалниот и регионалниот живот;
- Препорака Rec (2006) 5 за Акциониот план на Советот на Европа за промовирање на правата и целосното учество на лицата со попреченост во општеството: подобрување на квалитетот на животот на лицата со посебни потреби во Европа 2006-2015;
- Препорака CM / Rec (2007) 13 за вклучување на родовите аспекти во главните политики во образованието;
- Препорака CM / Rec (2010) 7 за Повелбата на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права;
- Препорака CM / Rec (2011) 12 за правата на децата и социјалните услуги за децата и семејствата;
- Препорака CM / Rec (2011) 14 за учество на лицата со инвалидност во политичкиот и јавниот живот;

Повикувајќи се на Препораките на Парламентарното собрание 1437 (2000) за „Неформално образование" и 1978 (2011) „Кон европска рамковна конвенција за правата на младите", како и одговорите на нив усвоени од Комитетот на министри;

Повикувајќи се на Ревидираната европска повелба на Советот на Европа за учество на млади луѓе во локалниот и регионалниот живот и Резолуцијата 319 (2010) за интеграција на младите луѓе од средини со помалку можности од Конгресот на локални и регионални власти;

Имајќи ги предвид:

- последната декларација усвоена од Петтата конференција на европските министри одговорни за млади (Букурешт, 27-29 април 1998 година), особено на референците кои се однесуваат на младинското учество и активно граѓанство, неформалното образование, интеграцијата во општеството и социјалната кохезија;
- последната декларација усвоена од Шестата конференција на европски министри одговорни за млади (Солун, 7-9 ноември 2002 година), особено на референците кои се однесуваат на пристапот на младите луѓе, особено оние со помалку можности, до информации кои ги засегаат и да се поттикне развојот на националните политики за млади врз основа на општи заеднички принципи и да се вклучат младите луѓе и нивните организации колку што е можно повеќе во изготвувањето на овие политики;
- Декларацијата и Акциониот план усвоени на Третиот самит на шефови на држави и влади на Советот на Европа (Варшава, 16-17 мај 2005 година) во кој се наведува дека Советот на Европа дополнително ќе ја развие својата единствена позиција во полето на младите;
- Декларацијата „Остварување на родовата рамноправност во реалност" од мај 2009 година, при што Комитетот на министри ги повика државите членки целосно да се посветат на премостување на јазот помеѓу де јуре и де факто еднаквост преку ефективна интеграција на родовите аспекти во главните политики;
- Стразбурската декларација за Ромите, усвоена од Комитетот на министри (CM (2010) 133) на 20 октомври 2010 година, во која земјите-членки на Советот на Европа се согласија да усвојат и спроведат антидискриминаторско законодавство, особено во областа на вработувањето, пристап до правда и обезбедување на стоки и услуги, вклучувајќи пристап до домување и клучни јавни услуги, како што се здравството и образованието;
- Декларацијата усвоена на 8-тата конференција на европските министри одговорни за млади и Агендата 2020 - Програма за иднината на младинската политика на Советот на Европа;

- Општата препорака бр. 13 (CRI (2011) 37) на Европската комисија против расизам и нетолеранција за борба против анти-циганизмот и дискриминацијата против Ромите;

Имајќи ја предвид работата што ја спроведува младинскиот сектор на Советот на Европа за промовирање на човековите права, социјалната вклученост и активното учество на младите, особено преку проектот "ENTER!", имплементиран од 2009 година;

Потенцирајќи дека пристапот до квалитетно образование, сигурно вработување, пристојни услови за живеење, соодветен транспорт, здравствена заштита, технологија и можности за социјално, културно и економско учество е предуслов за вклучување и активно граѓанство на сите млади луѓе;

Свесни дека младите луѓе од средини со помалку можности особено оние што живеат во сиромаштија, во нивната транзиција кон целосна автономија и зрелост, се повеќе ранливи на сите видови ризици, вклучувајќи го и лошото физичко и ментално здравје, злоупотреба на супстанции, самоповредување, насилство, дискриминација и исклучување;

Признавајќи дека многу млади луѓе од средини со помалку можности се мотивирани да придонесат за подобрување на нивните сопствени ситуации и на нивните заедници; и препознавање на позитивната улога што тие и нивните организации можат да ја играат за социјална кохезија;

Свесни за тековните демографски промени низ цела Европа и за прашањата на миграцијата, вклучувајќи ги и младите; преокупиран од континуираното влошување на социјалната состојба и шансите за живот на младите луѓе во контекст на европската економска криза.

1. Препорачува владите на земјите-членки да развијат и имплементираат одржливи јавни политики засновани на докази кои ги земаат предвид специфичните ситуации и потреби на младите луѓе од средини со помалку можности. Овие политики треба да се стремат кон спречување и искоренување на сиромаштијата, дискриминацијата, насилството и исклучувањето со кои се соочуваат таквите млади луѓе преку напори за:
    i. подобрување на условите за живот на младите луѓе од средини со помалку можности, преку обезбедување на пристапни, достапни и за младите пријателски, јавни услуги и други мерки во областите: образование и обука, вработување и занимање,

здравство, домување, информации и советување, спорт, слободно време и култура;

ii. спроведување на конкретни мерки за укинување на сегрегацијата и изолацијата кои влијаат негативно на срединитe со помалку можности, без оглед на нивната локација;

iii. промовирање на значајни можности и програми за консултации и учество на млади луѓе од срединитe со помалку можности во сите прашања поврзани со планирањето и управувањето со нивната животна средина;

iv. спроведување на конкретни мерки за да им овозможи на сите млади луѓе да ја остваруваат својата активна улога во општеството без дискриминација;

v. препознаавање на улогата на неформалното образование и младинската работа и на оние кои спроведуваат неформално образование и младинска работа, особено младинските работници и младинските организации, за спречување на дискриминација, насилство и исклучување како и за промовирање на активно граѓанство во средини со помалку можности и обезбедување поддршка за нивниот развој;

vi. развивање на родово сензитивни пристапи за елаборација на младинските политики во средини со помалку можности и обезбедување поддршка за градење на капацитетите и еднакво учество на млади жени и млади мажи;

2. Препорачува владите на земјите-членки да ги земат предвид мерките предложени во Анексот на оваа препорака при формулирањето и спроведувањето на политиките и програмите и да ги охрабрат локалните и регионалните власти да го сторат истото;
3. Препорачува властите одговорни за младите во земјите-членки да обезбедат дека оваа препорака, вклучувајќи го и нејзиниот додаток, е преведена и дисеминирана колку што е можно пошироко, особено кај младите луѓе кои користат комуникациски средства за млади;
4. Бара од Генералниот секретар на Советот на Европа да ја доведе оваа препорака до владите на државите членки на Европската културна конвенција (ЕТС бр. 18) кои не се членки на Советот на Европа.

## 1.1. Анекс кон Препораките CM/Rec(2015)3

Предложени мерки за пристап до социјални права за млади луѓе од обесправените населби

Овој додаток предлага голем број мерки што може да ги преземат локалните, регионалните или националните власти во рамките на нивните надлежности, а со должно внимание кон спецификите на националните реалности. Тие се развиени врз основа на искуства на дирекна младинска работа сппроведена вп рамките на проектот „Enter!", кој започна да се спроведува од младинскиот сектор на Советот на Европа со меѓусекторски партнери од 2009 година. Тие се засновани на реалните животи на младите луѓе од средини со помалку можности и искуствата на младинските работници, креаторите на политиките, истражувачите и сите засегнати страни на младинскиот сектор во Советот на Европа. Тие нудат рамка во која надлежните државни органи, од национално до локално ниво, можат да ги концептуализираат нивните напори за поддршка на младите луѓе кои се соочуваат со предизвици во пристапот до нивните социјални права, особено оние од средини со помалку можности. И покрај тоа што се корисни за сите млади луѓе за пристап до социјалните права, овие предлози можат да имаат поголемо влијание врз младите луѓе во средини со помалку можности, бидејќи тие најверојатно ќе искусат насилство, исклучување и дискриминација.

Властите на земјите-членки одговорни за млади се охрабруваат да ги дисеминираат и имплементираат овие препораки и нивните предлози, да ги инкорпорираат во националните младински и социјални политики, да ги информираат локалните и регионалните власти за нив и да им обезбедат поддршка во напорите за спроведување и иницирање на меѓусекторски и меѓу-агенциски партнерства за пристап на младите луѓе кон социјални права. Претставниците на младите, особено оние кои се најмногу засегнати, треба да бидат вклучени во дискусиите и процесите на донесување одлуки поврзани со препораките.

Релевантните власти се охрабруваат да се вклучат во следењето, евидентирањето и евалуирањето на напредокот на иницијативите за млади и социјална политика кои произлегуваат од овие препораки, применувајќи интердисциплинарен пристап, со собирање докази за потребите на младите од

колку што е можно повеќе релевантни извори, преку вклучување најширокиот можен спектар на социјални партнери и обезбедување дека оние кои се најзасегнати (како што се младите во средини со помалку можности, младинската работа и младинските организации кои ги поддржуваат) се вклучени како еднакви партнери во таквите напори. Реалноста на младите луѓе кои живеат во обесправените населби, толку често утврдени со повеќекратна дискриминација, обесправеност и маргинализација, мора да бидат во центар на загриженост во целост.

## A.Подобрување на условите за живот на младите луѓе во средини со помалку можности

### i. Образование и обука

Младите во средини со помалку можности се соочуваат со широк спектар на бариери за целосно уживање на правото на образование и предизвици за исполнување на нивниот образовен потенцијал, од недостаток на физички пристап до образовните институции, преку слаб квалитет на образование се до неуспех во образованието. Следниве мерки им помагаат на младите луѓе што живеат во средини со помалку можности при пристапот до нивното право на образование:

- инвестирање во образование и обука за средини со помалку можности од предучилишно образование до високо образование;
- спроведување на родово сензитивно и други форми на сензитивно буџетирање на корисниците со цел да се промовира еднаков пристап и уживање на образовните ресурси;
- ажурирање на образовните наставни програми за истите да се направат порелевантни за потребите на младите, за нивната вработливост и за предизвиците со кои се соочуваат младите луѓе кои влегуваат на пазарот на трудот;
- правење на стручното оспособување поатрактивно и релевантно за младите луѓе кои не се навикнати на академски методи на образование;
- подобрување на статусот, препознавањето и ресурсите на стручното насочување во училишниот систем;

- обезбедување дополнителна поддршка (за купување книги, облека, оброци итн.) на оние кои не можат да ги подмират трошоците поврзани образованието за да се осигура дека пристапот до образование не зависи од финансиските ресурси на поединците и нивните семејства;
- создавање механизми преку кои училиштата и образовниот кадар можат да ги проценат и идентификуваат учењето и социјалните проблеми и културните или кои било други препреки за успешно завршување на образованието, што е можно порано и да спроведат конкретни мерки за да се спречи напуштањето на училиштето од учениците;
- обезбедување на можности за „ втора шанса за образование" на млади луѓе кои рано го напуштиле образованието, вклучувајќи програми за неформално образование и мобилност и за зголемување на самодовербата и претприемачкиот дух како и обука заснована на работа за стекнување вештини и квалификации;
- промовирање на развојот на неформални образовни партнерства меѓу училиштата, младинските работници и независните младински организации како дел од сеопфатната стратегија за доживотно учење во чиј центар се поставени потребите на учениците и нивното активно учество;
- вклучувајње на едукација за демократско граѓанство и образование за човекови права во наставните програми, особено на основно и средно ниво, и создавање партнерства помеѓу наставниците и младинските работници за меѓусебна поддршка во нивното спроведување;
- спроведување специфични мерки преку активности за медијација, меѓу другото, да се направи училишта безбедни и ослободени од малтретирање, како и сите деминстрации на предрасуди, дискриминација, сегрегација, сексуално вознемирување и сите форми на насилство;
- промовирање на сеопфатно здравје, исхрана и сексуално образование и информации за младите луѓе, со цел да ги поддржат во донесувањето на информирани одлуки;
- развивање на партиципативни училишни заедници преку механизми за вклучување на избрани претставници на учениците во процесите на донесување одлуки во училиштата;

- прилагодување на програмите за обука на наставниците за предизвиците на работа со млади луѓе од средини со помалку можности преку вклучување на нови содржини (како што се социјални прашања, социјален идентитет и грижа на младите луѓе) и нови пристапи (на пример меѓукултурна, родова еднаквост и медијација) и преку развивање на партнерства помеѓу професионалци блиски до младите луѓе (како што се младинските работници) и релевантни програми за обука;
- промовирање и олеснување на мобилноста за учениците меѓу различни сектори за учење, со други зборови, помеѓу училиштата и програмите за неформално образование / учење преку конкретни мерки, вклучувајќи го и можното препознавање и сертификација на учењето стекнато преку неформално и неформално образование / учење;
- земајње предвид на посебните околности и бариери кои го комплицираат пристапот до образованието кај младите луѓе чии семејства водат номадски животен стил, се ангажираат во привремена миграција (на пример, миграција на работна сила) или кои имаат статус на бегалец или барател на азил ,во развојот на образовни стратегии и политики.

## ii. Вработување и занимање

Младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности се соочуваат со сериозни предизвици во нивните транзиции кон работниот живот, вклучувајќи недостаток на квалификации, слаба самодоверба, стигма или дискриминација, а понекогаш и несигурни работни услови на пазарот на трудот. Овие предизвици се влошуваат од фактот дека населбите во кои живеат честопати се периферни, изолирани и сегрегирани. Следните мерки се ефективни во олеснувањето на транзицијата на млади луѓе од средини со помалку можности кон одржливо и сигурно вработување:

- прилагодување на стажирањето, обуките и стручните програми како истите би биле инклузивни, поврзани со можностите за вработување и со јасно дефинирани патеки за прогресија;
- развивање на сите напори (особено преку законодавство) за да се обезбеди соодветно наградување на стручното образование како истото би било

примамлива и остварлива опција за младите од средините со помалку можности;

- обезбедување (особено преку легислатива) на практикантството како безбедна и правна форма на вработување и остварлива влезна точка на пазарот на трудот за младите;
- вклучувањето на работодавачите во тој процес, може да обезбеди подобри резултати;
- подобрување на постојните и развивање нови пристапи за младинско информирање и кариерно советување, земајќи ги предвид специфичните бариери што ги искусуваат младите луѓе од средини со помалку можности во потрага по и стекнување на можности за стручна обука, обука и подоцнежно вработување;
- олеснување на пристапот до можностите за учење базирано на работа и во јавниот и во приватниот сектор за млади луѓе од средини со помалку можности, вклучително и преку партнерства помеѓу релевантните социјални партнери;
- поттикнување на надлежните органи (локални власти, образовни институции и др.) да работат во партнерство со други социјални партнери (локални бизниси, големи компании, синдикати, стопански комори) да развијат програми за работно искуство за млади луѓе кои имаат тешкотии во стекнувањето на такви искуство без дополнителна поддршка;
- проучување на можноста за создавање и спроведување на „младинската гаранција", вклучувајќи ги и неопходните мерки за да се осигуа дека ниту една млада личност нема да е надвор од образование, обука или вработување подолго од четири месеци;
- препознавање на искуствата стекнати преку неформалното образование и работата во заедницата како релевантно работно искуство за пазарот на трудот. Ова бара размена на добри практики меѓу релевантните социјални партнери (даватели на образование и обука, работодавачи и нивните здруженија, младински организации, младински работници итн.);
- инвестирање во подобрување на јавниот пристап до информатичките технологии преку постојните јавни услуги (младински центри, јавни библиотеки, медиумски центри, младински информативни и советнички центри итн.);

- вклучување на кариерно советување и мерки за поддршка за младите кои бараат работа во програмите за младинска работа и програмите за развој на заедница како и во институциите за формално образование (работилници за барање информации за вработување, пишување биографија, техники за интервју итн.);
- олеснување на пристапот на младите до микрофинансиски и кооперативни шеми за финансирање, со што ќе се подобрат условите за младинско претприемништво и за социјално претпријатие;
- воведување на релевантни даночни олеснувања и други форми на финансиска поддршка, како стимулации за заинтересираните страни во приватниот сектор, особено локалните бизниси, за да обезбедуваат квалитетно вработување за млади;
- инвестирање во прифатливи јавни установи за згрижување на деца кои можат да бидат компатибилни со работното време за да го олеснат пристапот на младите родители на пазарот на трудот;
- обезбедување стимулации за јавните и приватните чинители за спроведување мерки кои се чувствителни на предизвиците со кои се соочуваат младите семејства во усогласување на нивниот работен и семеен живот (шеми за родителски одмор за татковци, флексибилни работни договори, установи за згрижување деца итн.);
- развивање на стратегии и политики за вработување сензитивни на специфичните бариери за вработување со кои се сочиваат младите

## iii. Домување

Младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности се соочуваат со сериозни бариери за независно живеење, вклучувајќи го и стекнувањето на пристоен, достапен и сигурен дом. Дискриминирани на приватниот пазар честопати и без можност за пристап до социјални станови, тие се во ризик од бездомништво или живеење во лоши животни услови кои се штетни за нивното здравје и благосостојба и кои ги спречуваат да останат во образованието или да најдат работа и останат вработени. Следните мерки се покажаа како ефикасни во помагањето на младите за пристап до домувањето:

- поттикнување на надлежните органи да спроведуваат мерки за подобрување на пристапот на младите луѓе од средини со помалу можности до соодветни и пристапни станови;
- активно разгледување на посебните потреби за домување на најранливите групи, вклучувајќи ги и младите луѓе кои се изложени на ризик од бездомништво или се веќе без покрив над главата, млади семејства, млади луѓе, особено припадници на малцинствата и жртви на семејно насилство, во планирањето и спроведувањето на страте_ија за домување со можност за вклучување во процесите на одлучување;
- поедноставување на процесите за добивање помош за домување преку интензивна координација помеѓу јавните станбени и други релевантни социјални услуги;
- олеснување на ширењето на најнови информации за достапната помош за домување и домување преку релевантни млади пријателски средства за комуникација и искористување на постојната јавна инфраструктура, како што се младинските информативни центри и младинските работни места;
- поттикнување и помагање на надлежните органи да развиваат „мешани пазари на станови" кои вклучуваат широк спектар и разновидност за домување поаѓајќи од социјални станови преку приватно изнајмување, прилагодени на потребите на младите луѓе што почнуваат независен живот;
- поддршка на одговорните органи во спроведувањето на „шеми на мешовито домување" со цел да се обезбеди внатрешна разновидност на локалните заедници и да се спречи сегрегацијата и гетоизацијата;
- воведување на механизми за почитување на минималните стандарди за безбедност, здравје и хигиена на пазарот на недвижнини (приватни и јавни), вклучувајќи го и спроведувањето на мерките за информирање на релевантните органи (место инспекции, механизми за жалби) во соработка со институциите надлежни за заштита на потрошувачите или други релевантни институции за непочитување на таквите стандарди. Информациите за вакви стандарди и механизми треба да бидат широко распространети со употреба на најразлични средства за комуникација со млади;

- обезбедување на „места за запирање", со пристап до чиста вода, електрична енергија и соодветна санитација, за употреба од заедниците на патници/номади, дополнети со можност за соодветна поддршка и медијација, доколку таквите иницијативи наидат на отпор кај заедницата.

### iv. Здравје

Младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности, се поподложни на специфични здравствени ризици, а помала е и веројатноста дека истите ќе можат да пристапат и да користат квалитетни здравствени услуги за превенција и нега. Следните пристапи покажаа се покажаа како добри во поддршката на младите луѓе кои имаат потешкотии во остварувањето на своето право на здравје:

- олеснување на пристапот на младите луѓе од средини со помалку можности до бесплатна здравствена заштита преку здравствени и социјални услуги кои ги задоволуваат младите како и здравствено информирање преку младински средства за комуникација (особено со употреба на социјални медиуми и интернет);
- обрнување на посебно внимание на здравствените потреби на особено ранливите групи на млади луѓе кои се соочуваат со повеќе форми на исклучување (вклучувајќи млади Роми и жени мигранти, млади луѓе со нарушено ментално здравје, млади луѓе со посебни потреби, млади луѓе со ХИВ итн.);
- справување со културни или други бариери и ставови што го отежнуваат пристапот на младите луѓе, вклучувајќи јазични бариери помеѓу пациентите и медицинските професионалци, преку примена на соодветни мерки (на пример, доколку е потребно, обезбедување толкување, културно посредување итн.);
- инвестирање во развој и имплементација на младински здравствени програми и услуги за советување во криза, преку програми за едукација, зголемување на свеста и поддршка на здрави и одговорни начини на живеење (особено во однос на злоупотреба на супстанции, зависност, сексуално и репродуктивно здравје, рана, непланирана или кризна бременост, менталното здравје, спорт, исхрана, семејни и перспективи на

работа и целокупната благосостојба), преку постоечката младинска работа, образованите и социјалните институции во заедницата. Младинските работници, социјалните работници и медицинските сестри можат ефикасно да се вклучат во промовирањето и ажурирањето на таквите програми во средините со помалку можности;

- создавање програми за поттикнување на лекарите, медицинските сестри и здравствените работници во заедницата за ажурирање на нивните компетенции во областите како што се: интеркултурни аспекти на професионалните односи меѓу пациентите, родовата сензитивност, намалување на отпорот кон дискутирање за медицинските прашања, пријателски пристап во здравствената заштита на младите итн. преку разни мерки (вклучувајќи можности за доживотно учење, размена на практики и експертиза со други професионалци кои работат во средини со помалку можности итн.);
- изработка на здравствени стратегии, земајќи ги предвид потребите на засегнатите млади луѓе, преку директно вклучување на млади луѓе и младински работници од средини со помалку можности во процесите на развој и одлучување;
- промовирање на спортот како начин за одржување на здрав начин на живот и за спречување на идните здравствени проблеми, внатре и надвор од училиштето, со мерки за обезбедување на целосен и еднаков пристап до јавни спортски објекти, вклучувајќи и инвестирање во нивно обезбедување или подобрување.

## v. Информирање и советување

Младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности, поради нивната локација и недостаток на ресурси, имаат ограничен пристап до информации и советување. Сепак, тие се меѓу оние на кои најмногу им се потребни таквите услуги. Следниве пристапи го подобруваат пристапот до информации и советување за овие млади луѓе:

- инвестирање во подобрување, а таму каде што тие не постојат, согледување на можностите за создавање на сеопфатни и целосно достапни младински информативни сервиси кои целосно ги

искористуваат новите информатички и комуникациски технологии (ИКТ) и обезбедуваат ажурирани информации за млади, меѓу другото, за социјалните права, граѓанското и социјалното учество и можности за меѓународна мобилност;

- обезбедување на достапни обуки за интеркултурна и родова чувствителност на располагање наменети за професионалците кои работат во младинските советувалиште како и други професионалци кои работат директно со младите луѓе;
- обезбедување на услуги за информирање и советување за млади преку постоечката инфраструктура во заедницата (здравствени центри, младински центри, училишта, младински организации итн.)
- спроведување на мерки за следење и обезбедување квалитет и ефективност на младинските информативни и советодавни услуги изработени и применети врз основа на признати стандарди за квалитет на вакви сервиси.

## vi. Спорт, рекреација и култура

Спорт, слободно време и култура станаа сé поголеми добра ширум Европа, за кои честопати се потребни значителни финансиски трошоци што младите луѓе од средини со помалку можности не можат да си ги дозволат. Другите бариери, како што се ограничената свест, лошото ниво на информираност, физичката дистанца или лошата достапност, дополнително го предизвикуваат пристапот на младите до спорт, слободно време и култура, што парадоксално се препознаваат како одлични канали за учество и активно граѓанство. Следните мерки се покажаа корисни во подобрувањето на пристапот до културата, одмор и спорт кај младите луѓе од средини со помалку можности:

- опремување на средините со помалку можности со целосно достапни и прифатливи објекти за спорт и рекреација како и подобрување на оние кои веќе постојат, со целосно учество на засегнатите заедници во врска со изборот на потребните објекти;
- интегрирање на стратегии за развој на заедницата и за активно учество, со цел маскимизирање на можностите за целосно искористување на постојните сервиси (младинска работа, образование, услуги во

заедницата, информации и советодавни услуги, културни институции итн.);

- препознавање на потенцијалот на спортот и културата за промовирање на активно учество и активно граѓанство на младите, социјална кохезија, вклучување и благосостојба, и давање на поголеми приоритет на спортот и културата во програмите за развој на заедницата;
- признавање на специфичните предизвици со кои младите можат да се соочат кога се обидуваат да спортуваат, или да учествуваат во активностите на младинска работа или други активности кои се надвор од контролата на нивните семејства како и спроведувње на родово и културно сензитивни мерки за обезбедување на пристап и вклучување на младите луѓе од двата пола во таквите активности;
- подобрување на пристапноста и достапноста на културните можности, вклучувајќи театар, концерти или изложби за млади луѓе од средини со помалку можности;
- обезбедување на насоки и можности за да можат младите луѓе од средини со помалку можности активно да придонесуваат за подобрување на нивните заедници преку ефективно користење на нивните таленти и културна креативност.

**Б. Разбивање на сегрегацијата и промовирање на социјалната вклученост**

Младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности, без разлика дали намерно или преку занемарување, честопати се соочуваат со изолација и сегрегација. Ова е основа за нивно понатамошно стигматизирање и влошување на дискриминацијата што ја доживуваат надвор од своите средини, што често резултира со маѓепсан круг на исклучување и чувство за заробеност.

Следните мерки се покажаа како ефикасни во промовирањето на социјалната вклученост, бидејќи тие ги третираат причините и симптомите на сегрегација и изолација:

- признавање дека сите млади луѓе треба да имаат еднаков пристап до јавните услуги и добра. Инвестирање во удобни и прифатливи транспортни услуги онаму каде што надлежните органи не можат да

обезбедат пристап до основните јавни сервиси (вклучувајќи пошти, локални центри, центри за младинска работа, служби за вработување и информатички и комуникациски технологии);

- опфаќање на најизолираните млади луѓе од периферните и сегрегираните средини кои се соочуваат со недостаток на можности, во информативни програми и програми за неформално образование како и други можности за активно учество (пример преку „мобилна младинска работа");
- решавање на специфичните потреби на сегрегирани и изолирани загрозени заедници преку меѓусекторска соработка и сроаботка меѓу различно нивоа на власт како и преку развивање на стратегии за подобрување на заедницата, со директно вклучување на младите од засегнатите заедници.

**В. Промовирање на значајни можности за учество во планирањето и управувањето со нивната животна средина**

Политички гледано, младите луѓе од средини со помалку можности се меѓу најзагрозените и најисклучените групи во пошироката заедница, дури и во процесите на донесување одлуки кои имаат директно влијание врз нивниот живот. Учеството во вакви процеси е важен механизам за остварување на активно граѓанство. Консултирањето на младите луѓе за прашања поврзани со урбанистичкото планирање и управувањето со нивната животна средина обезбедува доказ за вистински потреби и грижи кои треба да се решат преку различни политики. Следните мерки придонесуваат за подобрување на консултациите и учеството на младите луѓе од средини со помалку можности во процесите на донесувањето одлуки за нивната животна средина и други прашања од интерес за нив и пошироката заедница:

- развивање на инклузивни и транспарентни процеси кои им овозможуваат на младите луѓе и нивните претставници да учествуваат во планирањето на нивната животна средина (на урбано, заедничко и соседско ниво) и во кои потребите на младите луѓе, достапноста на основните јавни услуги и погодностите во заедницата се прописно признати и се центар на планирањето. Примери за добра практика вклучуваат воспоставување, на пример, на локално и регионално ниво, на младински советодавни тела,

како што се општинските совети за млади, младински парламенти или форуми, овозможувајќи им на сите млади луѓе, независно од тоа дали припаѓаат или не на организации или здруженија, да ги изразат своите мислења и да презентираат предлози за формулирање и и плементација на политиките кои ги засегаат, како и принципите на ко-менаџирање во младинскиот сектор на Советот на Европа;

- користење на локации и медиуми кои се популарни кај младите луѓе (социјални медиуми, младински организации и центри, спортски клубови, јавни простори) за информирање и консултирање на младите луѓе во процесите на планирање кои се релевантни за нив и за средината во која живеат;
- обезбедување одржлива поддршка за младински организации кои се активни во средини со помалку можности заради опфаќање и на најтешкодостапните млади луѓе и за олеснување на нивното учество во процесите на донесување на одлуки за прашања од нивен интерес.

**Г. Обезбедување можности за целосно остварување на потенцијалот за/и активното учество на сите млади луѓе без никаква дискриминација**

Дискриминацијата со која се соочуваат многу млади луѓе што живеат во средини со помалку можности поради социјални предрасуди, изолација и др. дополнително ги влошува препреките за нивно активно граѓанство. Мерките, преку младинска работа, кои промовираат кохезија и позитивни односи меѓу луѓето од различно потекло, беа ефективни во спречувањето и отстранување на дискриминацијата. Следните мерки можат да го поттикнат активното граѓанство на младите луѓе:

- активно поддршка преку различни мерки, вклучувајќи обезбедување на финансиски средства, развој на проекти и поддршка за управување, објекти и / или градење на капацитети, на иницијативите на младите луѓе од средини со помалку можности и нивните организации кои имаат за цел: кохезија на заедницата, заемно разбирање меѓу жителите на заедницата, борба против негативните ставови кон луѓето од различно социјално и културно потекло, намалување на стигмата и предрасудите и

промовирање на пристапот до социјалните права, човекови права, вклучување, итн.

- поддршка на проекти кои промовираат инклузивна достапност, на пример, обезбедување информации и активности достапни за членовите на заедницата во традиционални и алтернативни формати;
- зголемување на инвестициите во младинската работа (вклучително мобилна младинска работа), погодностите за заедницата и младинските организации кои ангажираат млади луѓе во активностите за промовирање на активно граѓанство, социјална кохезија, интеркултурен дијалог и други активности кои ги спојуваат младите луѓе од средините со помалку можности со нивната поширока заедница,
- спроведување мерки за обезбедување на достапност до сите јавни објекти отворени за млади луѓе со попреченост и нетипичен развој, во согласност со принципите на Универзалниот дизајн прифатени како стандард за пристапност;
- признавање на специфичната ранливост на одредени групи на млади луѓе во однос на сите видови дискриминација и стигматизација и развивање, каде што е соодветно, конкретни мерки за решавање на овој проблем.

**Д. Препознавање и поддршка на неформалното образование, младинската работа, младинската организација и младинските работници во средини со помалку можности.**

Неформалното образование и младинската работа повторно и повторно се покажаа како ефективни во помагањето на младите да најдат пристап и решенија за надминување на недостатоците што ги искусуваат и да станат активни и конструктивни соработници во развојот на нивните заедници и општеството во целина. Сепак, младинската работа и неформалното образование, како и нивните даватели на услуги, младинските организации и воопшто младинските работници имаат тенденција да страдаат од слабо социјално и политичко признавање и често се сметаат за професии со низок статус. Следните мерки ја зголемуваат вредноста на младинската работа и неформалното образование и придонесуваат за развој на заедницата низ цела Европа:

- поттикнување на одговорните органи да ја препознаат и вреднуваат младинската работа како важна мерка за поддршка на кохезијата на заедницата, преку разни мерки, вклучително и консултации со професионалци за младинска работа во креирање на стратегии и развој на политики и процеси за подобрување на животот на младите луѓе со помалку можности, како и нивно вклучување во имплементација на тавките стратегии и политики;
- обезбедување финансиска помош за младински работници и младински организации, особено поедноставување на процедурите за финансирање; олеснување на доживотното учење кај младите работници; поттикнување на размена на експертиза помеѓу младинските работници и други професионалци кои работат со млади луѓе; подобрување на условите за работа и статусот на младинска работа, итн.;
- поддршка на професионалците за младинска работа и младински организации кои обезбедуваат неформално образование, во промовирањето на најдобрите практики, преку примена на различни мерки, вклучувајќи релевантни законодавни и политички мерки;
- преземање мерки за да се осигура дека средината ги зајакнува младинските организации кои се активни во младинската работа и неформалното образование во средините со помалку можности, вклучително и преку обезбедување на одржливо финансирање и други форми на структурна поддршка.

## Ѓ. Подобрување на родовата еднаквост на младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности

Младите жени кои живеат во средини со помалку можности, имаат тенденција да бидат поизложени на ризици од социјална исклученост и затоа бараат дополнителна поддршка за остварување на нивните социјални права. Следните мерки ефикасно придонесуваат кон промовирање на родова еднаквост и подобрување на пристапот до социјалните права на младите луѓе кои живеат во средини со помалку можности:

- поттикнување на младите родители (особено на младите мајки) од средини со помалку можности да продолжат или да се вратат во процесот

на образование или обука или да се вработат, вклучувајќи соодветни системи за бенефиции и услуги за поддршка на децата;

- обезбедување на конкретни мерки за поддршка на младите жени и мажи кои живеат во средини со помалку можности во искажување на прашањата кои ги засегаат нив и нивниот живот, преку платформи кои го олеснуваат нивно учество во младинските организации, политичкиот живот и во општеството;
- поддршка на лидерството на младите луѓе во заедницата преку различни мерки, вклучувајќи и поддршка на родовите младински организации, ко-едукативна младинска работа и иницијативи за развој на родово сензитивни момчиња / млади мажи.

**Е. Спречување на сите форми на насилство во обесправените соседства**

Срединиите со помалку можности честопати се соочува со насилство, внатре и надвор од домот, во кое младите луѓе се јавуваат или како жртви или како сторители. Многубројните форми на насилство што можат да се набљудуваат создаваат атмосфера на страв и дополнително ја зголемуваат предрасудите и дискриминацијата на младите од таквите средини. Следниве пристапи може да помогнат да се спречи и запрете насилството:

- создавање платформи за дијалог меѓу различните надлежни чинители на локално, регионално и национално ниво (вклучувајќи ги и полицијата, органите за младинската правда и службите за условна казна, здравствените и социјалните услуги како и младинските работници) и младите во срединиите со помалку можноси и нивните претставници (младински организации, давателите на услуги на младинска работа итн.) да идентификуваат причини и стратегии за ефикасно борба против сите форми на насилство во соседството;
- креирање и спроведување програми за формално и неформално образование кои се однесуваат на злоставување, сексуално вознемирување, родово насилство и сите други форми на насилство распространети во срединиите ос помалку можности;

- обезбедување на мерки за поддршка за процесот на опоравување на младите жртви на насилство и ширење на информации за постоење на вакви мерки во средините со помалку можности, користејќи различни средства најпогодни за комуникација со млади;
- охрабрување на младите жртви да го пријават родовото насилство во полицијата, истовремено обезбедувајќи пристап до услуги за да обезбедат нивна безбедност, вклучувајќи ја и достапноста на местата за алтернативно сместување за нив и нивните деца, релевантно советување и финансиска поддршка;
- спроведување на обука за човекови права на полицијата, правните професионалци и претставници на други одговорни органи вклучени во справувањето со насилството во срединие со помалку можности;
- поттикнување на полициските службеници да ги заштитат младите луѓе во срединиte со помалку можности од насилство, вклучително и примена на јасни ефективни санкции доколку не го сторат тоа;
- олеснување на иницијативи кои имаат за цел поддршка на процесот на опоравување на сторителите на насилство, социјална реинтеграција на млади престапници и спречување на говор на омраза и злосторства од омраза.

## 2. Препорака CM / Rec (2017) 4 на Комитетот на министри до земјите-членки за младинска работа

**(Усвоена од Комитетот на министри на 31 мај 2017 година, на 1287-тиот состанок на замениците министри)**

Комитетот на министри, според условите од член 15.б од Статутот на Советот на Европа,

